Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

Филозофски факултет

Институт за педагогија

14962
24. 11. 15

# СОВРЕМЕНОТО ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ХУМАНИЗАЦИЈА НА ЛИЧНОСТА НА УЧЕНИКОТ

-докторска дисертација-

Ментор
Проф. д-р Марија Костова

Кандидат
м-р Лидија Камчева - Панова

Скопје, 2015

Посветено на мојата ќерка Мила

## СОДРЖИНА


**ВОВЕД....................................................................................................1**

**I Теоретско согледување на проблемот**

**1.Историски основи на воспитанието во функција на хуманизација на личноста ..........................................................................................3**

1.1 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во првобитното општество.........................................................................................3

1.2 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во робовладетелското општество...........................................................4

1.3 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во феудалното општество.........................................................................................6

1.4 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во капиталистичкото општество (XIV – XVI век).........................................................8

1.4.1 Педагошките мисли во периодот на хуманизмот и ренесансата................9

1.4.2 Хуманистичките идеи кај раните социјал утописти.............................15

1.5 Воспитанието и образованието во функција на хуманизација на личноста во XVII – XVIII век (Џон Лок 1632-1704; Јан Амос Коменски (1592-1670) и Жан Жак Русо 1712-1778)...........................................................................16

1.6 Воспитанието и образованието во функција на хуманизација на личноста во XVIII – IX век (Хербарт, 1776-1841; Песталоци 1746-1827 и марксистите)..........21

**2.Одредување на поимот хуманизам..........................................................29**

**3.Хуманистичко воспитание и хуманистичка педагогија.............................32**

3.1 Хуманистичко воспитание – воспитание за позитивна слика за себе............32

3.2 Хуманистичко воспитание – воспитание за хуман однос меѓу жени и мажи..34

3.3 Хуманистичко воспитание – воспитание за човекови права..........................35

3.4 Хуманистичка педагогија....36

**4. Очовечувањето како воспитен идеал....38**

**5. Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието....40**

5.1 Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието засновано на битните човечки определби....41

5.2 Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието засновано на структурата на психичкиот живот....42

5.3 Хуманистичката теорија на личноста на Абрахам Маслов....43

**6.Поим за современо училиште....50**

6.1 Промени и тенденции во современото училиште во функција на хуманизација на личноста на ученикот....53

**7. Воспитната функција на училиштето во функција на хуманизација на линоста на ученикот....57**

**8. Состојбата во Македонија и перспективите во однос на хуманизацијата на личноста на ученикот....60**

**9.Вредонстите на наставникот и особините на личноста на наставникот во функција на хуманизација на личноста на ученикот....73**

## II Методологија на истражувањето

**1.Предмет на истражувањето....78**

**2.Цел и задачи на истражувањето....78**

**3.Хипотези на истражувањето....79**

**4.Варијабли на истражувањето....80**

**5.Примерок на истражувањето....80**

**6. Карактер на истражувањето....82**

**7.Методи на истражувањето....82**

**8.Техники и инструменти на истражувањето.....................................................83**

**9.Обработка на податоците од истражувањето................................................84**

**10.Етика во истражувањето и одговорен истражувач......................................84**

## III Анализа и интерпретација од резултатите од истражувањето

**1.Анализа на содржината од програмата и целите за работа на Часот на одделенска заедница во предметна настава во деветгодишно основно образование.....................................................................................................86**

**2.Анализа на содржината од програмата и целите по наставниот предмет - Етика во VII одделение од деветгодишно основно образование ............91**

**3.Анализа на содржината од програмата и целите по наставниот предмет - Граѓанско образование.............................................................................94**

**4.Анализа на програмата на слободните ученички активности ................96**

**5.Интерпретација на резултатите од анализата на содржината на програмите по Час на одделенска заедница, етика и граѓанско образование.........................................................................................................105**

**6.Анализа на резултатите од прашалникот за наставници и ученици .....107**

**7.Интерпретација на резултатите од прашалниците за наставници и ученици..............................................................................................................162**

**8.Анализа на резултатите од набљудувањето............................................163**

8.1.Обезбедување пристап на теренот...........................................................163

8.2.Резултати од дескриптивно набљудување...............................................163

8.3.Резултати од фокусирано набљудување...................................................165

**9.Заклучок..........................................................................................................174**

**10.Можни решенија и препораки..................................................................178**

**Библиографија..........................................................................................................180**

**Прилози.........................................................................................................186**

Прилог 1 – Програма за општествено хуманитарна работа............................186

Прилог 2 – Социо – емоционална клима........................................................188

Прилог 3 – Програма за мултикултура............................................................190

Прилог 4 – Програма за воспитно влијание на училиштето во учебната 2013/2014 година............................................................................................193

Прилог 5 – Тематско – процесно планирање: Образование за животни вештини за VIII одделение..........................................................................................197

Прилог 6 – Тематско распределение по наставниот предмет Етика..............205

Прилог 7 – Планирање на наставата по наставен предмет Граѓанско образование за осмо одделение...........................................................................218

Прилог 8 – Програма за работа на еколошката секција во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип..................................................................................................................229

Прилог 9 – Програма за работа на секцијата „Љубители на природата“во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип.........................................................................................231

Прилог 10 – Програма за работа на Подмладокот на Црвен Крст при ООУ „Гоце Делчев“ – Штип...................................................................................................233

Прилог 11 – Годишна програма за работа на Детската организација при ООУ „,Гоце Делчев“ за учебната 2013/2014 год......................................................236

Прилог 12 – Програма за работа на Ученичката заедница..............................240

Прилог 13 – Програма за изведување на ученички екскурзии во ООУ „Гоце Делчев“ – Штип во учебната 2013/2014 година.................................................242

Прилог 14 – Прашалник за наставници............................................................245

Прилог 15 – Прашалник за ученици....................................................................249

Прилог 16 – Критични вредности за хи квадрат тест.......................................252

## ВОВЕД

21 век го карактеризира интензивен развој на науката и техниката т.н научно – техничка револуција. Треба да се очекува општ напредок, а на сметка на тоа човештвото запаѓа во криза. Што е причина за тоа? Науката и техниката овозможуваат голема можност за развој, а вистинскиот развој е релативно спор. Што го кочи? Зошто настануваат потешкотии во развојот? Им ли „човечкиот фактор" влијание врз тоа?

„Човечкиот фактор" би морал да ги решава кризите, а тој ги зголемува. Се соочуваме со криза на моралот, криза во меѓучовечките односи, криза во воспитанието, криза на вредностите. Дали „човечкиот фактор" е вистински човечки? Современиот човек дали ги следи човековите настојувања, кои што се провејуваат низ целокупната негова историја? Ги следи ли патиштата на очовечувањето? Ги почитува ли и уважува човековите права и човековото достоинство? Признава ли дека човекот е највисока земска вредност? Сите овие прашања водат кон едно прашање за човековото очовечување, за човековото хуманизирање. Во вакви прилики хуманизацијата на човекот и меѓучовечките односи стануваат општествен проблем и потреба, а воспитанието во духот на хуманизмот, воспитание за хумани односи многу битна, актуелна и општочовечка задача.

P.Russell предупредува дека сме „заплеткани во мрежата на општествената, политичката, економската, еколошката и моралната криза." Преокупирани со тежнеењето кон материјалниот просперитет сме заборавиле на вистинскиот хуманизам, на воспитанието и очовечувањето. „И затоа тврдам дека материјалниот просперитет ако не е поткрепен со зајакнување на воспитанието и културното очовечување ги води луѓето кон анимализација". (Јечич, 1994)

Сведоци сме на криза што го поткрева не само општеството туку и поединецот и го насочува на преиспитување на сопствената свест и одговорност.

Појавите во општеството меѓусебно се поврзани и влијаат една на друга. Воспитанието како општествена појава е зависно од развојот на општеството, но

и самото на него делува. A.Clausses предупредува дека „модерното општество е трка – натпревар во која се тркаат – натпреваруваат воспитанието и катастрофата". (Clausses, 1962).

Сведоци сме на трката помеѓу воспитанието и катастрофата во ова наше време и на овие наши простори. Заборавеме на предвидувањето на A.Clausses дека се наоѓаме прв пат во историјата, пред алтернатива која не допушта одложување или половни мерки. „Или нашето воспитание ќе биде ослободувачко и револуционерно или ќе бидеме неоддоливо одвлечени кон општа заглупеност на односите кои владеат меѓу термитите". (Clausses, 1962)

На овие наши простори хуманоста и демократичноста се претвораат во секојдневна воспитна пракса која често нѐ доведува до парадокс и која често се прекршува под дејство на политичките цели.

Остварувањето на синтезата помеѓу спознанието и чувствата, облагородувањето и освестувањето на младите суштества, развојот на свеста и совеста, културата на срцето и карактерот се темел на вистинска хуманост и вистинска демократичност.

Со брзите промени се создаваат вртлози и вирови кои на посебен начин се одразуваат во воспитанието. Многу млади тешко се снаоѓаат, бараат излез во неприфатените форми на однесување, алкохол, дрога и сл. Ова однесување на младите е последица на целокупната ситуација во секојдневниот живот. Да ги разбереме значи да ги откриеме вистинските причини за нивното однесување.

Личноста се развива и остварува во општеството. Надвор од него личноста не постои, како што нема општество без личности. На макотрпниот пат на развојот на индивидуата како биолошко суштество и личноста како социјално суштество голема улога има воспитанието, училиштето и секако наставниците, нивните меѓусебни односи и особини.

# I *Теоретско согледување на проблемот*

## 1.Историски основи на воспитанието во функција на хуманизација на личноста

Проблемите околу хуманизацијата на учениците, и воопшто, на децата, од теориски, концепциски и практично реализациски карактер, не е можно да се разгледуваат и да се разберат без познавање на нивната историска димензија.

### 1.1 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во првобитното општество

Првобитното општество отсекогаш им го привлекувало вниманието на историчарите бидејќи во него се наоѓаат зародишите на многу општествени форми, социјални и психолошки јавувања кои ќе го условат понатамошниот општествен развој.

Првобитното општество има своја морална физиономија, своја оценка за добродетелта и пороците. Добродетели во него се сметаат: трудољубивоста, чесноста, почитувањето на другите, особено на родителите и повозрасните, самопочитта, другарството итн. Подоцна некои од овие добродетели религиите ќе ги прогласат „за божествени работи" кои ќе се формулираат како канони на будистичката, христијанската религија и исламот.

При услови на ниско развиени форми на општествениот живот , воспитанието во првобитното општество се карактеризира со сеопштост, сестраност и еднаквост. Овие карактеристики на воспитанието се во функција на хуманизација на личноста на детето.

Еднаквоста во општеството ја определува сеопштоста на воспитанието. Сите деца се воспитуваат на еднаков начин. Диференцијација се врши само во однос на возраста и полот. Момчињата се подучуваат од татковците на лов, риболов и др. Девојчињата учат од своите мајки и тоа: како да одгледуваат растенија, како да се грижат за домашните работи. Заедно со поделбата на работата тие ги воспримеаат првите чекори кон нивна хуманизација: смелост, упорност за доаѓање до целта, подготвеност да се споделат нештата со другарот итн.

Воспитанието во првобитното општество го карактеризира сестраност. „Воспитанието", пишува Роберт Алт, „не е само еднакво за сите, туку ги опфаќа и сите страни на човекот. Тоа е сестрано воспитание." (Alt,R.Erziehung und Gesellschalt, Berlin,1975, според R.Tubič)

Секој се развива до највисок можен степен. Сестраноста ја засега хуманизацијата на личноста која опфаќа цел комплекс на морални искажувања, исполнувања на работни задолженија и создадените традиции.

Хуманизацијата на личноста во првобитното општество се одвива во услови на родова организација. Тоа во полна смисла на зборот е колективно дејство на возрасните почитувајќи го воспоставениот ред за одговорност и дисциплина. Самиот пример на возрасните воспитува во духот на почитување на повозрасните и посилните. Така се доаѓа до сознание за етичките норми, за борбата помеѓу доброто и злото. Нивните раскази за соперништво помеѓу силите на доброто и злото се користат како дејство за хуманизација на личноста која ќе се пренесува на идните поколенија.

„Моралните прашања и очовечувањето, се усвојуваат по пат на поучување. Правото за тоа поучување го имаат најстарите. Тие се носители на целата мудрост. За непочитување и за неисполнување на заповедите постојат физички казни, но и морални казни: изгонување од племето, презир за извршените зло дела итн." (Атанасов, Ж., 1985)

## 1.2 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во робовладетелското општество

Во робовладетелското општество со класното раслојување ќе се смени и карактерот на воспитанието. Децата на богатите се подучуваат и одат во чекор со науката. Децата на угнетените и робовите се осудени само на физичка работа. Ова раслојување се одразува негативно и врз очовечувањето на личноста на возрасните и секако на децата. Носителите на власта имаат чувство на полни господари, се воспитуваат во духот на класна надмоќност и сметаат дека се одредени од Бога да господарат. Спрема угнетените и робовите се однесуваат со презир. Сметаат дека можат да ги експлоатираат и убиваат без

никаква морална одговорност. Од децата на потиснатите слоеви се бара беспрекорна послушност, над нив се врши насилство, им се влева страв и непочитувањето жестоко се казнува. Специфични особини на вакво воспитание среќаваме на Древниот Исток. Висока материјална и духовна култура ја карактеризира Древна Кина. Уште од најстари времиња постоел компасот, печатење на книги, била развиена математиката, географијата, астрономијата итн. Била воспоставена силна централизирана власт. Државата се управувала од императорски династии. Императорот се сметал за небесен пратеник, татко на народот. Потчинувањето на неговата волја било закон. Секоја непослушност се казнувала.

„Истакнати мислители на кинеската робовладетелска држава кои се занимавале со проблемите на моралот и очовечувањето биле Конфуции, Мо Цу, Јанг Чу, Менциј и др." (Бошковски, Б.,1981)

Со своја специфичност се одликува Древна Индија, кога станува збор за моралното воспитание и очовечувањето. Митолошките прашања со морален израз биле објавени во зборник од закони познат под името „Веди" кој содржел морални правила. Како морални добродетели се истакнуваат: смиреноста, не противењето на земните незгоди итн.(Радхакришнан, 1956)

Индијците ја сакаат и се вљубеници во природата. За нив сонцето, луната, ѕвездите, законот на луѓето се рамни на Бога. Меѓутоа, во VI век п. н. е, се појавува едно ново учење кое ги критикува политичките и моралните догми. Тоа учење е будизмот, чиј создател е Сихартака (достигање на своите цели) кој како проповедник го добил името Буда. Тој се оддалечил од луѓето, живеел долго самотен живот и размислувал за човековиот карактер. Дошол до мудар заклучок дека разделувањето на општеството е неправедно и противречно на природниот закон. По правило за него сите луѓе се исти. Општеството не треба да ја одзема слободата на никој. (Радхакришнан, 1956)

Поинаква е насоченоста на очовечувањето и моралното дејство во Древна Персија. Неопходноста Персијците често да се бранат од нападите или да вршат напади за освојување на нови земји, наложила силен развој на военото воспитание. Сите момчиња од пет до десет години биле обучувани да се борат да се служат со копје и меч. Заедно со ова се воспитувани на смелост,

издржливост и воена чест. За голем порок и срам се смета лагата. Воспитниот идеал е да се направи искусен, добар воин кој не ќе се потчинува и ќе се жртвува за државата.

Поимите за добро и зло, очовечувањето се формирале под дејство на религијата. Според персиската религија во светот имало два Бога: „Бог на доброто Ормузд ( кој се одлукувал со смелост, чест, правда) и Бог на лошото Ариман ( потсетувал на малодушност,страв, лага, клевета)." (Радхакришнан, 1956)

Со голема духовна култура се одликува Египет, една од најстарите робовладетелски држави. Овде се развива градежништвото, архитектурата, математиката, астрономија, географија, оптиката,... Политичкото раздвојување на општеството ги определува и нормите на моралот и очовечувањето. Како најголема заповед се издвојува потчинувањето пред привилигираните, верувањето во предодреденоста да се владее и верувањето во избраните богови. Воспоставениот ред во општеството се должи на волјата на избраните богови. Мирот и покорувањето се издвојуваат како морални добродетели. Раниот развој на писменоста во Египет е услов некои норми на очовечувањето да се преточат во пишани искази, литературно разработени во поучни приказни и раскази, но сите во функција на потчинување кон господарите и нивните владетели.

Старите Евреи очовечувањето го црпат од Библијата и воспитанието има религиозен карактер. Се всадувало религиозен страв од Јехова. Во општеството на древните Евреи основна социјална единица и воспитна средина било семејството. Децата се воспитувале на покорност кон Бога и родителите.

## 1.3 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста во феудалното општество

Феудалното уредување се појавува во Европа во петтиот век. Тоа се карактеризира со феудална сопственост на врвот на земјата и непотполна сопственост на врвот на крепосните селани. Носители на феудалната идеологија во Европа е христијанската црква која има огромно влијание и власт

на врвот на земјата и луѓето. (Атанасов,Ж., 1985,) Очовечувањето и моралните начела се определуваат од условите на феудалните струи, но се поткрепуваат на етичките принципи на Библијата.

Основната цел на феудалното воспитание била да воспитува и подготвува ритери (рицари) и свештеници кои имаат презрив однос кон работата, омраза кон крепосните селани и способност и умешност со меч и крст, со сила и со верско духовно влијание да ја држат во покорност експлоатираната класа.(Копровски, Љ.,Петровски,Б.,1986)

Свештениците стануваат главна сила на феудалното општество во Европа. Тие го превземаат и монополот над воспитувањето. Основната задача била подготвување на свештеници кои би можеле да владеат и да ја држат масата во покорност на христијанските догми. Основни литературни дела биле двете книги на Библијата, Стариот и Новиот Завет. Но и покрај тоа, не можеме да кажеме дека во овој период се врши хуманизација на личноста затоа што и самите библиски писатели пишуваат за класно раздвојување. Во библијата се вели дека: „бедните по социјално однесување се создадени од Бога и негова волја е богатите да владеат со сиромасите“ (Мт.6,19,20). Овие норми во потполност им се допаѓале на средновековните феудалци и затоа се изведени како задолжителни норми и закони на кои се потпира и феудалното право. (Петрова -Ѓорѓева, Е., Штип, 2005)

Воспитанието пак на рицарите е сврзано со моралните идеали на светските феудални владетели. Рицарите се воини од феудалните семејства. Од седумгодишна возраст биле воспитувани во домовите, а потоа во дворот на повеќегодишниот феудалец ја добивале титулата „паж“. За рицарите важни биле две главни добродетели: физичката сила и богатството.

### 1.4 Воспитанието во функција на хуманизација на личноста периодот на распадот на феудализмот и почетоци на капиталистичкиот развој ( XIV – XVI век)

Во текот на 14 и 15 век забрзано се развиваат занаетите, трговијата, градовите – држави, односно мануфактурите, со што се означува распадот на феудализмот и зачетокот на капиталистичкото производство. Сè повеќе расте нетрпеливоста меѓу граѓанската класа/буржоазијата и феудалците, по што доаѓа до верски војни ширум Европа, а најповеќе во Германија.

Зголемената моќ на буржоазијата се одразува и на врвот на општеството. Почнуваат неизбежни конфликти и со црквата. Заштитувајќи ги своите интереси буржоазијата почнува да ја оспорува црковната власт. Се појавуваат првите реформаторски движења; Мартин Лутер ( 1483 – 1546), Улрих Цвингли ( 1484 – 1531), Жан Калвин  (1509 – 1564), кои се борат за радикални реформи во католичката црква оспорувајќи ги нејзините догми.

Во овој период се јавува една нова култура која го добива името хуманизам и ренесанса, која до крајот на XVI век ја зафаќа цела Европа. Доведува до преокрет во науката, филозофијата, книжевноста, ликовната уметност.

Новата култура го истакнува оптимизмот, здравиот и активен човек и развојот на хуманизмот ( lat. humanus – човечки). Хуманистите ја истакнуваат мислата „здрав дух во здраво тело". Човечката работа претставува темел на општествениот живот како и темел за развој на слободна личност. Хуманистите го поставуваат човекот во центарот на вниманието. Хуманизмот се залагал за правото на поединецот да се служи со својот разум и да верува во исправноста на сопствените верувања и заклучоци. Хуманистите поставуваат нов воспитен идеал за сестран и хармоничен развој на личноста. Возникнуваат нови идеи за воспитанието и образованието.

Хуманистичките идеи се развиваат најнапред во големите италијански мануфактури и трговски центри – Венеција, Милано, Рим. Претставници на писателите се: Данте Алигиери, Петрарка, Бокачо и др. Во делата им се надзира

остриот протест против црквата и покажуваат примери на морално разложување и разврат во духовното.

Настануваат промени и во погледите за воспитанието. Леон Батиста Алберти го издига идеалот на универзален човек. (Атанасов, Ж., Софија, 1991)

### 1.4.1 Педагошките мисли во периодот на хуманизмот и ренесансата (XIV – XVI век)

Во периодот на хуманизмот и ренесансата се појавиле многу мислители кои се занимавале со теоријата на воспитанието, ја проучувале и развивале, а некои и практично ги остварувале своите педагошки поставки. Само некои од нив можеме да ги сметаме како педагози, некои дури не се ни педагози, а се занимавале со педагошки прашања. Тука настануваат и се развиваат нови идеи за педагогијата на хуманизмот. Затоа нивните протагонисти ги нарекуваме педагози – хуманисти. Со нив започнува период на одделување на педагошката теорија од филозофијата. Тука се почетоците на нејзиното осамостојување.

Педагозите хуманисти ја уважуваат личноста на воспитаникот, поаѓаат од нивните интереси, ја развиваат самостојноста и активноста. Тие тежнеат кон енциклопедиско образование и многустран развој на човекот. Затоа големо внимание им посветуваат на природните науки, античките јазици и книжевноста, воспитните подрачја и методите на наставната и воспитната работа.

Основните педагошки проблеми за кои се расправаат хуманистите се : борба за нова содржина на образованието ( покрај класичните јазици и средновековните содржини сега се бара изучување на природните науки и изучување на историјата); борба за нови методи на воспитување ( не се само зборовите метод на воспитување, да се користи реалниот свет кој нè опкружува); борба за нов однос спрема детето ( тоа е суштество со посебни потреби, својства и можности и тоа мора да се земе во предвид при воспитувањето) и се посветува внимание на физичкото воспитание. ( Поткоњак, М., Поткоњак, Н., 1973)

Меѓу педагозите хуманисти ќе ги споменеме: италијанскиот хуманист Виторино да Фелтре, шпанскиот хуманист Л. Вивес, француските хуманисти Франсоа Рабле и Мишел Монтењ и претставникот на холандската хуманистичка педагогија Еразмо Ротердамски.

Француски хуманист кој е заслужен за осамостојувањето на педагошката теорија е Мишел Монтењ (1533-1592). Роден е во француската регија Аквитанија, на фамилијарниот имот во дворецот Монтењ, во местото Сен Мишел де Монтењ, во близина на Бордо. Фамилијата му била доста богата и го образувала во духот на хуманизмот. Кариерата ја започнува како правник.

Со своето главно дело „Есеи", овај хуманист, скептик и филозоф за моралот, ја засновува книжевната форма – есеј.

Неговото дело „Есеи" доживеало 75 изданија. Во него ги изнел своите погледи за воспитанието, го исмејува догматизмот на схоластичката настава и бара секој да мисли самостојно со своја глава. Се залага секој да ги уважува своите способности и природни склоности.

„Есеи" – те на Монтењ изобилуваат со современи педагошки идеи кои имале огромно влијание на бројните негови следбеници, пред сѐ Лок и Русо.

Низ целата книга „Есеи" преовладуваат идеи за воспитанието. Монтењ смета дека науката за телесното и духовното воспитание на децата е и најважна и најтешка. Во суштина, тој е против училиштата, односно институционалното воспитание. Структурата и организацијата на училиштата не му се допаѓаат. Ги нарекува темница на заточена младина, која во нив станува распуштена поради погрешните методи засновани на присила и казна, на слушање зборови кои се преточуваат во реченици, а не на проучување на самите предмети и појави. Тука поаѓа од сопствениот пример, констатирајќи дека на колеџот го искривил својот латински и излегува од него без вистински успех (Монтењ М.,1953), иако бил способен без никаква помош правилно да расудува за работите.

Но, Монтењ не се задржува само на критиката на училиштата. Ниту родителите не се тие кои можат на добар начин да ги воспитуваат децата, бидејќи нивната нагонска љубов е болникава и претерано ги разгалува и омекнува децата. Родителите не се способни реално да пристапат на

воспитувањето, кое детето треба да го доведе и во тешки ситуации и по цена на кршење на правилата на медицината. Родителите се опиени од љубовта спрема детето и не ги гледаат неговите недостатоци. Со тоа, постојано го насочуваат во склад со сопствените способности, а не со можностите на детскиот дух. Сето ова допринесува кон тоа да овој важен период , како што е раното детство, стане база за развој на свирепост, насилие и други маани кои се развиваат со помош на лошо стекнатите навики.

Наместо училиштата и родителите, Монтењ предлага грижата за воспитувањето на  децата ја преземат внимателно избрани домашни учители. Од овој избор најмногу зависи воспитанието. Главната задача на воспитанието е да формира пред сè способен човек, со повеќе „добро направено", отколку со „добро наполнета" глава. Значи, поважни се карактерот и паметта отколку учeноста; свесната активност и сопствениот избор отколку поучувањето. (Дунђерски, С., Нови Сад, 2003)

„Нека воспитувачот не бара од својот воспитаник да даде сметка само за реченицата од својата лекција, туку и за нејзината смисла и суштина. Нека го натера тоа што го научил да го веднаш разглоби во сто разни видови и да го прилагоди, во исто толкав број, на предмети, за да види дали добро го сфатил и усвоил, судејќи за неговото напредување на основа на платоновите педагошки методи." (Montaigne,Paris, 1962)

Во вака замисленото воспитание, во склад со Монтењевото гесло „Јас го мразам секој вид на тиранија, и на зборови и на дела"(Монтењ М.,1953) многу е важна примената на „блага строгост" без грубости, насилство и казни кои понижуваат. Најголемиот авторитет треба да биде вистината усвоена со свесна активност и разум. Неопходно е да се развива љубопитството, да се негува слобода на избор и мудрост низ постојана радост. И не само тоа. Треба детето да се привикнува на сите обичаи, макар тие да го водат и кон раскалашеност и луксузирање.

Према Монтењ, важно е на време да се почне со учење ( а не да нè учат како да живееме кога животот веќе прошол). Но, со учење не треба да се претерува. Треба да му се посветат првите петнаесет – шеснаесет години од животот ( а потоа да се „премине во акција"). За тоа кратко време посебно е

важно да се направи правилен избор на содржини, да не се губи време со „главокршачки" содржини (дијалектика, логика), Треба да се избираат само прагматичнио знаења. Претераната желба за наука претставува губење време без корист за практичниот живот. Учеността и паметта не треба да се потпираат само на памтењето и на познавањето на сувопарни науки туку луѓето треба да дојдат до сократовското сознание дека ништо не знаат, па тек потоа ќе можат да истражуваат и напредуваат.

„Важно е кај учениците да се разбуди желбата и склоноста за знаење, инаку од нив правиме само магариња натоварени со книги".(Монтењ М.,1953)

Монтењ, исто така, обрнува внимание на складен развој на душата и телото. Трчањето, музиката, играта, ловот се составни делови на учењето, бидејќи „ние не го воспитуваме ниту духот, ниту телото, туку го подигаме човекот, поради тоа не треба да ги раздвојуваме. (Дунђерски,С.,Нови Сад,2003). Учителите грешат кога го преоптеретуваат духот, занемарувајќи го здравјето.

Према Монтењ, најприроден метод за вежбање на духот е разговорот. Неговите предности во однос на проучувањето книги е брзината, живоста и својството не само да поучува туку и да вежба. Спротивставените мисли го поттикнуваат и вежбаат духот на соговорникот. Уште еден начин за добро воспитување е патувањето. Од тоа подобро училиште нема. Голема е вредноста на живото соочување со разновидноста од други животи, мислења и обичаи, при што не се запоставени ниту делото ниту духот. Меѓутоа, Монтењ го има во предвид патувањето само за машките, бидејќи природното место на жената го гледа само во фамилијарниот дом. (Монтењ патувал многу, но неговата жена останувала секогаш дома да се грижи за фамилијата и имањето).

Како важно воспитно средство, Монтењ го истакнува користењето на примери. На пример, еден воспитаник може од секој по нешто да научи земајќи го само она што вреди. И туѓата глупост и слабост може да биде од корист, бидејќи понекогаш туѓата грешка е подобро воспитно средство отколку поуката за добри примери. Само така и самите ќе можеме да се чуваме од лоши постапки и да ги избегнуваме пороците.

Кога Монтењ пишува за воспитанието исклучиво мисли на воспитување на машко дете. За воспитување на женски деца зборува ретко. На нив не им е потребна науката, ниту реториката, ниту логиката, бидејќи за нив најкорисно и најчесно занимање е –водењето на домаќинството. Тоа треба да биде нивниот приоритет, единствениот мираз кој ќе ги спаси фамилиите. Монтењ вели: „Да го оставиме зборувањето: искуството мене ме научи да кај омажена жена барам способност за домаќинството".

Според Монтењ, образованието на жените нема друга функција туку да кај нив ги пробуди и зајакне најизразените вродени особини, а тоа се оние за водење на домаќинството. Не зборувајќи многу за воспитанието на жените, не заборава, но и тоа ретко, да ги пофали својата мајка и сопруга поради нивните домаќински способности. Воспитанието на неговата, единствено преживеана, ќерка – Леонора, го препушта на неговата сопруга бидејќи на ќерките им припаѓа мајчинското воспитание, а на синовите – најдобриот домашен учител. Мајчинското воспитување на ќерките, како и секое друго, мора да биде без присила и телесна казна, кои и не се казни туку освета на разјарени родители.

Но сепак Монтењ не смета дека жените треба да бидат прости. Тие можат да се интересираат за поезија, историја, а особено за филозофија и морал, бидејќи тоа на жените им е потребно како би знаеле да судат за луѓето и нивните особини, како би знаеле да ги насочуваат своите желби и чувства, хумано да се однесуваат спрема слугите и подобро да се разбираат со мажите.

Очигледно, Монтењ мисли дека основната вредност на жената се состои од способноста да биде добра и интелигентна домаќинка, а не да учествува во јавниот живот. А единственото нешто што жената го има како моќно орудие над мажот е нејзината убавина.

Вториот француски педагог – хуманист Франсоа Рабле во својот роман „Гаргантуа и Пантагруел" дава остра сатира против црковниот догматизам и исмејување на лицемерниот морал на црковните служители. Тој издига нов идеал: Образованието да биде светско и научно и да се темели на науката за природата. Тој не ја заобиколува и црквата и религијата. Неговите критики се насочени главно кон црквата, црковното воспитание и образование во духот на

деспотизмот. Идеалите му се за ново видување на светот и нов морален облик на живот.

Нови морални идеи и хуманистичко воспитание во Холандија прокламира и Еразмо Ротердамски. Во неговата „Пофалба на лудоста" ( 1509) дава критика на моралот во феудалното општество. Ги образложува и новите морални принципи: за правото на човековото достоинство, за честа и вистината, за слободата на мислата. Иронично пуштајќи ја персонифицираната лудост да се фали самата себе, со хумор ги исмева верската ограниченост, схоластиката и свештенството. Оваа книга, која и до ден денес е жива, е најдоброто дело на Ротердамски и вистинско сведоштво на човечноста во време кога најмногу страдале човечките вредности и со здрав поглед на тој свет доаѓа до заклучок дека целиот свет полудел, и само лудоста може да ја зборува вистината. Покрај ова тој го исмева и формалистичкото образование, средовековниот начин на живот, истапува против суровоста на учителите и употребата на телесни казни. Истовремено со ова, напишал повеќе записи за образованието на машките, за воспитување на моралот, за методите на учење, за воспитување и образование на девојчињата. Големо внимание посветил на јазичната култура. Во неговото дело „Назад кон изворот" зборува за восприемање на недоправените норми на моралниот живот, кои проникнуваат од древноста.

Меѓу педагозите хуманисти ќе го споменеме италијанскиот хуманист Виторино да Фелтре кој го нарекуваат татко на хуманоста и учител од нов тип. Во Мантова основал училиште кое го нарекол „куќа на радоста". Во воспитната практика остварил многу идеи на педагогијата на хуманизмот. „Куќата на радоста" е училиште – интернат сместено во многу убав дворец. Тука тој ја остварувал својата педагошка теорија. Воспоставува радосна воспитна средина, ги отфрла телесните казни, воспоставува самопослужување, големо внимание посветува на телесниот развој на децата. Моралното воспитание го заснова врз позитивните примери, ги проширува образовните содржини, воведува нови методи на набљудување и демонстрирање. Воспитната работа ја темели на нови принципи: нагледност, самостојна работа, активност, интерес, индивидуален пристап и творештво. ( Баракоска А., Скопје, 2007)

Со практична воспитна работа, посебно со воспитание на жените се занимавал шпанскиот хуманист Л. Вивес. Своите искуства теоретски ги обработил во делото „За воспитание на жената“. Вовел реални предмети во училиштата, го истакнал индуктивниот пат во воспитната работа, предупредил на тоа дека треба да се учи од полесно кон потешко, од набљудување, преку искуство до мисловни воопштувања. Се залагал за саморабота, за негување на телесното воспитание и бил против телесни казни. Го сметале како основач на новата педагогија. (Баракоска А.,Скопје,2007)

### 1.4.2 Хуманистички идеи кај раните социјал утописти

Раниот утопистички социјализам е израз на незадоволството од феудалниот ред и од последиците на капиталистичкото натрупување на незрели политички услови и идеи.

Претставник е Томас Мор ( 1478 – 1535) со неговата „Утопија“ ( 1516). Тој ги подржувал хуманистичките идеи на својата епоха, бил во блиски врски со Еразмо Ротердамски и со други хуманисти. Во книгата се дадени неговите фантастични видувања за уредувањето на општеството. На преден план ја става грижата за подобрување на човековиот карактер. Луѓето на островот Утопија живеат и работат во идилично здружение. Семејствата им се здружени во здрава морална атмосфера. Мајката и таткото се важни столбови во семејството. Постои специјализација на занаети, но секој се занимава и со земјоделие. Се работи шест часа дневно, а другото време се користи за самообразование и одмор (се оди во библиотека, музеин и сл.). Односите меѓу луѓето се дружељубиви и чесни. Децата имаат добри морални примери, како поведението на родителите, така и поведението на останатите жители на островот. Основните добродетели за кои се залагаат се: трудољубивост, взаемна почит, чесност и искреност. Момчињата и девојчињата посетуваат еднакво воспитание и образование задолжително за сите, а наставата се изведува на мајчин јазик. Секој е должен да работи физички и интелектуално, го отфрла вербализмот. Наставата ја поврзува со производната работа. (Атанасов, Ж.,1985)

Овој идиличен живот привлекува и друг ран мислител и хуманист – италијанецот Томазо Кампанела ( 1568 – 1639). Опседнат од умствената ограниченост на схоластиката и од жестокоста на инквизицијата чијашто жртва бил и самиот тој, се оформува како приврзаник на идејата за социјални реформи. Своите мечти ги искажува во книгата „Град на сонцето" ( 1602) која ја напишал в затвор. И овде тој го осмислува животот. Управува еден избран раководител, наречен Метафизик, потпомогнат од тројца управители: Мош ( се грижи за одбраната на мирот), Мудриот (за развој на искуството) и Љубов ( за одгледување и воспитување на децата).

Во училиштата се изучуваат само реални знаења за природата и општеството. Децата учат работи за земјоделието и занает. Главна воспитна задача е да се искоренат пороците: мрзливост, лага, грубост, надменост,... Се формирале добродетели како што се: трудољубивост, културно поведение, граѓанска доблест и др., а тоа се изведувало по пат на добриот пример на возрасните, со морални беседи итн. Сите треба да се воспитуваат заедно за сите умеења. Со тоа ја истакнал идејата за демократско воспитување. Мечта на раните утописти била исполнување на благородството и хуманата мисла. Во ова се одразени и патиштата кои водат кон морално усовршување на општеството. (Атанасов, Ж.,1985)

## 1.5 Воспитанието и образованието во функција на хуманизација на личноста во XVII – XVIII век (Џон Лок 1632-1704; Јан Амос Коменски (1592-1670) и Жан Жак Русо 1712-1778)

Втората половина на XVII и целиот XVIII век е период кога Религијата била присутна во секојдневниот живот на луѓето, а црквите и манастирите биле центри на писменоста и носители на духовната култура во општеството. Но ова е и период кога се поголема улога имале градовите, кои станале центри на занаетчиството и трговијата и преставувале силен поттик за натамошниот економски, политички и културен развиток на општеството. Граѓаните станале носители на нови, напредни идеи. Сепак најзначаен настан секако е Француската Буржоаска револуција, која неповратно ќе го уништи феудалното

општество кое не можело да го следи се побрзиот економски, културен социјален и политички развој на Европа, а подоцна и во другите делови на светот.

Делото на големиот чешки педагог Јан Амос Коменски (1592-1671) е нова епоха во историскиот развој на педагогијата. Во него се обработени нај - прогресивните идеи на 17 век кои имаат израз на строг систем на воспитание и образование. Негови дела се: „Лавиринт на светот и рајот на срцето"(1623), „ Отворена врата кон јазиците"(1631), „Физика"(1632), „Голема дидактика"(1632), „ Мајчино училиште"(1633).

Во областа на моралното воспитание бил застапник на моралните идеи и норми на работните луѓе. Како многу образован човек, кој одел пред своето време, нашол одредени социјални и педагошки решенија, кои всушност претставуваат нешто ново за времето во коешто живеел. Во своето учење Коменски го спојувал Сократовиот идеал за најголема добродетел со среќата. Како и Сократ така и Коменски смета дека незнаењето е големо зло кое на светот му донесува голема беда. За да не преовлада незнаењето, потребно е да се отстрани, вели Коменски. Но, само знаењето без одредени морални својства - добродетели нема да има цел. Поради тоа Коменски моралното воспитание најтесно е поврзано со интелектуалното.(Заниновиќ, М.,1985)

Целта на воспитанието Коменски ја гледа во садење на вистинска моралност и благочестивост при што училиштата треба да се претворат во работилници за луѓето. Според Коменски во срцата на младите треба да се всадат сите добродетели без исклучок бидејќи од „чесното и моралното ништо не може да се исфрли без да се појави празнина и да се наруши хармонијата." (Komenski, J., A.,1954)

Помеѓу средствата на моралното воспитание Коменски посебно внимание и големо значење и придава на дисциплината.

Како хуманист, Коменски е поборник за блага дисциплина без насилство. Ова сфаќање тој настојува доследно да го спроведе низ целиот свој педагошки систем. Затоа препорачува дека систематската грижа за моралното воспитание треба да започне уште во раната предучилишна возраст. Меѓу мерките на моралното воспитание пред сè го истакнува добриот пример, предупредувајќи

на штетното влијание на лошите примери на моралниот развој на децата. (Радашин, В., 1970)

Можеме да заклучиме дека во сеќавањето на Коменски за моралното воспитание има многу нови идеи непознати во негово време. На прво место е демократијата. Како никој друг од неговите претходници се залага за сеопшто воспитание, без оглед на класната положба, без ограничување, верска припадност или цел.

Коменски тежнеел работата во училиштето да ја постави врз демократски основи. Тој училиштето го нарекува работилница на хуманоста. „Несреќно е она образование кое не преминува во доблест и побожност. Што е образованиот човек без морал? Кој напредува во науката, а назадува во моралот, повеќе назадува отколку што напредува." (Komenski, J., A.,1954)

„Во училиштата треба да се приберат не само децата на богатите туку децата на сите: учени и прости, богати и сиромашни, момчиња и девојчиња од сите градови, села, колиби ... Секој што се родил како човек е роден со една единствена цел, да биде човек т.е. да биде разумно суштество, господар на сите живи суштества." (Komenski, J., A.,1954)

Човек најуспешно се образува во младоста. „Сè што се раѓа се одликува со својства многу лесно да се витка и обликува додека е младо, а кога ќе зацврсне, ја откажува послушноста. Мекиот восок може да се витка и да се меси, цврстиот лесно се распрснува. "(Ibid, str,53)

Како највисоки морални категории Коменски ги посочува праведноста, чесноста, трудољубивоста, почитувањето на човековата личност, љубовта кон родителите, хуманизмот, почитувањето и достоинството на другите народи...

И покрај извесните ограничености и недоследности во сфаќањата и неговата длабока религиозност Коменски до ден денес останал голем педагог и хуманист, кој смислата на човечкиот живот ја гледа во неговата работа и тежнение за морално усовршување. Коменски верува во човековата природа и можноста за нејзино менување и морално усовршување при што ја застапува демократската идеја за еднаквост во образованието и воспитанието.

Сеќавањата на Џон Лок (1632-1704) за моралот и моралното воспитание се сврзани со неговиот филозофски и политички поглед. Според него нема вродени принципи на морал. Сите црти на карактери и поведението се определени од условите на животот.

Кога станува збор за морално воспитание Лок се однесува како изграден филозофски мислител и тоа го покажал во делото „Обид на врвот на човечкиот разум" (1689).

Во развојот на личноста Лок дава голема улога на воспитанието. Според него најголемиот идеал на човекот е достигнување на лична среќа. Воспитаниот идеал на Џон Лок е добриот џентлмен. Затоа според него воспитанието треба да му даде на детето практични умееља и навики и да го подготви за живот. Само со воспитанието се постигнува добродетелта. Затоа „воспитанието треба да го употреби целото искуство и да го посади во душата на детето се додека детето не почне да ја гледа во него својата сила, слава и наслада". (Лок, Џ., 1964)

Основното прашање за кое се бори Ж.Ж. Русо е подобрување на човечкиот морал. Просветителите го земаат како безусловно важно барањето на патот за научното знаење кое се влече од борбата за реално обновување на човечката моралност.

Најсистематично и најподробно Русо ги излага своите погледи за морално воспитание во „Емил или за воспитанието" (1762). Идејата за чистотата на природните добродетели и влошувањето на условите на општествениот живот под влијание на луѓето е изразена уште во уводните зборови на книгата „Емил„. „Сè она што излегло од рацете на Творецот е добро, сè е создадено од рацете на луѓето", вели Русо. (Ruso, Ž.Ž., 1989) Современата цивилизација го развивала моралот. За правилно да се воспита детето треба да биде надвор од општеството, оставено на природните сили. Русо го идеализира детството. Според него тоа е возраст на чиста моралност. Децата не се оптоварени од предвремени морални чувства, од предрасудите и умеењето на возрасните да лицемерат. Во своето поведение тие се раководат само од стимулот на својата внатрешна природа, која им покажува што е добро, а што лошо.

Најголема воспитна вредност за него е трудот. „Само оној што е подготвен за труд (за работа) е способен да се здобие со општочовечки идеали." (Ruso, Ž.Ž., 1989) Емил израснал во природата и од неа ги усвоил моралните добродетели: доверлив, добар, трудољубив... Тој е природен човек, со природни чувства. Нема никакво значење што е по народност и што е по професија. Тој е подготвен за општа „служба на народот„ и тежнее кон човечки морални норми. Живее и дејствува во согласност со својата човекова природа. Тој живее и без да знае да живее, но тоа го прави чесно. „Излишно е" , пишува понатаму Русо, „да се раскажува многу за чесноста и да се стремиме да ја постигнеме, затоа што никој не знае каква е апсолутната чесност, а каква е апсолутната нечесност." (Ruso, Ž.Ž., 1989) Актуелно прашање чиешто разрешување дава енергија на борбата на буржоазијата - обединувањето на националните сили и патриотизмот, го свртува вниманието на Русо.

Педагошките погледи на Русо во целост како и неговите сфаќања се моралното воспитание да биде темпераментен процес против феудалните норми од кои ќе произлегува и моралниот живот на општеството. Тој се обидува да го загуши моралот на паразитните класи, нивното лицемерие, умствената ограниченост и моралното распаѓање. Неговата желба е човек да стане слободен, независен од условите, да биде самостоен во поведението, борец за ослободување од феудалното тиранство, горд владетел во животот. Кога не може да ги види јасно контурите на еден нов свет што ќе одговори на неговите идеи за морално обновување, тој го насочува погледот кон природата и оттаму ги бара изворите на слободното воспитание.

Русо апелира: „Луѓе бидете човечни! Сакајте ги децата! Секое дете, со самото раѓање, носи во себе темперамент кој ги одредува неговите способности и карактер, кој не смее да се менува ниту ограничува; напротив, треба да се развива и усовршува." (Ruso, Ž.Ž., 1989) Тука доаѓа до израз умешноста на воспитувачот. Русо се буни против обичното воспитување, кое постапува секогаш според една иста формула, без оглед на огромната разлика меѓу умовите.

### 1.6 Воспитанието и образованието во функција на хуманизација на личноста во XVIII – IX век (Хербарт, 1776-1841; Песталоци 1746-1827 и марксистите)

Во XVIII век продолжува процесот на распаѓање на феудалното општество и силниот подем на развој на капитализмот. Како последица на тоа се повеќе се создаваат националните држави. Но, феудалците не отстапуваат така лесно од политичките позиции. Од друга страна пак, политичката буржоазија започнува активна борба против крепосното ропство. Во зависност од специфичните услови на страните, идеите за воспитание добиваат различен карактер.

Јохан Хајнрих Песталоци (1746-1837) е вистинска свест на Швајцарија во времето на буржуаските револуционерни движења во втората половина на 18 век и почетокот на 19 век. Запознаен со идеите на Лок, Волтер, Русо, тој се вклучува во редовите на борците за човекови права обединети во друштвото под наслов „Хелветско општество„ чии интелектуален и идеен раководител бил Јаков Бодомер. Задоен со идејата за Хелветското општество „да се воспитуваат луѓето како чесни граѓани", почнал да ја применува во дело. Организира воспитни домови во Бир, Стану, Бургдорф. Обидите му завршувале со неуспех, но верата во силата на воспитанието никогаш не ослабнала. Тој станал ворец за човечност. И тоа го прави чесно и за себе и во „Вечерните часови на еден аскет" ќе напише: „Доколку вистината е неопходна за тебе, за твоето спокојство, доколку таа ти служи како ѕвезда во твојата секојдневна дејност, доколку таа е алка на целиот твој живот тогаш таа те прави почесен".

Тој пројавува недоверба кон општественото воспитание и семејството го смета за основа на моралноста во „Татков дом", „Ти си училиште за моралност и за живот во државата".

Погледите за морално воспитание Песталоци ги изградува од врвот на училиштето на Русо и ги црпи од човековата природа. Формирањето на морални норми тој ги поврзува со основните идеи за елементарно образование.

Песталоци во своите теориски излагања поаѓа од тоа дека на човекот му се иманентни три принципи: животен, општествен и морален. Моралот не треба

во човекот да го истисне она животното, туку да го определи неговото општествено однесување. Единствено културата, која се темели врз моралната должност на личноста, е способна да обезбеди вистински напредок на народот.

Големиот хуманист е збркан од разбојничкиот морал на општеството создаван од гнилоста на феудалниот ред. Особено е зашеметен од „моралното шарлатанство„ тоа го загушува доброто во човековата природа, чистотата на чуствата на љубов и благоданост и насочува кон егоизам, лицемерие и подлост.

Песталоци го бара патот за избавување од моралната расипаност во човековата природа и во разумно организираното приспособување на воспитание. Страсно, убедено, но помалку наивно звучат неговите зборови: „Ништо не може да ја спаси Европа освен решителното неотстапување од принципите кои се согласуваат со човековата природа. Ништо нема да ја спаси Европа освен признавањето на чистите елементи од кои треба да произлезе физичкото, интелектуалното и моралното образование на човековиот ред".

Идеите на Песталоци за обновување на општествената моралност и за хуманистичките насоки за моралното воспитание чија основа е моралната добрина го разоткриваат стремежот кој предизвикува длабока почит кон човекот.

Според германскиот филозоф Јохан Фридрих Хербарт, темелната цел на воспитанието е воспитание на морална личност, усовршување на вештините, а наставата помага да се оствари таа цел, односно таа е основно средство на воспитанието.

Хербарт е еден од првите кои на академско тло педагогијата ја втемелува како самостојна наука и се занимавал исклучиво да го оправда нејзиното постоење како наука.

Хербарт формулира морални идеи со општо валиден карактер кои треба да го следат целиот наставен процес. Овие идеи се вкупно 5 :

1. Идеја за внатрешна слобода – која бара согласување на волјата и карактерот и сознание богато со претстави,
2. Идеја за совршенство – се изразува со единство на волјата,

3. Идеја за благо расположение – бара согласување на желбите и стремежите на сите луѓе,
4. Идеја за правото – бара да нема конфликти и да не се нарушуваат правните и моралните норми,
5. Идеја за справедливост – оваа идеја предвидува награди за оние кои ги почитуваат моралните норми.

Овие пет идеи според Хербарт треба да бидат вклучени во процесот на образование. Секое учење треба да биде во согласност со целите на етиката и да воспитува во духот на овие идеи. (Петрова - Ѓорѓева Е.,2005)

Голема е заслугата на класиците на марксизмот што дадоа уверлива научна критика на сите дотогашни филозофски учења, при што потпирајќи се на позитивните научно историски достигања изградиле поглед на светот на научниот социјализам, ја откриле историската суштина и укажале на револуционерната улога на работничката класа и на патиштата на борба за ново општество, за нови општествени односи, ново воспитување и морал. Маркс и Енгелс укажале дека филозофите до нивното време, па и современиците, претежно филозофирале, а доволно не настојувале филозофските и научните достигања да ги искористат како револуционерна сила за менување на целокупната општествена стварност.

Класиците на марксизмот биле за потполна еманципација на човекот од сите сили кои стоеле над него, кои го угнетувале, отуѓувале и го оневозможувале неговиот слободен и сестран развој. Тие тргнале од реалната претпоставка дека за полната слобода на човекот и неговиот потполн развој потребно е да се укине експлоататорското општество, на работниците во рацете да им се даде средства за производство, да се изгради солидна материјална база на која ќе се развива и зајакнува општествената свест на човекот. Луѓето кои најпосле станале господари на своите сопствени општествени односи. Со тоа стануваат и господари на природата, господари на самите себе - стануваат слободни.

Значи, човекот треба идејно да се наоружа и со тоа да му се отвори видикот и патиштата на борбата против сите сили кои стојат над него и му оневозможуваат да се запознае себе, да ја открие својата положба во општеството, да ги развива своите работни, интелектуални и морални

потенцијали. На овој начин човекот создава услови да се врати кон самиот себе, кон своето општествено суштество, да стане човек. Овде заправо се остварува..."враќање на човекот од религијата, фамилијата, општеството итн, во своето човечко т. е општествено постоење.

Осврнувајќи се на класично - политичкиот и експлоататорскиот карактер на воспитанието во буржоаското општество, класиците на марксизмот укажувале на сите грубости и нехуманости. Тие истакнуваат дека буржоазијата воспитува само толку и така колку ќе и како ќе ја искористи човечката сила. Во својот безумен и слеп нагон, во својата вампирска глад за вишок на работа, капиталот применува не само морални туку и чисто физички максимални граници на работниот ден. Тој го узурпира времето за растење, за развивање на телото и неговото здраво држење. Тој го одзема времето потребно за трошење на свеж воздух и сончева светлина. Прераното вклучување во работа, максималното искористување на работниот потенцијал на човекот и безмерната експлоатација на неговата работа имале многу тешки последици за развојот на физичко и општерствено суштество.

Маркс и Енгелс на воспитанието му придале големо значење и на многу места во нивните трудови го спомнувале укажувајќи на неговата огромна улога во формирањето на личноста на човекот во новото општество. Најпросветениот дел од работничката класа бил потполно свесен дека иднината на нивната класа зависи од воспитанието на младото работничко поколение. Тие даваат остра критика на буржоаското воспитание, укажале на неговиот класно - политички карактер и за неговата улога во поедини етапи при развојот на човечкото општество . Го истакнале значењето на правилното сфаќање и обединување на факторите за развој на личноста(средината, наследството, воспитанието), укажале на целта на воспитанието во новото општество (изградување на сестрано образовни и слободни личности), на улогата на разумното, физичкото, моралното и работното воспитание. На пример, тие работното воспитание го гледале како колективна и мотивирана желба за остварување на сестраниот развој на поединецот, наставата да се поврзе со производствената работа и да се допринесе за развој на заедница на слободни луѓе. Тие се залагаат младината да се воспитува за индустриска, а не занаетчиска работа, бидејќи само таквото работно воспитание луѓето ги хуманизира, ги припрема за

општествен живот и помага постепено да се надмине разликата помеѓу мануелната и умствената работа, луѓето да ја совладаат техниката, природата и самите себе си. Маркс вели дека техничката настава е онаа настава која запознава со основните начела на производствениот процес и ги привикнува децата или младите да умеат да управуваат со наједноставните орудија во сите производствени гранки. Техничката настава би требало да спрема такви луѓе кои ќе можат брзо да се снајдат на секое поле, ракуваат со основните средства за производство, ќе го сфатат техничкиот и научниот процес на производството, во него ќе внесуваат свои творби и креации и во него ќе се изградуваат како морални и општествени личности, спремни и способни да го трансформираат општеството и себе. Раното поврзување на продуктивната работа со наставата е едно од најмоќните средства за преобразба на денешното општество. (Маркс, К., 1875,)

Работното воспитание е тесно поврзано со моралното воспитание. Иако Маркс и Енгелс посебно не пишувале за моралното воспитание, тоа што го кажале за изградбата на пролетерскиот морал служи како стабилна методолошка основа за теоријата на моралното воспитание. Од тие поставки произлегуваат задачите на моралното воспитание: воспитание во духот на колективизмот, социјалистичкиот хуманизам во борбата против експлоататорите, за во интерес на работничката класа. Самата активност во создавањето на нови општествени односи ги зближува и обединува луѓето, ги упатува заемно да се почитуваат, помагаат и САКААТ, (те сакам), да развиваат љубов кон татковината (хм) и одредени морални и општествени квалитети. Посебно го нагласиле огромното значење на воспитанието на младите во духот на интернационализмот. Задача на ова воспитание е да ја спрема младината да се бори против шовинизмот и кратките национални ограничувања, а да се бори за меѓународна солидарност и соработка на сите работни луѓе.

Значајно е и укажувањето на Маркс и Енгелс на потребата од правилни односи меѓу мажот и жената, родителите и децата, меѓу претпоставените и потчинетите. Маркс и самиот бил нежен маж, добар татко и стрплив воспитувач на своите деца. На него не му сметала работата за да се игра со своите ќерки, да им раскажува приказни и да им укажува на недостатоците. Тој и Енгелс дале

добар пример за искрено другарство и пријателство. Нивните односи биле идеал за другарство.

Класиците на марксизмот придавале големо значење на самовоспитанието. Од способноста да работи на себе, да ја изградува својата природа и да ја насочува во позитивен правец зависи самостојноста на човекот и неговиот успех во животот. Едно суштество за себе е самостојно тек тогаш кога стои на сопствени нозе, на сопствени нозе стои тек тогаш кога за своето постоење ќе си благодари на самиот себе си, кога неговото општествено и морално суштество ќе биде негов личен производ.

Активниот однос на човекот спрема природата, нејзиното запознавање и завладување со неа и нејзините законитости, користењето на нејзините богатства, како и изградување на општествени односи во кои луѓето управуваат со се, па и со самите себе си, е значајна основа за човековата слобода.

И уште една значајна мисла за работата на човекот на себе и гледањето на светот низ себе. Човекот треба да се запознае себе си, сите животни односи да ги подредува спрема себе, да суди спрема својата суштина, светот да го уреди човечки според барањата на својата природа и тогаш ја решил загатката на нашето време. Познавањето на себе си не е цел сама по себе. Тоа е дијалектички процес кој со себе носи изградба на самиот себе си, управување со себе си, влијание на околината и нејзино менување, како и влијание на општествените односи и нивно прилагодување на потребите на човекот, неговото слободно делување. Маркс со овие свои поставки недвосмислено покажува дека без човечка активност на изградувањето на самиот себе си не може да стане збор за негово правилно воспитание. Оваа негова мисла недвосмислено ги упатува наставниците на тоа дека ученикот во процесот на воспитување треба да се третира како објект и субјект на воспитувањето.

Ленин теоретски и практично работел на создавање на социјалистичка држава. Ги прифатил основните идеи на Маркс и Енгелс ( за природата, човечкото општество и мислење), ги разработил, ги збогатил со револуционерна пракса и ги применил во руски прилики. Ленин во воспитанието видел значајна основа за напредок и опстанок на новото општество имајќи во предвид на лошото образование на работниците и другите сиромашни слоеви. Ленин ги

истакнува сл. принципи на воспитанието:изведување на наставата на мајчин јазик, одвојување на школото од црквата, задолжително образование за двата пола до 16 години, бесплатно снабдување на децата со храна и облека, забрана за ноќна работа на децата, ограничување на работата на младите до 6 часа отворање на воспитни центри за деца од претшколска возраст. Овие принципи истовремено значеле остра критика на ставот на царските власти спрема младите. Ленин ги разобличил мисленьата на буржоаските педагози кои воспитанието го прикажувале како нешто општо, аполитично. Аполитичноста на воспитанието не е можна и секој оној кој го тврди тоа се наоѓа на позиција на груба невистина.

Во своите педагошки учења Ленин барал советските училишта да градат сестрано развиени и слободни личности, кои ќе бидат спремни и способни да го градат и бранат новото општество. За сестрана развој на личноста потребно е физичко, умно (интелектуално), морално и политичко воспитание и образование, потребен е правилен однос спрема воспитаниците (почитување на детската личност) и добар наставнички кадар. Ленин барал единствен школски систем, кој ќе им овозможи на сите граѓани непречено школување од основно училиште до универзитет, во согласност со нивните психички и други можности. Критериум за продолжување на школувањето треба да биде успехот во работата, а не социјалното потекло.

На моралното воспитание е поставена задача да го изградува карактерот, волјата, моралните навики, чувствата и други особини кои ќе овозможат младите правилно да се однесуваат спрема другите и општествената заедница, да го сфатат општеството, неговата логика, да ги сфатат потребите и интересите на другите луѓе и тоа да им биде основ за вклучување во општествените односи. Поред тоа, на моралното воспитание се поставува задачата да го развие и негува хуманизмот и интернационализмот. Посебно е нагласена улогата на моралното воспитание во развојот на дисциплината, самодисциплината и комунистичкиот морал. Целото воспитание, вели Ленин, образование и учење на современата младина треба да биде така да кај нив се развива комунистичкиот морал.

Ленин го осудил формализмот, недемократичноста и неефикасноста на воспитанието на старата школа, но истовремено укажал на тоа дека од неа треба да сеземе она што е позитивно. Ние од старата школа не треба да го率 земеме она што го оптоварува младиот човек во бескрајната количина на знаења, во девет од десет непотполни, а во една десетина унакажани, но тоа не значи дека ние можеме да се ограничиме на комунистичкиот заклучок и да ги научиме напамет комунистичките пароли. Така нема да се изгради комунизмот. Комунист можеш да станеш тогаш кога своето памтење ќе го збогатиш со познавање на сите оние богатства до кои дошло човештвото.

Еден од најзначајните задачи на новото воспитание треба да биде оспособување на младите за изградување на нови морални норми и општествени вредности, оспособување на младината да постојано самостојно работи на своето оспособување, образование и воспитание. А нашата школа треба да и даде на младината основни знаења, да ја оспособи сама да ги гради комунистичките сфаќања, од млад да создава образован човек.

Човекот не е пасивен посматрач на објективната стварност. Тој со својата свесна човека дејност ја менува природата околу себе, се гради самиот себе си и општествените односи за себе.

## 2. Одредување на поимот хуманизам

Хуманизам подразбира создавање на општествени односи во кои „човекот на човек е човек". (Педагошки речник 1 и 2)

Хуманизам значи човечност, очовечување на човекот – човековата суштина – она темелното што го прави човекот човек. А што го прави човекот човек? Она по што тој се разликува од животните и другите живи суштества. Тоа значи дека битот на човечноста мораме да го бараме во неговата свесна, творечка, општествено – историска и морална природа. Не се работи за биолошкото одредување, туку за општествено – етичкото одредување на човекот. Биолошката компонента ја поседуваат и животните, а човечноста е изразито човечко обележје. Ја карактеризираат својства, квалитети и способности кои го издигаат човекот на пиедесталот на целокупните вредности. Во ова значење, хуманизмот ги изразува целокупните способности на човекот или ги опфаќа сите човечки вредности. Го симболизираат идеалите: слобода, братство и еднаквост, истакнати во времето на француската револуција. Декларацијата за правата на човекот од 1984 година е плод на новите тежненија за остварување на хумани меѓучовечки односи.

Накратко, хуманизмот е начело на живот во склад со човековото достоинство, погледот на човекот и неговиот свет од кој зрачи и добиваат животна сила сите останати човечки вредности; тој е општествено – морален критериум, мерило, начин на вреднување на сите подрачја на човековата активност. Неговата суштина е од етичка природа. Хуманизам значи грижа за човекот, другарство , пријателство и братство меѓу луѓето, поверение во меѓучовечките односи, љубов на човекот кон човекот, борба за човекови права, за ослободување на личноста, за почитување на човековото достоинство. Го симболизира чесност, поштеност, праведност, меѓусебно разбирање и помагање. Се базира на начелото на праведност, еднаквост и солидарност, на чувството на должност и одговорност. Се огледува во полното уважување на човековите особености, во прифаќањето на начелото за слобода и еднакво правност меѓу луѓето и народите. Од него произлегуваат нови и поубави односи меѓу луѓето – односи на разбирање, соработка и взаемна помош, кои го покренуваат човечкото тежнение кон мир и меѓународно братство, кон подобар

и поубав човечки живот. Од него зрачи чувство на сигурност, животен оптимизам, надеж и поверение за подобро утре во кое ќе се оствари складен човечки развој и неговото потполно очовечување. Таквиот хуманизам е темел на моралот. На тие основи се заснова и воспитанието за хумани односи.

Човечноста не е природно дадена, туку е општествено, човечки и педагошки дадена. Се работи за човековите квалитети, својства и способности кои треба да се изградат, прифатат и да се совладаат. Станува збор за особини кои имаат вредносно значење за оформувањето на човекот. Индивидуа се раѓа, а личноста треба да се изгради, очовечи, обликува. Таа настанува во процесот на воспитанието, таа е резултат на добро организиран, осмислен и успешно остварен воспитен процес. Воспитниот процес мора да биде во функција на хуманизација – очовечување на човекот. (Vukasovic,A., 2002)

Хуманизам доаѓа од латинскиот збор humanitas, што значи човечност. Се однесува на човекот и неговиот однос спрема другите луѓе. Ако човекот е човек по свест и должност спрема човекот, општеството и човештвото, ако човекот за човекот е највисока цел, а со тоа и идеал, тогаш хуманизмот е поглед на човекот од кој зрачат човечките вредности: верба во човекот, вистината, совршенството, праведноста. Таквиот хуманизам е основа на целокупниот морал. Од него се добиваат сите морални принципи. И поради тоа воспитанието во духот на хуманизмот мораме да го ставиме на прво место. (Костова М.,2004)

Според Šimo Šokčević, хуманизмот го означува секое мислење кое го вреднува човекот во сите негови изворни одредници. ( Šokčević, Š., 2010)

Хуманизација доаѓа од зборот „humanus" која е придавка на зборот „homo" – човек. Хуманизацијата е очовечување, а хуманоста преставува „човечност".(Weissgerber, J., 1978)

Хуманизмот е мисла чија идеја е дека човечноста не е апстракција, туку стварност; дека во секоја индивидуа е содржано сѐ она што е човечко; дека во секој човек е собрано целата човечност, па оттука дека сите луѓе се еднакви по своите основни човечки квалитети. (Fromm, E.,1975)

Хуманизмот - наједноставно кажано, вербата во единството на човечката раса и човековиот потенцијал да се усовршува себеси преку своето сопствено

напрегање - има долга и разнообразна историја што се протега до еврејските пророци и грчките филозофи. (Fromm, E.,1975)

Воспитувањето во духот на хуманизмот подразбира љубов, грижа и нега за човекот, свест за обврските, должностите и задачите кон него, пријателство, солидарност, како и борба за неговите права и еднаквости. За хуманизмот пишува уште Цицерон подразбирајќи „ највисок културно – етички развиток" на човекот. Хуманизмот е темел на моралот, а за идеал го има човекот и човечкото. Од хуманизмот произлегуваат сите останати морални начела.

Според проф. Кирил Темков, хуманост значи човечност, стремеж за облагодарување на човекот и на неговата состојба; сочувство со другите луѓе и работа врз нивно добро; сомилост, спонтана симпатија кон другите; идеал кој во себе ги содржи сите вредни својства на човекот, според кои тој (како вид и индивидуа) се разликува од животните. Тие својства не му се вредни на човекот, туку пред него се поставуваат како животни задачи – според степенот на остварувањето на тој идеал човек се здобива со вредност и достоинство во својата заедница. Хуманизам, се серија од учења и движења, како и етички ориентации и практика, кои настојуваат меѓу луѓето да завладеат што почовечни односи, односно во центарот ги ставаат интересите на човекот и се стремат кон полно очовечување. Хуманист – значи човек кој се бори за доброто на луѓето, за унапредување на животот и на етичките односи во светот. (Темков К., 2011)

Според хуманистичката социологија, човекот е суштество кое мисли, чувствува и делува, способно за активен однос спрема стварноста во која живее, па според тоа и за активен однос спрема општеството како дел од таа стварност.

## 3.Хуманистичко воспитание и хуманистичка педагогија

Хуманистичкото воспитание има за цел да го поттикне процесот на самоактуелизација на поединецот, развој на чувствата за сопствена вредност и позитивна слика за себе, поттикнување на развојот на автентичност и оригиналност, а со тоа и создавање на сопствен состав на вредности. Хуманистичкото воспитание има за цел и усвојување на одреден состав на општествени вредности со кои се овозможува на поединецот да ги оствари своите настојувања за сопствена актуализација.

### 3.1 Хуманистичко воспитание – воспитание за позитивна лика за себе

Воспитанието за **позитивна слика за себе** се случува во интеракцијата на поединецот со другите луѓе, бидејќи од нивната реакција и нивното прифаќање или неприфаќање зависи степенот на позитивното мислење кое го имаме за себе. Во училиштето кое е засновано на компетенции и рангирање на учениците дел од учениците се однапред осудени на неможност за развој на позитивна слика за самите себе, бидејќи се смета дека по т.н Гаусова крива мора да има во секое одделение „слаби" ученици. А по таа логика, тие „слаби" учениците и не мораат да имаат позитивна слика за самите себе, туку негативна бидејќи се и такви. Искуствата на педагозите кои имале успех во воспитувањето на таквите ученици, зборуваат дека успехот го постигнале така што успеале да ги уверат учениците дека и не се толку лоши како што тие мислат за себе. „Лошите деца" се лоши и меѓу другото затоа што другите успеале да ги уверат дека се лоши. Негативна слика за себе може ученикот и сам да ја избере ако на тој начин успева да привлече внимание на своите врсници и на тој негативен начин да биде прифатен. Често малиот училиштен „силеџија" настанува затоа што на тој начин ја задоволува својата потреба за самопотврдување.

Во традиционалните репресивни училишта не постојат услови за сите деца да развијат позитивна слика за себе и затоа таквото училиште треба темелно да се промени. Тоа значи да не бараме од учениците сите да бидат еднакви, туку да го бараме кај секој ученик она по што тој се разликува од другите, по што е тој свој, по што тој ученик ќе биде автентична личност.

Има многу начини да им помогнеме на децата во нивното настојување да ги остварат своите човечки можности, но сепак ние можеме само да помогнеме, а секој за себе најмногу може сам да направи. Затоа нашата помош треба да биде само поттикнување и храбрење секој сам да ја преземе контролата над својот живот. Ако постојано имаме чувство дека зависиме од други и дека ни се случуваат непредвидени нешта, се чувствуваме недобро и уплашено. Затоа на децата не треба да им ги решаваме нивните проблеми и конфликтни ситуации, бидејќи животот нема да биде внимателен само спрема нив и треба да почувствуваат дека можат со сопствени постапки да влијаат на својот начин на живот. Составот на верувања е составен дел од процесот на самоактуелизација и претставува окосница на секоја личност. Тој е основа за интегритетот на личноста и ако се наруши доаѓа до бурни реакции и чувство на загрозеност. Тој состав на верувања се менува, развива и надоградува, но секогаш постои во некој облик и преку него се прекршуваат нашите доживувања на стварноста, нашето мислење, чувства и делување.

Тој состав голем дел е социјално условен па така во традиционалните семејства тоа претставува состав на религиски верувања, а во нетрадиционалните семејства претставува систем на филозофска ориентација која родителите ја пренесуваат на своите деца. Сепак, тој состав на верувања е условен и резултат на сопствениот развој така што секој поединец сам одлучува во што ќе верува. Училиштата во овој поглед треба да бидат отворени за сите ориентации освен оние кои се засновани на насилство и кршење на човечките права. Родителите имаат право да ги воспитуваат своите деца во склад со своите верувања, а училиштата имаа улога да ги шират видиците на младите луѓе да го извршат сами својот избор.

Човекот кој е свесен за самиот себе и кој знае кој е, сам или сама одлучува за својот живот и е во состојба сам да си го одбере патот.

Често се кажува дека целта на воспитанието и образованието во нашите училишта е да ги спрема младите за иднината и за животот. Но сепак, не треба да се заборави фактот дека еден петнаесетгодишен ученик не оди на училиште затоа што еден ден ќе стане возрасен, тука напротив, затоа што денес има само

петнаесет години. Децата и младите треба да учат за својата сегашност и да се снаоѓаат во своето секојдневие.

### 3.2 Хуманистичко воспитание – воспитание за хуман однос меѓу жени и мажи

Вистинскиот хуманизам претпоставува хуманизирање на односите меѓу луѓето независно од нивната расна, национална, политичка, верска, социјална или некоја друга припадност; независно од разликите во полот, бојата на кожата, професијата, функцијата и други можни разлики. Специфичен облик на хуманизирање на односите меѓу луѓето е хуманизацијата на односите помеѓу мажите и жените, односно помеѓу личности од различен пол. Во реални околности таа се гледа во меѓусебните односи во бракот, семејството, училиштето, работните претпријатија и установите, во јавниот живот и во различни други животни манифестации.

**Хуманизацијата на односите помеѓу личности од различен пол** се покажува како многу сложено и специфично прашање. Различно му се приоѓа и различно се сфаќа. Особено големи разлики и дијаметрално спротивни гледишта се искажуваат во однос на моралниот пристап. Некои хуманизацијата на односите помеѓу мажите и жените се толкува како апсолутна слобода во полните односи, без ограничување и без било какви морални компетенции на тоа подрачје. Тие потполно го отфрлаат полниот морал. Во такви антиморални истапи често се оди и подалеку па поединци личности не се задоволуваат само со негација на моралните компетенции, туку го доведуваат во прашање секоја морален пристап, моралните критериуми и моралните вредности, воопшто.

Меѓутоа, хуманизацијата на односите помеѓу половите не може и не смее са се сведува само на полните односи. Се однесува на еднакво - правни и хумани односи помеѓу припадниците на женскиот и машкиот пол како еднакво - правни човечки суштества, како еднакво - правни личности на сите подрачја – во работата, општествениот и политички живот, во школувањето, воспитанието и образованието, во љубовта, интимните полни односи и фамилијарниот живот – во кратко, во сите сфери на заедничкиот живот и делување. Еднакво - правноста

помеѓу мажите и жените треба да стане природен однос на човек спрема човек. Во сите подрачја мора да постои меѓусебно уважување, прифаќање, толеранција, разбирање, соработка, потпомагање и почитување. Личностите од различен пол не се биолошки еднакви, но мораат да бидат општествено, политички и етички еднакво - правни. Тоа е вистинскиот човечки пристап на хуманизација на односите помеѓу жените и мажите.

**Еманципациско воспитание** е потребно во општеството се додека постојат луѓе кои со својата положба не можат да си ги остварат своите човечки права. Тоа се луѓе на маргините на едно општество, каде што стасале по своја вина или од неправедноста на општеството, па им е потребна помош од други луѓе. Сите денешни општества имаат значаен процент на вакви луѓе, доселеници од други краеви и земји, невработени луѓе, иселеници, припадници на поедини етнички групи, луѓе кои работата во тешки и понижувајќи услови, луѓе со различни телесни недостатоци. Половина од нашето население го сочинуваат жени, а нивната положба се уште не е рамноправна со онаа на машките.

Воспитанието може да влијае на децата, чиј развој е загрозен поради објективни околности, да им помогне полесно да ја пребродат таа околност, но и кај останатите деца да развијат сочувство за проблемите на другите и подготвеност да се помогне. Воспитанието може да влијае да како возрасни луѓе бидат осетливи за проблемите на другите луѓе, да сфатат дека не постои идеално општество и дека секое општество делумно овозможува човечка еманципација, па затоа општеството треба постојано да се менува за да во повисока мери ги задоволува основните потреби на сите луѓе.

### 3.3 Хуманистичко воспитание – воспитание за човекови права

**Воспитанието за човекови права,** како дел од хуманистичкото воспитание, е обврска на секоја земја членка на ОН, потписничка на Општата декларација за човекови права. Декларацијата зборува дека тоа е заеднички идеал на сите луѓе и сите народи, а се разработуваат следниве човекови права: права кои се однесуваат ка човековото достоинство, право на живот, слобода и

лична сигурност; права за еднаквост пред законот; лична слобода; слобода на мислите, совеста и вероисповедта; право на слободно изразување; право на социјална сигурност; право на образование. Основните човекови права треба да се приближат на возраста на децата и да се остваруваат во секојдневниот живот во училиштето, семејството и општествената заедница. На тој начин младите луѓе ќе ја доживеат сета сложеност и осетливост кон сопствените промени, ќе ги доживеат судирите со традиционалните верувања и предрасуди на сопствената средина, но и нивното значење за поединецот и неговиот сопствен развој. Основните човекови права треба да бидат изложени во секоја училница и од децата, но и од возрасните, можеме да бараме почесто да се запрашуваат дали ги почитуваат овие права во однос на другите, но и дали ги користат сами своите права.

### 3.4 Хуманистичка педагогија

Хуманистичката педагогија во поединецот гледа единствена и комплетна личност која може да осознава, да го открива сопственото значење и да се развива. По идејата на хуманистичката педагогија секој човек има своја цел – ЧОВЕКОТ Е СЛОБОДЕН работник. Претставниците на хуманистичката педагогија ја истакнуваат поставката: секој човек во себе носи потенцијал за здрав развој и напредок.

Хуманистичката педагогија својата основа ја наоѓа во педагогијата на егзистенцијализмот. Секој човек во себе носи одреден потенцијал и е предодреден да биде слободен и да настојува тоа да го оствари. Правецот во педагогијата означен како хуманизам нагласува дека во детето/човекот треба да се откријат неговите латентни потенцијали и да се активираат. На секое дете треба да му се овозможи да се развива како креативна, спонтана и слободна личност. Во животот треба да се потпира на самиот себе. Секој човек е личност за самиот себе. Во училиштата детето треба да биде во позиција на субјект, активно да учествува во воспитно – образовниот процес и на тој начин максимално да ги истакне своите потенцијали. Накратко, во основа на хуманистичката педагогија може да зборуваме дека таа се заснова на почитување и уважување на личноста на детето.

Хуманистичката педагогија го обновува античкиот воспитен идеал – хармонски развиен човек, формирање на неговото тело и душа, обликување на правото за воспитување и образование на сите.

Хуманистичката педагогија, како што истакнува професор Љупчо Копровски, воспитаникот го разгледува како субјект, кој преку воспитанието и образованието се оспособува да ја запознава стварноста (набљудува, учи, знае), да ја менува, да ги открива своите потенцијали, да ги манифестира и развива, и во тој процес да се оспособува и да владее со себе си и со сопствениот развој. Воспитаникот претставува индивидуа во развој, тој мора да се оспособува, но така што постојано да се развива како субјект зашто инаку не ќе може да управува со сопствениот развој, туку некој друг однадвор ќе управува со него. (Баракоска А., Скопје,2007)

Хуманистичката педагогија, позицијата на ученикот како субјект во воспитно – образовниот процес не ја сфаќа во анархична смисла, во смисла ученикот да се определува за која „сака“ алтернатива и можност, туку врз основа на свесната субјективна активност успешно да ја сознава стварноста (непосредно и преку науките) и позицијата на човекот во општеството, за да може, спротивно на индоктринацијата и манипулацијата, слободно да се определува за оние алтернативи, можности и вредности кои водат кон ослободување на сопствениот човеков развој.

Хуманистичката педагогија со својата теорија и методологија, и во соработка со другите науки, има обврска повеќе да ја развива теоријата и праксата и да создава услови во кои ученикот од објект се повеќе ќе станува субјект во вистинска смисла на зборот, субјект за самореализација и самокреација.

## 4.Очовечувањето како воспитен идеал

Како разумно и вредносно суштество човекот не смее да допушти неговото потомство да лута без компас и да се определува за ставови со кои се негираат човечките тежнеења и вредности. Со други зборови, воспитанието не е и не смее да биде вредносно неутрално. Човекот е длабоко вредносно ангажиран, а таа ангажираност наложува да е во функција на постигнување на вистински човечки, општонародни и национални вредности.

Воспитанието е основа на националниот развиток и инвестициите во воспитанието, образованието и изградувањето на луѓето – носители на напредокот и развитокот – се најрентабилни инвестиции.

Воспитувањето ги оспособува луѓето за живот, им дава знаења, формира навики и умеења, развива способности, ги изградува човечките својства, го социјализира човекот, го хуманизира, вредносно го збогатува и му помага во осмислување на животот.

Воспитанието ги одржува општочовечките вредности и сите позитивни настојувања на човечките заедници. Тој ги поврзува луѓето и заедничките настојувања за остварување на најзначајните вредности и идеали – очовечување на човекот. Станува збор за човековите тежнеења и настојувања, за човековите визии и проекции за тоа каков би требало да биде човекот. Ваквите тежнеења и настојувања на човекот се присутни во текот на целата негова историја.

Првите мисли за складниот развиток на телото и душата се појавуваат уште во античка доба. Главна задача на воспитанието во древна Атина е идејата за хармоничен развиток.

Истапувајќи против сталешкото воспитување, хуманистичката педагогија го обновува античкиот воспитен идеал – хармоничен развиток на човекот, формирање на неговото тело и душа, обликување на правото за воспитување и образование на сите.

Педагошките класици: J.A.Komenski, J.Locke, J.J.Rousseau, J.H. Pestalozzi и други се доследни следбеници и застапници на тие воспитни настојувања. Тие

ги разработуваат и афирмираат идеите за складен развиток на сите човечки способности.

J.A.Komenski бара обликување на човековото суштество во неговата целовитост. Rousseau ја истакнува идејата за општочовечко воспитување. Песталоци заговара складен развиток на сите дарби и можни човечки карактеристики, бара изградување на човекот во неговата целовитост.

Всушност,хуманизацијата на личноста како воспитен идела ги соединува човековите одлики, вредности што го оцртуваат најдобро, посакувано, идеално сфатено и мисловно обликувано човечко суштество кое како пример на човечноста и добрината како вечен патоказ на усовршување и очовечување ги привлекува, инспирира и поттикнува сите педагошки настојувања.

Смислата и целта на педагошките настојувања се воспитување на здрав, способен, чесен и културен човек кој спремно, одговорно и создавачки дејствува во сите животни манифестации во семејните и народните заедници, во професионалните дејствувања, во општествена корист поминувајќи го слободното време.

Ж. Безич истакнува дека главната цел на воспитувањето е „развивање на човековата личност во нејзината целост", а M.Szentmártoni вели дека целта на воспитувањето е „ младите да ги направиме самостојни, одговорни, возрасни личности кои се способни да донесуваат одлуки за својот живот". Односно целта на воспитувањето и на воспитниот идеал е потполн, изграден, самостоен, одговорен и хуман човек.

## 5. Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието

Воспитанието е процес на изградување на личноста. Личноста е организирана целина, одредена структура на биолошки, психички и социјални својства, особини и однесувања со што се изразува особеноста на поединецот, која што со таа своја уникатност, единственост и неповторливост се издвојува, одликува и разликува од сите други членови на општествената заедница.

Од филозофско и педагошко гледиште личноста е вредносна или етичка категорија. Таа е битно обележје на човекот како човечко суштество. Таа станува таква со тоа тоа што не е нешто што на поединецот му е однапред дадено, туку допрва треба да се создаде со процесот на свесна, целисходна и креативна дејност која е доследна самата на себе. Заради тоа, поединецот дури сега треба да стане личност со тоа што својата природно биолошка даденост смислено и дејствено ја надминува и очовечува – хуманизира.

Во однос на индивидиумот, личноста е повисока категорија во вредносно значење. Индивидуата е биолошки дадена, а личноста е општествено педагошки зададена. Индивидуата се раѓа, а личноста настанува во процесот на воспитанието.

Вистинските човечки телесни, интелектуални, морални и естетски квалитети настануваат, се развиваат и изградуваат во текот на воспитниот процес. А токму тие квалитети се битни обележја на човекот. Тие го чинат човекот – Човек, Човек што гордо звучи, Човек со голема почетна буква, Човек – личност, за разлика од човекот – индивидуа.

Накратко, личноста е вредност, универзално добро. Затоа воспитанието ќе ја изгуби својата смисла ако не тежнее кон изградување на личноста на воспитаникот во сите нејзини вредносни доживувања. Крајната цел на воспитанието е биолошки дадената индивидуа да прерасне во општествено – хуманизирана и педагошки зададена личност.

### 5.1 Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието засновано на битните човечки определби

Човекот пред сè е биолошко суштество. Сите негови способности се засноваат на анатомско – физиолошката структура на неговиот организам. Нема здрав дух, ни било каква творечка дејност без телесна конституција и одредени способности. Затоа треба да се негува здраво тело како подлога на здравиот дух. Затоа и се јавува потребата од телесно воспитување.

Човекот е мисловно, разумно суштество – хомо сапиенс. Со своите интелектуални способности се издвојува од животинскиот свет. Изградува свој поглед кон светот. Интелектот е специфично и битно човечко одредување, а интелектуалното воспитание е главен дел од воспитните настојувања.

Човекот е општествено – морално суштество – хомо моралис. Отсекогаш живеел, живее и ќе живее во човечки заедници. Ги прифатил правилата на заеднички живот и изградил естетски состав на вредности. И моралноста е негово битно и специфично обележје. Така и моралното воспитување станува битен дел од човековото воспитување.

Човекот е суштество со развиена смисла и складност, хармоничност, убавина – хомо естетикус. Човекот е и естетско суштество. Неговите естетски склоности треба да се поттикнуваат и развиваат. Оттука се јавува потребата за естетско воспитување како дел од педагошките настојувања. Човекот има активен однос спрема сè што го опкружува.

Тој е создател на материјалните добра и духовните вредности, работно – практично и продуктивно – творечко суштество. И тоа е едно битно човечко обележје. Него го карактеризира и културната работа. Во воспитниот процес се постигнува работно воспитување, што го сочинуваат пет битни делови на тој процес.

### 5.2 Хуманизација на личноста на ученикот и воспитанието засновано на структурата на психичкиот живот

Човечноста се огледува во човековото однесување. Добро е воспитан оној кој човечки постапува. Човековите постапувања, моралните чинови, односот кон работата, прифаќањето и извршувањето на човековите должности, односот спрема материјалните и духовните вредности не зависат само од знаењето. Можеби некој добро знае како треба да се постапи и да ги изврши своите должности, а сепак тоа да не го прави. Доброто дело е многу повеќе од знаењето како треба да се изврши тоа, освен знаење, претпочита и сила, моќ, телесни и интелектуални способности, позитивна мотивација и одлучност. Со други зборови, потполно го зафаќа и ангажира човековиот психички живот, сите делови на неговата структура. А структурата на психичкиот живот ја сочинуваат рационалното, емоционалното и волевото – дејствено подрачје, односно подрачје на човекови сфаќања, доживувања и дејствувања. Во педагошката наука ги среќаваме како ратио, working оратио и оператио.

Рационалното подрачје – го претставува подрачјето на човековите спознанија; мислењето и сфаќањето.

Емоционалното подрачје – го сочинуваат уверувањата, ставовите, вредносните судови и нивно прифаќање.

Волево – дејственото подрачје – го претставува човековото однесување и дејствување. Услов му се изградување на умеења и навики, волева сила, карактерна цврстина и други позитивни одлики кои помагаат човекот да истрае на својот пат на очовечувањето, му даваат сила за борба за своите човекови идеали и вредности.

И покрај сè, личноста е многу сложена структура. Ја проучуваат бројни науки: психологијата, педагогијата, филозофијата, социологијата и др.

Постојат бројни психолошки теории на личноста: психоаналитичка – С.Фројд; психосоцијалната – Е.Х.Ериксон; типолошка – К.Левин; хуманистичка – А.Х.Маслов; феноменолошка – К.Роџерс; бихевиористичка – Б.Ф.Скинер и др. Овде ќе се задржиме на хуманистичката теорија на личноста на Абрахам Маслов.

### 5.3 Хуманистичката теорија на личноста на Абрахам Маслов

Психолозите хуманисти, вклучувајќи го и Маслов, ја отфрлаат науката која не ги почитува вредностите. Маслов смета дека не е неопходно науката да се одрекне од проблемите на љубовта, креативноста, вредностите, радоста..., оставајќи го нивното разбирање и прифаќање на оние кои не се занимаваат со наука. Многу теории кои низ историјата се обиделе да изградат систем на натуралистичко - психолошки вредности пропаднале, бидејќи не можеле да понудат валидни одговори.

Маслов смета дека, благодарение на развојот на психологијата како наука, за прв пат се има можност да се одговори на долготрајни проблеми: Што е добар живот? Што е добар човек? Како да се научат луѓето да сакаат и преферираат добар живот? Како да се одгледуваат децата да станат здрави и возрасни личности? Како да бидам среќен? Да се биде во мир со себе? Да се одговори на овие животни прашања за личноста значи да се препушти на искуствата на своето тело.

Сите основни потреби можат да се сметаат за мали чекори кои водат до остварување на крајната човекова смисла и цел кон која се стреми. Човековата природа е доста уникатна и посебна. За хуманистичката психологија човекот е договорно суштество способно слободно да одлучува и да избере разни опции кои му се нудат. Хуманистичката психологија не го смета човекот за статичко суштество, туку за неа човекот е во непрекинато постојано движење и промени.

Според Маслов и други хуманистички психолози, процесот на самоактуелизација е вродена во човекот и човековата природа, , затоа што ако не постои раст или самоактуелизација на поединецот, тогаш се претпоставува дека нешто од надворго спречило тој раст. За да може една личност да се реализира и да се чувствува психолошки здрава мора да ги оствари (реализира) своите уставни опции. Здравиот човек има способност да се одвои од својата околина и да живее по свои внатрешни закони.

Една од важните обележја е интегрираноста на сите човекови делови во една целина, и тоа е една од темелните поставки на хуманистичката психологија. Човекот преставува интегрирана целина и затоа задача на психологијата е да го поучува како целосно интегрирано суштество.

Освен целосноста, човекот е создавачко суштество. Создавањето на личноста е една од темелните концепции на хуманистичката психологија, и тоа е изразито човечко обележје. Тоа е вродена особина на луѓето. Создавачкиот (креативниот) потенцијал на поединецот бара одредени услови за да може слободно да се развива.

Вредностите и менталното здравје

Психолошко здравје според Маслов не значи само субјективно добро да се чувствуваш, туку нешто објективно „подобро" . Здрави луѓе има малку, но здравјето со сите свои вредности(вистина , добрина, љубов...) е можно и начелно достижно. Проучувањето на вредностите, потребите, стравовите, нервозите треба да стане фундаментален аспект на сите научни проучувања (студии), тоа треба да се стреми да се продлабочи спознанието за човекот, за да се избегне лошото или некористењето на сопствените способности, со што би се спречило самоостварувањето и целосноста на организмот.

Маслов зборува и за психологија на здравјето која се нуди како поголема можност својот живот да го подобриме и да напредуваме. Тој смета дека здравите личности ги задоволиле своите основни потреби и затоа примарно се мотивирани за самореализација. Здравите личности спонтано ги избираат таканаречените виши вредности: наместо лага избираат вистина, наместо лошо добро, наместо грдо убаво.

Овие вредности кои Маслов ги нарекува В-вредности (човечки вредности) во помала мера се среќаваат кај повеќе луѓе, но во поголема мера кај здравите личности (помалку исполнети со нервоза).

Маслов скалата на потреби ја поделил на D потреби –потреби на недостатоци, и В потреби – мета потреби или мотиви на раст. Колку некои потреби се на пониско ниво толку повеќе тие се слични кај различни луѓе, најголеми се разликите во потребите помеѓу поединците на највисокото ниво во хиерархијата

- D потреби- физиолошки потреби, потреби за сигурност
- В потреби – потреби за припадност и љубов, потреба за самопочит, потреба за самоактуелизација, потреба за трансцеденција

Ментално здравите личности се способни да воспостават добра одговорна и ефективна врска со околината. Човечките суштества имаат тенденција за дефинитивно човештво, задоволувајќи ги своите основни потреби, успеваат да остварат висок квалитет на искуства кои по себе се совршени и можат да дадат вредност на животот. Човечките суштества кои перципираат на D-начин во главно перципираат така да споредуваат, донесуваат судови, се поврзуваат... а човечките суштества со B-перцепција подготвени се да сакаат, простуваат, да прифаќаат, да се восхитуваат, да разбираат...

Теорија за хиерархија на мотивите

Основни потреби

- Физиолошки потреби на организмот- тоа се најважните, најосновните и најјаките од сите потреби на човекот, и имаат витална важност. Незадоволувањето на овие потреби доведува до смрт на организмот. Ако една од овие потреби не е задоволена овие останатите не можат да функционираат, а тоа се: потреба за храна, вода, кислород, спиење, потреба за сексуалност (опстанок на човекот), заштита од екстремни температури, потреби за лачење.
- Потреба за сигурност – основни (темелни) психолошки потреби. Тоа е потреба за постојаност, ред, поредок, структура и предвидливост на настаните во блиска или далечна иднина. Потребата за сигурност е потреба за цел живот
- Потреба за припадност и љубов – кога се задоволат првите две потреби, тогаш доаѓа до задоволување на останатите потреби. Приврзаноста, лојалноста и љубовта создава однос со другите луѓе. Луѓето кои во своето детство со љубов и нежност биле воспитувани, кога ќе пораснат психички се здрави и имаат здрав развој. Љубовта за Маслов не е исто што и сексуалниот нагон. Љубовниот однос меѓу луѓето според Масов е здраво чувство, љубовта создава чувство на пријателство, човекот без љубов се чувствува празен и бескорисен.
- Потреба за почит и самопочит_ почит на самиот себе и страна на друг, поединецот да знае да се носи со потешкотиите и да ги решава. Маслов

смета дека најздраво чувство на сопствена почит е она чувство кое се базира на респект, почит на другите луѓе.

- Потреба за самореализација – самореализирани личности се оние личности кои постанале се она што можеле да станат. Потполна самореализација остваруваат многу мал број луѓе.
- Потреба за самонадминување – оваа потреба Маслов ја додал самата своја смрт, кога веќе се наѕирале контурите на трансперсоналната психологија, (чиј зачетник е Маслов), таа е теорија која става акцент на духовните искуства. Да се излезе од себе, од својот егоцентризам за да може потполно како личност да се оствари во алтруизмот

Љубовта на самореализираните луѓе

Ние мораме треба да ја разбереме љубовта, мораме да бидеме способни да ги научиме луѓето да сакаат, љубовта мора да ја разбудиме инаку светот во кој живееме ќе биде препуштен на непријателство и сомнеж. Едно од најдлабоките задоволства кое настанува во здравиот љубовен однос, е тоа што љубовниот однос овозможува најголема спонтаност, природност. На љубовта помалку и штети чувството дека не нè разбираат, отколку стравот кој помалку или повеќе сите го чувствуваме, другите да проникнат низ нашите маски, маски на потиснување кои ни ги наметнале културите. Тоа ни оневозможува одржувањето на бројни пријателства, и во напаст сме другите да ги потценуваме.

Желбата да сакаме и да бидеме сакани

За самореализираните луѓе е точно дека сакаат и се сакани. Со некоја личност постои желба да биде сакана. Таа желба е оправдана и здрава и ни овозможува да бидеме креативни, бидејќи недостатокот на љубов го умртвува создавачкиот (креативниот) потенцијал. Но за да ја оствариме оваа желба многу често ние го избираме погрешниот начин.

Тоа го правиме заради тоа што таа желба е делумно несвесна. Се додека не ја доведеме потполно во свест, ние не можеме конструктивно да ја оствариме, по потоа таа создава фрустрации и други проблеми. Зошто таа желба е често несвесна? Рековме дека детето копнее за исклучителна љубов. Тоа значи дека

детето бара љубов 24 часа ден, за да не мора да се труди и поминува низ тешкотии. На детето му се покажува дека таквата желба за исклучива и неограничена љубов погрешна, па детето чувствува кривица заради таквата своја желба. Вистина е дека исклучивата и неограничената љубов е нестварна, а желбата за неа е незрела. Меѓутоа, детето тогаш заклучува дека желбата за љубов сама по себе е погрешна. Исправен заклучок би бил да сфатиме дека желбата за таков вид на исклучива љубов е погрешна , но дека имаме право да копнееме да бидеме сакани.

И покрај нашиот срам за копнеењето по љубов, и како последица на тој срам да ние го потиснуваме тој копнеж, ние не можеме потполно да се одрекнеме (откажеме) од потребата за љубов. Потребата е присутна, но заради нејзиното негирањето ние ја искривуваме. Тој искривен начин е одговорен за оваа потреба да не можеме да ја задоволиме. Ние длабоко во себе веруваме: Погрешно е да се бара да се биде сакан. Немам право да бидам сакан, бидејќи јас не сум вреден за тоа (тоа не го заслужувам).

Тоа е причина заради која не добивам љубов. "Но ние продолжуваме да се бориме на свој погрешен начин за да ја задоволиме својата потреба да бидеме сакани, но го постигнуваме само тоа уште помалку да не сакаат. Единствено ако се откажеме од погрешното барање на љубов, може да сфатиме дека нашето вистинско Јас може да биде сакано и ќе биде сакано. И така го прекинуваме маѓепсаниот круг – да ги присилуваме другите да не сакаат, а тие не се спремни, а тогаш ние уште повеќе ги присилуваме... Замената или компензацијата на желбите да бидеме сакани е желба да добиеме одобрение да бидеме подобри од другите, да ги воодушевиме другите луѓе и да бидеме важни. Тоа ни се чини некако помалку срамно. Постојано одиме низ животот докажувајќи се, како би добиле почит, восхит и одобрување. Таа замена може да поприми и различни други облици. Луѓето мора да се сложуваат со нас, да ги следат нашите постапки, или ние мора да им докажеме на другите дека со нив се сложуваме, или со мислењето на одредени луѓе, или со оние што мислиме дека тие мислат- што секогаш не е исто.

Постојаната склоност на прилагодување, да бидеме „послушно дете„ е дел од тој судир. Многу луѓе можат да имаат помалку од сето тоа, некои склоности ќе се прочитаат во одредени ситуации, додека други склоности ќе

доаѓаат на видело во други ситуации. Постојат многу примери за компензација за нашето копнеење за љубов. Ситуацијата кај нас изгледа вака: ние не сме свесни за оригиналната желба. На почетокот не сме свесни ни за заменската желба - борба за докажување. Колку работиме на себе, ќе бидеме се посвесни за постојаната склоност да се бориме да добиеме признание и одобрение.

Ова знаење ни е потребно за да можеме во себе да ја побараме тагата бидејќи сме неисполнети, па ќе можеме и да ја почувствуваме. Тогаш ќе сфатиме дека борбата за одобрување, или нешто да докажеме не прави егоцентрични, во право, арогантни, надмоќни, или нездраво покорни, што на крајот ќе не направи огорчени. Тоа допринесува луѓето да не нè сакаат. Ако си дозволиме да почувствуваме оригинална копнеж да бидеме сакани и ако не се плашиме од наводното „понижување„ и „слабост„ кои тој копнеж ги подразбира, како и да не се плашиме да ја почувствуваме тагата заради неисполнување на тој копнеж која ќе има исцелувачки ефект з нас, ние ќе допринесеме да се почувствуваме исполнети. Ќе сфатиме дека сме вредни за љубов. Нема повеќе да се задоволуваме со штетното самосожалување дека не можеме да бидеме сакани, и ќе бидеме спремни да ги отфрлиме тие земски и штетни потреби кои не спречуваат да го добиеме она што ни треба и што можеме да го добиеме, но само ако се потрудиме да бидеме она што сме.

Мораме да бидеме разочарани, бидејќи никогаш не можеме да добиеме онолку колку што сакаме, затоа што тоа не може да биде стално и од толку многу луѓе колку би сакале. Но над сè, заради тоа што тоа не е она што навистина го посакуваме, а тоа е љубовта.

Желбата да бидеме сакани, е сама по себе креативна. Првиот чекор е да станеме свесни дека оваа желба постои и до која мера таа постои.

Мораме да станеме свесни до кој степен се чувствуваме несакани. Мораме да станеме свесни како се обидуваме да компензираме така да ги осетиме оние чувства кои се борат да добиеме одобрување. Мораме да бидеме свесни на притисокот да се докажеме во било кој случај. Секојдневната реакција, многу префинетите начини на кои нашите чувствата се изразуваат, мора во потполност да ги доживееме. Во нашиот дневен преглед и набљудувањето на самите себе мораме да се носиме на тоа докажување, како

сме добри, паметни или како префинето се прилагодуваме на другите заради добивка или страв.

Сето тоа мора да го истражиме или доживееме во своите чувства, бидејќи интелектуалното знаење за тоа нема да биде доволно нешто да промениме. За време на тој процес ќе научиме како да се откажеме да се бориме за да би се докажале.

Во која мера ќе се отпуштиме и откажеме од таа борба, и искусиме нова сила (снага). Ќе отфрлиме огромен товар кој до сега го носевме. Како нашата борба за докажување ќе слабее така ќе подготвиме пат за вистинска љубов. Ќе сфатиме дека единствена вистинска љубов е онаа која ни е слободно дадена. Прво ќе дозволиме на другите луѓе дека не треба да не сакаат, ако тие така одберат. Тоа може да не растажи, но никогаш нема да не направи напнати. Таа тага ќе биде ослободена од самосожалување, бидејќи чувството е вистински исцелувачко, и не нѐ прави незадоволни. Од внатре, ние постојано сакаме да ги присилиме другите да не сакаат. Но љубовта не може да се изнуди. Но ранетото дете тоа во нас не го гледа. Кога ги препознаеме тие емоции тие зборуваат: Ти мораш да ме сакаш. Слаба личност со нездрави мотиви може привремено да се покори, но тоа не е она за што тежнееме. А тоа не можеме да го имаме додека другите ги присилуваме да не сакаат. Затоа што снажна и зрела личност не можеме да ја покориме, бидејќи таа дејствува само на слобода.

Ние не можеме да ја почитуваме личноста која сме ја покориле. Можеме да ја почитуваме само личноста која слободно не сака. Така ние прво треба да ги ослободиме другите, да им допуштиме пред се да не сакаат, ако тие така изберат. Тоа не значи дека заради тоа треба да бидеме среќни, но ако се соочиме со тагата, таа ќе не исцели.

Наградата ќе биде огромна, ако тогаш некој слободно ни ја понуди својата љубов. Кога зборуваме за тоа дека ги присилуваме другите да не сакаат, тоа не значи дека тоа свесно го правиме. Тоа се случува во нашите чувства, и ако ги преведеме во јасни мисли, ќе видиме дека тоа всушност се случува.

## 6.Поим за современо училиште

Поимот современо е всушност исто со поимот модерно. Изворно води потекло од латинскиот јазик (modernus) со значење сегашен, денешен, во духот на новото време, современо кое има обележје на нешто ново. (Вујаклија, М., 1974). Изразот "модернизам" подразбира вкус и наклонетост кон она што е модерно, правец кој е наклонет кон модерната теорија на сознанието, духот на денешното време; нешто што е поставено на темелите на науката и технологијата.

Синтагмата "современо училиште" го изразува училиштето во транзиција, чија цел не е само технолошка трансформација, туку и промени во целите, филозофијата и вкупната методологија на воспитанието и образованието, односно наставата.( Ратковиќ М,1997)

Училиштето е институција за организирано воспитување на човекот. Самиот збор има грчко потекло чие првобитно значење е "време на неработа". Подоцна поимот (shola) значи место на кое се изведување учењето во слободното време.

Училиштето има своја долга еволуција. Секогаш било одраз на одредени општествено економски односи. Тие односи имале влијание на карактерот, на смислата, како и на целта и задачите на воспитанието и образованието. Како се менувало општеството, така се менувало и училиштето. Функциите на училиштето се менувале во зависност од потребата на општеството. Примерите со Атина и Спарта тоа најдобро го покажуваат.

Со тек на времето училиштето станало и институционална установа. Затоа поаѓаме од дефиницијата во Педагошката енциклопедија според која: " Училиштето претставува институција чија што основна функција е да ја остварува целта и задачите на воспитанието" .

Училиштето најчесто се определува како сложен, комплексен, динамичен, отворен, целесообразен систем. Исто така училиштето е институција во која младата личност почнува да ги добива првите целосни и систематски знаења, способности и навики од општиот фундус на човековата цивилизација.

Сегашната задача на училиштето е: воспитание и образование на младите. Воспитанието се заснова на изградување на складна, хармониска млада личност, па оттука обврзно се остваруваат интелектуални, морални, естетски, работни и физички компоненти на развојот на личноста.

"Со своето дејствување училиштето ги поставува темелите и создава можност за многустран развој на личноста на младиот човек, за неговата социјализација, за развој на слободна, хумана, револуционерна, работна, создавачка, критичка личност способна и одговорна за изградба и одбрана на општеството." Задача на училиштето не е само да осигура задолжително школување на младите, туку да ја преземе улогата на поширока социјална и културна мисија и да се развива како активно жариште на просветата, културата и општественото воспитание.

Училиштето е педагошка, културна и социјална заедница на учениците, наставниците, родителите и сите други кои придонесуваат за реализација на нејзините програмски содржини. Има за цел на учениците да им ги овозможи потребните знења, умеења,ставови и навики кои се потребни за живот и понатамошно школување. (Stevanovič M, Ajanovič D, 1997)

Секое современо училиште го карактеризираат неколку аспекти, а тоа се: интенционален аспект, персонален аспект, медиски аспект, организациски аспект и временски аспект.

*Интенционален аспект*

Ова обележје е важно за современото училиште. Тој претставува намерна, свесна активност, која училиштето ја презема за подигање на една млада личност. Всушност, ова е и разликата која училиштето го одвојува од другите фактори кои придонесуваат за воспитание и образование. Интенционалниот аспект е ознака за планско водење и насочено воспитување и образување. Но задача на современото училиште во услови на демократија не е само да образува една личност, туку негова задача е да создаде од децата и младите луѓе свесни и одговорни граѓани, подготвени за соочување со политиката, но и да им ја пренесе културата.

*Персонален аспект*

Тој упатува на создавачката интерперсонална комуникација меѓу наставниците и учениците. Воспитно образовниот процес воопшто не може да биде ефикасен без стручни наставници и соработници. Наставниците и учениците се рамноправни партнери во решавање на проблемски ситуации. Учениците се јавуваат во две позиции: позиција на објект и позиција на субјект. Наставниците се трудат што помалку да управуваат со процесот на учењето, тие остануваат во втор план, а на учениците им препуштаат самостојно да планираат, учат, истражуваат и да се самовреднуваат.

Задача на наставникот е да овозможи слободно манифестирање и слободен развој на една личност. Овој аспект во средиштето го поставува ученикот. Персоналниот аспект е свртен кон ученикот, неговите потреби и можности.

*Медиски аспект*

Овој аспект се темели на материјалистичката филозофија и принципот на нагледност, за кој посебно се залага Коменски. Од некогашната креда и табла како основни средства во работата, современото училиште ги има на располагање разновидните визуелни, аудитивни и аудиовизуелни средства. Аудиовизуелните средства се вбројуваат во современите комуникациски средства. Во современото училиште се учи покрај екранот, со помош на компјутери, видео записи, филмови. Целта е училиштето да ги оспособи учениците за работа со компјутери и пребарување на податоци и така да ги научи на новата писменост.

*Организациски аспект*

Овој аспект го прави училиштето најдобро уредена институција во воспитанието и образованието. Прецизно се одредени временско – содржинските, просторно-техничките и реализирачко - субјективните структури. Во училишниот "инпут" влегуваат ученици со многу сиромашни животни и едукативни искуства, додека училишниот "аутпут" дава висок квалитет на едукација на младата личност.

*Временски аспект*

Го карактеризира училиштето како добра организација на воспитание и образование. Животот и работата во училиштето се одвива со прецизно утврдени годишни, месечни, неделни и дневни содржини.

Всушност , современото училиште има за цел да ги подготви младите за иднината, да ги оспособи за перманентно образование за сестран развој. Тоа станува отворена институција за нови содржини, организациски модули и кадровска соработка со се што го опкружува. (Stevanovič M, Ajanovič D, 1997)

## 6.1 Промени и тенденции во современото училиште во функција на хуманизација на личноста на ученикот

Дваесеттиот и дваесет и првиот век можат да се карактеризираат како периоди на перманентна, пожешка и помека критика на училиштето од страна на бројни авторитативни мислители. Така во 1967 година на меѓународната конференција во САД директорот на Меѓународниот институт за планирање на образованието при УНЕСКО, Филипс Кумс, ја констатира кризата на образованието и врз основа на истражувањата на експерти од 18 држави ја пишува книгата "Светска криза на образованието", која се прифаќа како официјален документ на Обединетите Нации. Кумс констатира дека класичното училиште, застарените содржини и методи на работа во него не се во можност да ги задоволат барањата на современото производство, развитокот на науката и технологијата, длабоките општествени трансформации и посебно на студентите и учениците. (Кумс,1971)

Шеесеттите и седумдесеттите години на дваесеттиот век се период на остри критики на поставеноста, функцијата, содржините, начините и методите на работа на училиштето, од кои некои отидоа до таму што констатираа дека "Училиштето е мртво" (Riner,1971,наведено во Костова М,2004) или "Долу училиштата" (Илиќ,1980, исто). Од друга страна, бројни еминентни стручњаци застанаа во одбрана на традиционалното училиште бранејќи го со висок квантум на знаења што тоа ги дава на учениците. Меѓутоа, сите анализи и укажувања го иницираа процесот на реформирање на традиционалното интелектуалистичко

училиште. На крајот на осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години од векот кои измина, во светот започнува процесот на нови реформи на училиштето и тој процес продолжува и денес.

Една од премисите на кои се гради современото училиште е квалитативно поинаквиот однос меѓу наставникот, ученикот и родителот. Во оваа смисла, се почести се барањата за ставање на ученикот во центарот на работата на училиштето.

Дејвид Мак Намара тврди дека „наставата и учењето треба во центарот да го имаат наставникот...наставникот знае повеќе од своите ученици...тој во училницата е централна фигура одговорна за учењето на децата" (Mc Namara,1994). Ова барање не подразбира „строг, авторитативен наставник која бара децата да се ангажираат во нервно исцрпувачкото учење", туку бара од наставникот да биде „ориентиран спрема децата". (Mc Namara,1994)

Значи, се укажува потреба во центарот на наставата да бидат и ученикот и наставникот, значи и едниот и другиот да бидат субјекти во воспитно - образовната работа. (Ратковиќ, 1997)

Теоретските основи на современата работа во училиштето ги наоѓаме во моделот на т.н. „отворено училиште", кое по својата суштина претставува општо настојување за решавање на кризата на традиционалното училиште.

Корените на отвореното образование можат да се најдат уште во хелинистичкото воспитание, за подоцна да се препознаат во идеите на Русо и својот процут да го достигнат во идеите на Џон Дјуи. (Радовановиќ,1997)

За Дјуи "воспитанието е постојана реорганизација и реконструкција на искуството. Тоа претставува основна цел, а сè додека активноста е воспитна, тоа ја постигнува таа цел – директна трансформација на квалитетот на искуството" .(Dewey,1966)

Во најширока смисла на зборот, Дјуи воспитанието го сфаќа како средство со помош на кое се остварува континуитетот на општествениот живот во рамките на заедницата. Во оваа смисла, вели дека "она што е хранењето и

размножувањето за биолошкиот живот, тоа е воспитанието за општествениот живот".

Улогата на училиштето Дјуи ја гледа во "усогласувањето на склоностите на секој поединец на разновидните влијанија на различните општествени средини во кои поединецот влегува" ( Дјуи, наведено во Радовановиќ, 1997). Вредноста на воспитанието кое се остварува во училиштето зависи од тоа во која мера тоа создава желба за постојан развој и дава средства за негово остварување. (Миовска - Спасева, 2002)

Врз основите на учењето на Џон Дјуи настанува прогресивистичка концепција на воспитанието по која училиштето се заснива на принципите на слобода, демократија, взаемно почитување и соработка. Основните постулати на прогресивистичка концепција стануваат теоретска основа на концепцијата за отворено училиште која се потпира на принципите за отвореност на училиштето кон детското искуство и кон средината во која живее.

Моделот на отворено училиште добива своја примена во основното образование во САД и Велика Британија во шеесеттите години на дваесеттиот век потпирајќи се на идејата за прогресивно образование, но и на други теоретски основи и алтернативни решенија на современото образование. Иако постојат определени разлики, основен постулат на концепцијата на отвореното училиште е сфаќањето дека училиштето е место на живеење на учениците, а не место каде се припремаат за живот во иднина. Оттука, според оваа концепција училиштето треба да се сврти кон проблемите на децата, родителите и средината. Односите на училиштето со другите институции и субјекти во средината треба да бидат односи на взаемно почитување и соработка. (Радовановиќ,1997)

Разликата меѓу традиционалното и отвореното образование Суходолски ја разгледува не само од аспектот на разликите во содржината на образованието, туку и во разликите во формите на овие образовни концепции, при што, како посебна вредност на отворениот модел ја нагласува поврзаноста на образованието со процесот на животот. (Suchodolski, 1984)

Треба да се нагласи дека отвореното образование не претставува единствена теоретска концепција и дека различни автори дури користат и различни термини, на пример: отворено, слободно, неформално училиште.

Училиштето се повеќе соработува со средината, отворено е спрема се што е ново и вредно, ги асимилира новите педагошки идеи, позитивно влијае на локалната средина, ја менува и станува центар за успешно воспитно образовно делување и е во согласност со поставените општествено - педагошки цели. На тој начин за разлика од традиционалното училиште од затворен и формален карактер, доаѓаме до нов тип на училиште – отворено училиште.

Во настојувањето да ги класифицира различните модели на отворено училиште, Јован Ѓорѓевиќ наведува три групи на модели и тоа:

-отвореност на училиштето спрема учениците

-отвореност на училиштето спрема општествената средина

-отвореност на училиштето спрема учениците и општествената средина. (Ѓорѓевиќ,1981)

Александра Марјановиќ го нагласува аспектот на отвореноста на воспитните институции спрема општествената заедница, а пред сè, спрема родителите на децата. Таа смета дека родителите треба најнепосредно да бидат вклучени во работата на предучилишните институции, од планирањето на активностите до реализирањето и валоризирањето. (Марјановиќ,1987,наведено во Костова М, 2004)

Современото опкружување на училиштето се менува со вртоглава брзина, границите помеѓу училиштето како систем и неговото опкружување стануваат се послаби и се рушат високите бедеми со кои се уште се обвиткани образовните институции. Во оваа смисла, основа на сите настојувања за промени на современото училиште е барањето тоа да биде така организирано, за да биде способно за трајни интеракции, да прерасне во динамичен и потполно отворен систем кој ќе биде поврзан со целосноста на условите и ситуациите во општеството и другите фактори, пред сè, со другите воспитно – образовни институции и со родителите.

## 7. Воспитната функција на училиштето во функција на хуманизација на личноста на ученикот

Дали училиштето ги воспитува учениците? Дали задача на училиштето е да воспитува и ако е, кој е дометот? Дали може училиштето да ги замени родителите и нивната воспитна улога. Различни се одговорите на овие прашања. Но сите одговори упатуваат на тоа дека училиштето е важен фактор во воспитанието на детето – ученикот.

Андрилович – Чудина – Обрадович во Психологија на наставата и учењето даваат 3 сфаќања за воспитната функција на училиштето:

1. воспитанието во училиштето го дополнува, зацврстува и го проширува родителското воспитание;

2. воспитанието во училиштето да биде развивање на знаења за позитивен однос и активно однесување на учениците спрема аспектите на модерниот живот, знаења за еколошко воспитување, воспитание за односите меѓу половите, сексуално воспитание, воспитание за здрава животна цел и сл;

3. сврстување на хуманистичките цели како важна или најважна цел на образованието.

На темелите на моралниот развој на учениците и влијанието на училиштето врз тој развој, можат да се постават некои општи правила на воспитанието во современото основно училиште:

- училиштето треба да осигура праведност во распределбата на должностите, наградите

- училиштето мора да даде на учениците позитивни примери за правилно и добро однесување

Училиштето претставува иманентна воспитна институција. Тоа го потврдуваат и задачите кои треба да ги оствари: во училиштето младите луѓе усвојуваат знаења, умеења и навики (материјални задачи), ги развиваат психо - физичките способности (функционални задачи) и се формираат во човечки суштества (воспитни задачи).

Во училиштето учениците се развиваат физички и интелектуално, усвојуваат морални, естетски, културни и други вредности, се здобиваат со работна култура. Тоа значи дека училиштето по својата суштина е таква организирана институција во која се формира човековата личност во целина, а дури потоа се подготвува за работа. Во оваа смисла уште Хербарт напишал дека не познава училиште кое не воспитува. (Костова М, 2004)

Воспитната функција, беше и е основна, темелна суштина и главна задача на училишната работа. Меѓутоа, во последниве децении различни автори и асоцијации констатираа дека воспитната функција на нашето училиште е намалена, занемарена,а е пренагласена образовната функција. Таквата ориентација резултира со негативни последици по однос на целосниот развиток на личноста на ученикот. За ваквата сосотојба различни автори наведуваат различни причини.

Н.Поткоњак зборува за внатрешни и надворешни причини. Внатрешните причини се негативностите и недостатоците во наставната и воннаставната дејност на училиштето, а надворешните на оние ситуации во општеството кои негативно се одразуваат на остварувањето на воспитната функција на училиштето во целост. (Поткоњак Н, 1977)

Во обидот да ги идентификува причините за намалената воспитна функција на училиштето, А. Вукасовиќ ги наведува: интелектуалистичкото сфаќање на училиштето, занемарувањето на воспитното делување, неизграденоста на новиот систем на вредности и недоволно развиената педагошка служба во училиштето.

Осврнувајќи се на појавата на интелектуалистичкото гледање на училиштето, тој истакнува дека наставниците, скоро секогаш, го вреднуваат познавањето на наставните содржини. Тие релативно добро знаат што знаат нивните ученици, меѓутоа, моралниот лик на ученикот најчесто останува непознат. Развивањето на психофизичките способности, интелектуалните сили и способности, формирањето на научниот поглед на свет, усвојувањето на културата на работата, воспитанието на културна личност, најчесто се сметаат за задачи од втор ред.

По однос на воспитната функција на училиштето, уште Песталоци пишувал дека „имаме училишта за читање и пишување, а ни требаат училишта за човечност".

Позитивно и вистинско воспитно влијание на училиштето најповеќе зависи од учителите како модел на социјализација, нивното користење на воспитни техники во постигањето на воспитната свест кај учениците и заедничко ангажирање на учителите и учениците во подигањето на воспитната свест.

## 8. Состојбата во Македонија и перспективите во однос на хуманизацијата на личноста на ученикот

Во Република Македонија, според Законот за основно образование, целите на воспитанието во основното училиште се:

- хармоничен, интелектуален, емоционален и социјален развој на учениците соодветно со нивните способности,

- воспитување за меѓусебна толеранција, соработка, почитување на различноста, основните човекови слободи и права,

- развивање свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на сопствениот национален и културен идентитет,

- воспитување за општи културни и цивилизациски вредности кои произлегуваат од светските традиции,

- вклучување и водење грижа за развојот на учениците со посебни образовни потреби,

-унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина.

Овие поставени цели на воспитанието во нашите основни училишта јасно укажуваат дека воспитанието во нашите основни училиште се движи во насока на хуманизација на личноста на учениците.

Воспитното влијание на основното училиште врз хуманизација на личноста на ученикот може да се види и од донесената Национална програма за развој на образованието во РМ 2005 – 2015 и Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование.

Во Националната програма за развој на образованието во РМ 2005 – 2015, мисијата на училиштето е:

- Развој на личност која може да преземе индивидуална, семејна и граѓанска одговорност;

- образование кое ги почитува и развива индивидуалните потреби, интереси и афинитети на личноста;
- развој на култура на живеење, т.е. стекнување на знаења, вештини и способности, ставови и вредности за променливиот свет на трудот и општествениот живот;
- образование кое ќе овозможи развој на независна, отворена, критичка и демократска личност со вештини и компетенции за акција;
- развој на демократијата и граѓанското општество;
- образование кое го зајакнува чувството на припадност на заедницата;
- социјализација во духот на општествено прифатените вредности и идеали со негување на духовното, културното и историското наследство;
- развој на подготвеност и свест за доживотно образование.

Целите на образованието во оваа програма се:

***Пристап до основното училиште***

Основното образование е отворено и овозможува пристап за сите деца без оглед на јазикот, полот, религијата или физичката и менталната попреченост.

Основното образование мора да обезбеди дополнителна помош за сите ученици со посебни потреби.

***Подобрување на постигањата во учењето***

Основното образование нуди подобар пристап кон средното образование и континуираното учење.

Основното образование ги подготвува децата за партиципација во информациското општество.

***Обука во суштинските животни вештини***

Основното образование овозможува развој на клучните компетенции на секој ученик, неопходни од аспект на информациското општество.

Основното образование го почитува индивидуалниот развој и општата социјализација на децата низ целокупниот воспитно - образовен процес.

Основното образование ја негува самодовербата и ја унапредува демократијата и интерперсоналната хармонија.

***Основното образование обезбедува култура на живеење***

Основното образование им служи на потребите на 21 век.

Основното образование ја развива самопочитта и почитта спрема културите на другите; го афирмира мултикултурниот карактер на општеството.

Основното образование ја промовира интелектуалната слобода и толеранција и креира добри форми на кооперација меѓу наставниците и учениците и меѓу училиштето и семејството.

Основното образование е ослободено од дрога и насилство.

Првата и втората цел на современото основно воспитание и образование во Република Македонија нуди на учениците солидно образование кое ја претставува формативната страна на воспитанието, третата и четвртата дава хуманистички карактер на воспитно – образовниот процес, а сите овие цели заедно влијаат на очовечувањето на учениците, како меѓусебно зависен процес кој ќе доведе до посакуваниот краен резултат – хуманизација на личноста на ученикот.

Во оваа Национална програма се поместени и клучните потребни интервенции во нашето образование и воспитание и тоа зададени во следниве цели:

1.Зголемување на траењето на задолжителното образование;

2.Промоција на ефективно основно училиште

Со втората цел, се прави обид да се следат препораките за креирање на училиште по мерка на детето. Оваа цел предвидува неколку принципи на ефективно основно училиште и тоа:

- ✓ Генерален принцип: Образование за сите.

Ова значи обезбедување на квалитет на образованието, еднаков пристап за сите и образование адаптирано на индивидуалните и социјалните потреби.

✓ Посебни принципи:

-ЕОУ е поставено врз принципите на солидарност, демократичност, толеранција, плурализам, правда и слобода.

-ЕОУ го почитува и остварува правото на децата за образование и згрижување;

-ЕОУ ја стимулира и поддржува образовната улога на семејството.

-ЕОУ ги дефинира содржините, методите и организацијата на образованието во согласност со психофизичките способности и потенцијали на учениците.

-ЕОУ обезбедува педагошко-психолошка грижа и специјални форми на дидактичка работа.

-ЕОУ создава можности за учење за децата со посебни потреби и социјално неприлагодените деца.

-ЕОУ обезбедува успешен преод кон средните училишта.

✓ **Хуманистички карактер на образованието** – се почитуваат севкупните приоритети на општите хуманистички вредности, животот и здравјето и слободен персонален развој, згрижување на учениците, формирање на граѓански дух и љубов спрема татковината.

- Инклузија
- Партиципација
- Отвореност
- Транспарентност
- Децентрализација

Ефективното основно воспитание и образование во Македонија покажува сензибилитет кон: семејните, меѓугенерациските и меѓуврсничките проблеми; потребите на учениците со специфични предизвици на развојот; лични дилеми, предрасуди и ставови на учениците; содржините на слободното време на учениците; остварување на правата и културните потреби на учениците.

Секако, со ова се покажува, дека и во Македонија се буди потребата од хуманистичко образование, хуманизација на личноста на ученикот, а преку ова, кој е малку потежок и подолготраен процес, и хуманизација на општеството.

Втор документ со кој се подобрува целокупниот воспитно – образовен процес во Р.Македонија, а со тоа се доближува и до основните хуманистички вредности на образованието е Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование од 2007 година. Она што нас нè интересира е делот на целта и принципите на основното воспитание и образование, кои неминовно допринесуваат и влијаат врз очовечувањето на учениците и создавањето на „нов човек".

Целта на основното воспитание и образование е појдовна основа за планирањето на наставата и другите активности на учениците, како и за развивање на програмата за работа на основното училиште. Основното воспитание и образование има цел да овозможува:

**1. Хармоничен развој на учениците** (когнитивен, емоционален, социјален и психомоторен) во сообразност со нивните индивидуални способности и развојните законитости и развој на личноста на ученикот врз основа на принципите на почитување на основните човекови права и слободи.

Тоа се постигнува со:

- развивање свест кај учениците за сопствената индивидуалност, поттикнување на самодовербата и одговорноста за сопствените постапки;

- воспитување за почитување на човековите права, родовата рамноправност и основните слободи и за живеење во демократско општество и тоа со методи кои ги поддржуваат овие вредности;

- развивање на комуникациските вештини, критичкото мислење и креативноста на учениците;

- развивање на способностите за препознавање на сопствените чувства и разбирање на чувствата на другите;

- промовирање на значењето на учењето и работата;

- оспособување на учениците да го вреднуваат своето напредување.

**2. Оспособување на учениците да усвојуваат систем на знаења и вештини за независно, ефикасно и креативно делување во општествената и природната околина.**

Тоа се постигнува со:

- усвојување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот на ученикот;

- усвојување основни знаења од областа на јазикот, природата, општеството и човекот, преку одделни предмети, и тоа на начин што ќе овозможи меѓународно споредливи стандарди на знаењата на крајот на основното училиште;

- поттикнување на интелектуалната љубопитност, смислата за убавото и истражувачкиот дух кај учениците;

- поттикнување креативност и способности за изразување во подрачјето на музиката, ликовното творештво и другите видови уметност;

- создавање услови за развој на талентираните ученици и за поддршка и развој на децата со посебни образовни потреби.

**3. Развивање граѓанска свест кај учениците за припадност на Република Македонија и негување на нивниот национален и културен идентитет во духот на почитување на луѓето без разлика на нивната социјална, културна, родова и верска припадност и физичките или менталните способности.**

Тоа се постигнува со:

- развивање на способностите на учениците за разбирање, информирање и изразување на македонски јазик, а во средините кои се двојазични или повеќејазични – на македонски јазик и на албански, односно турски, српски јазиќ; како и на другите јазици;

- запознавање со минатото и културните традиции на македонскиот народ и минатото и културните традиции на заедниците во Република Македонија и традициите и државноста на Македонија;

- изучување на странски јазици и оспособување за комуницирање и запознавање со други култури и со постигањата на други народи во светот;

- промовирање на принципите на еднаквост меѓу луѓето, без разлика на нивното потекло или определба;

- промовирање на значењето на толерантно однесување, солидарност и оспособување за ненасилно решавање на конфликти.

Според Концепцијата, современото и ефективно воспитание и образование во Р. Македонија треба да се темели на следниве принципи:

- **Принцип на демократичност** – основното воспитание и образование е достапно за сите деца без оглед на нивниот род, социјалното и културното потекло, вероисповедта, националната припадност и различните физички и психички способности; Воспитанието и образованието треба да биде насочено врз развојот на личноста на детето и темелните човекови вредности: неприкосновеност на човековиот живот, индивидуалната слобода, интегритетот, достоинството и еднакви права за сите луѓе. Во согласност со овие вредности училиштето создава услови за јакнење на индивидуалното чувство за праведност, толеранција и одговорност.

Истовремено, основното училиште треба да ги охрабрува учениците да ја откриваат својата посебност како индивидуи и активно да се подготвуваат за одговорен живот во демократско граѓанско општество.

- **Принцип на недискриминација** - училиштето ќе ги преземе сите потребни мерки да обезбеди заштита на детето (ученикот) од сите форми на дискриминација во текот на неговиот престој во училиштето и одвивањето на сите активности во воспитно-образовниот процес. Училиштето ќе промовира и овозможи остварување на правата на секој ученик и уживање на плодовите на воспитно - образовниот процес без никаква дискриминација базирана на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго

убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста или друг статус на детето, или на неговиот родител или законит старател.

- **Принцип на почитување на индивидуалните разлики меѓу учениците** - Во основното воспитание и образование треба да се создаваат можности секое дете максимално да ги развива своите предиспозиции, интелектуалните и физичките способности и надареност; ќе се применуваат и различни методи за мотивирање и подучување, наставни содржини што одговараат на индивидуалните потреби и можности на учениците и различни видови на индивидуализирана настава што ќе обезбеди почитување на разликите и специфичностите на детскиот развој, брзината на напредувањето во учењето и надареноста на детето.

- **Принцип на целосен развој на личноста на ученикот** - На сите ученици во основното воспитание и образование треба да им се гарантира редовно континуирано школување во основното училиште и да им се овозможи да стекнуваат знаења, искуства и вештини во сознајното, емоционалното, социјалното и психомоторното подрачје; основното училиште треба да биде поволна средина во којашто на учениците ќе им се обезбеди правилен социјален и емоционален развој и поддршка на физичкото и менталното здравје на учениците.

- **Принцип на најдобар интерес на детето** - Во текот на целиот воспитно-образовен процес и престојот на детето во училиштето од примарно значење се неговите интереси. Сите возрасни учесници во воспитно - образовниот процес (што ги подразбира сите вработени во училиштето, родителите и заедницата) во начинот на изведување на активностите, решенијата кои се носат и своето однесување, секогаш ќе водат сметка за најдобриот интерес на детето.

- **Принцип на активно учество на учениците во животот на училиштето** - Училиштето ќе овозможи активно учество на ученикот во одвивањето на сите активности во училиштето кои се однесуваат на него. Ова подразбира: а) обезбедување атмосфера и услови што ќе ги стимулираат учениците да формираат свое сопствено мислење и слободно да го изразуваат тоа мислење

и б) градење механизми и процедури кои ќе им овозможат на учениците да вршат соодветно влијание врз одлуките и случувањата во училиштето.

- **Принцип на квалитет на образованието и меѓународна споредливост на знаењата** - Еден од важните услови за подобрување на квалитетот на образованието е кај учениците да се поттикнува љубопитноста и мотивацијата за учење, а посебно кај поспособните и надарените ученици.

Подобрувањето и одржувањето на квалитетот во образованието подразбира: да се изготват квалитетни наставни програми, да се постават развојните цели со развојно-процесно планирање, да се гарантира ефикасна и квалитетна настава, да се воспостави систем на следење и оценување кој ќе ги почитува развојните можности на учениците и постапно ќе преминува од описно кон бројчано оценување, да се воспостават критериуми за напредување на учениците во школувањето, како и стандарди за ефикасен наставник и ефикасно основно училиште. Со наставата и учењето учениците треба да се поттикнуваат преку истражувачки постапки да го откриваат знаењето, да го надградуваат, систематизираат и применуваат во нови околности и услови.

- **Принцип на општообразовен карактер на основното училиште** - Општообразовниот карактер на основното училиште не треба да се менува во ниту еден негов дел со содржини и активности за подготвување за одредено занимање. Изборните предмети, исто така, треба да имаат општообразовен карактер и да нудат применливи знаења и умеења во натамошното образование на учениците.

- **Принцип на подготвување на учениците за доживотно уч**ење - Овој принцип налага наставата да се збогатува со содржини, нови методи и техники кои го поттикнуваат критичкото мислење кај учениците од сите возрасти и во рамките на сите наставни предмети.

- **Принцип на разбирање на другите и мултикултурност** - Во основното воспитание и образование со содржините, методите и активностите, како и со одговорниот живот и работа на учениците и наставниците треба да се развива толеранцијата, почитувањето на разликите меѓу луѓето и на нивните права и одговорности. Мултикултурноста на македонското општество бара основното

училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а, исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници.

- **Принцип на вклучување на учениците со посебни образовни потреби во основното образование** - Основното образование и воспитание за учениците со посебни образовни потреби се организира на најпогоден начин со цел да овозможи нивно подобро напредување во наставата и учењето во согласност со индивидуалните можности. Децата со посебни образовни потреби се вклучуваат во редовните паралелки на основните училишта. Доколку по определен временски период се утврди дека нивните постигања не се во согласност со нивниот индивидуален образовен план, тогаш учениците со посебни образовни потреби се вклучуваат во посебни училишта или во посебни паралелки при редовните основни училишта.

- **Принцип на физичка безбедност и здравје** - Училиштето ќе ги преземе сите потребни мерки кои се неопходни за да се овозможи физичка безбедност, како и зачувување и унапредување на здравјето на учениците. Тоа подразбира дека училиштето ќе ги преземе сите мерки на обезбедување - а) окружување кое не претставува потенцијална или реална закана по физичкото здравје и интегритет на учениците; б) позитивна психо - социјална клима во училиштето; в) доследно и редовно сензитивно спроведување на принципот на ненасилство од каков било облик; г) можности за сите ученици, во текот на редовната настава, да стекнат вештини и сознанија за тоа како да го чуваат и унапредуваат здравјето, како да се справуваат со стрес и како со ненасилни методи да разрешуваат конфликтни ситуации.

- **Принцип на автономност, компетентност и одговорност** - Овој принцип го дефинира училиштето како автономна институција во однос на власта, верските заедници, политичките партии. Училиштето не смее да биде под влијание на верски, политички или други погледи кои отстапуваат од принципите и целите на основното воспитание и образование, меѓутоа во него има место за сите ученици без оглед на нивните лични, верски и други мислења

и убедувања. Другата автономност и одговорност се огледува во можноста на наставникот самостојно да ја планира и реализира наставата, како и со неговата функција што ја остварува согласно со принципите и целите на системот на воспитанието и образованието.

- **Принцип на партнерство помеѓу училиштето, родителите и локалната средина** - Овој принцип се темели на три компоненти: (1) на обврската на училиштата да им обезбедуваат на родителите навремени и пристапни информации за она што се одвива во училиштето, а што е релевантно за школувањето на нивните деца, како и информации што се поврзани со работата и напредувањето на децата во училиштето; (2) овозможување целосна партиципација на родителите во донесувањето одлуки во училиштето, а што се однесуваат на воспитанието и образованието на децата, како и со непосредно учество во планирањето и остварувањето на училишните активности во зависност од интересите на учениците и (3) отворање можности на родителите и на локалната заедница активно да го поддржуваат животот и работата на учениците во училиштето.

Ги наведовме целта и принципите на основното воспитание и образование во Р. Македонија зацртани со Концепцијата, кои тежнеат и предвидуваат хуманизација на личноста на ученикот, почивајќи на основните хуманистички принципи, со една единствена цел, да докажеме дека воспитно – образованиот процес се стреми кон новите тенденции на современо образование и воспитание, не заостанувајќи зад светските реформи, потреби и предизвици кои ги носи глобализацијата, техничко – технолошката револуција и социјалната и моралната криза во светот. Ќе нагласиме дека, современото воспитание и образование, современите училишта, како единки не можат да допринесат кон целосно изградена хумана личност, додека во овие процеси не се вклучи и самото општество, односно самата држава, хуманизирајќи ги нејзините дејности и активности.

Република Македонија, односно Министерството за образование и наука на Република Македонија, следејќи ги новите текови и тенденции во образованието и воспитанието, стремејќи се за поефикасно, поефективно и хуманизирано училиште, од учебната 2013/2014 година издаде нов терк по кој

што училиштата треба да ја предвидат својата работа преточена во Годишна програма за работа на училиштето. Имено, овде во овој нов терк, големо место се отстапува на воспитанието во училиштата и се скренува големо влијание на општествено корисната и хуманитарната работа на учениците, воспитното влијание на училиштето, мултикултурата, грижа за здравјето како и социо – емоционалната клима во училиштето. Сите овие нови сегменти во изработката на Годишната програма на училиштата одат во насока на подобрување на хуманистичката функција на училиштата, со што ќе се оствари и хуманизација на личноста на ученикот. (Годишна програма за работа на ООУ „Гоце Делчев" – Штип)

Основни приоритети на општествено хуманитарната работа (Прилог 1) во училиштето е позитивниот однос кон работата, негување и одржување на заедничкото, почитување на човечкиот труд, средствата за производство како и резултатите од вложениот труд. Преку реализација на активностите учениците треба да се стекнат со основни знаења, навики и нивна примена во производствените и другите општествено – корисни работи, одржување на хигиената во училиштето и во неговата околина. Активностите ја поттикнуваат хуманоста и еколошките навики кај учениците.

Училишната социо - емоционална клима (Прилог 2) е еден од водечките аспекти од работата на училиштето, затоа што таа е двигател на сите активности во него. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и сите ученици да се прифатени без оглед на род,етничка припадност вера и друго. Учениците без оглед на способностите, родот етничката припадност, вера и потекло се чувствуваат прифатени од возрасните и другите ученици во училиштето. Нашето училиште обезбедува почитување на личноста, право на слободно изразување, почитување на мислењата на сите како и меѓусебна доверба наставници – ученици – стручна служба – раководство.

Во основното воспитание и образование со содржините, методите и активностите, како и со одговорниот живот и работа на учениците и наставниците треба да се развива толеранцијата, почитувањето на разликите

меѓу луѓето и на нивните права и одговорности. Истовремено, за развивањето на овие вредности училиштето треба да им понуди на учениците повеќе можности за усвојување знаења и за развивање на вештините за разбирање и почитување на другите. Мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а, исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници.(Прилог 3)

Преку програмата за воспитно влијание на училиштето врз учениците и предвидените активности со истата, се формираат позитивни навики за ред и дисциплина, развивање интерес за нови наставни содржини и поттикнување на одговорност, формирање навики за културно однесување, формирање позитивен однос кон учењето и работата, подобрување на климата во училиштето и мултиетничките односи, позитивен однос кон нашето здравје и негово чување, стекнување навики за лична хигиена и хигиена на животната средина, се развиваат чувства за убавото, креативното и се развиваат естетските вредности, увидување на значењето на моралното однесување на луѓето, развивање љубов кон татковината, стекнување на етички вредности и ставови во однос на животната средина како и одговорност за својот живот и животот на другите, градење еколошка култура и навики. Преку сево ова се води грижа за формирање на емоционално стабилни ученици полни со самоизразување и саморазбирање, се гради самодоверба кај учениците и доверба кај другите. (Прилог 4)

Целта на разгледувањето на Националната стратегија, Концепцијата и дел од Годишната програма беше да изведеме еден заклучок дека - Вредностите, лични и заеднички, кои учениците ги стекнуваат за време на процесот на воспитание во училиштето ќе допринесе за хуманизација негова лична, ќе се развие неговиот хуман идентитет а истовремено тоа ќе допринесе и за хуманизација на општеството. Преку воспитанието се пренесуваат и развиваат општите човечки вредности, во континуитет, од генерација на

генерација, со што се хуманизира секое човечко суштество врз општочовечките принципи на хуманоста

## 9. Вредностите на наставникот и особините и личноста на наставникот во функција на хуманизација на личноста на ученикот

Секој наставник треба да има предвид дека ученикот не е тенџере кое што треба да се полни со секаква течност, туку тој е факел што треба да се разгори. Тоа разгорување, во прв ред, зависи од наставникот, имено од неговите вредности и особини коишто треба да ги поседува, зошто тој е и првиот непосреден координатор на целокупниот живот на секој ученик, кој треба да се формира во утрешен вистински граѓанин корисен за ова наше општество.

Ако секој ученик е свет сам за себе – неповторлива личност, како што тврди хуманистичката педагогија, тогаш од ова произлегуваат големи задачи за училиштето денес. Развојот на секој поединец бара од денешниот наставник да се ангажира во пошироки и над се посложени страни на развојот на личноста. Во денешната улога наставникот е повикан да помага на ученикот во неговото самоисполнување, пронаоѓање на самиот себе, да ги задоволува севкупните негови потреби, во прв ред – оние потреби кои се однесуваат на неговата човечка суштина, неговото очовечување. За да успее во тоа, наставникот мора систематски да ги запознава учениците, секој воспитаник, да се вдлабочува во неговите ситуации и состојби; да го разбира; да му помага во себезапознавањето; да помогне секој ученик во себе да го развива она што е и она што сака да биде.

Личниот пример на наставникот е најдобро воспитно средство. Кај него мора да доминира склад на мисли, зборови и дела. Тој е пример за своите ученици во сè. Затоа постојано мора да биде искрен, посветен на својата професија, правичен, вреден, уреден, принципиелен, самокритичен, точен, со естетски и културен изглед, да има смисла за соработка и способност за емпатија, да го краси ведрина, смиреност и оптимистички чувства. Наставникот во современото училиште треба да располага со високи ментални, емоционални и морални карактерни особини, коишто особини треба да ги пренесе на своите

ученици. Наставникот во современото училиште мора да го красат низа позитивни општочовечки особини: почитување, оптимизам, чесност, високи интелектуални и морални особини, како и наставничките белези: љубов спрема учениците и работата. (Jelavič F, 1995 )

Новиот тип на наставник треба да ги поседува следниве особини:

- висок степен на осетливост за етички вредности

- поголема насоченост кон другите, отколку кон себе

- чувство спрема туѓиот интегритет

- другите ги перципира како успешни

- ширина во погледот и разбирањето на постапките на другите личности, без „ситничарење"

- не се доживува себе си како личност што им е потребна на другите, туку како личност задоволна со самата себе. (Jankovič J., 1997)

Наставникот може и мора да биде морален пример за своите ученици. Тој треба да делува како кооперативна вредност на ученичкиот поглед на свет. Наставникот е пример на карактерни универзални особини од една страна, и специфични особини на воспитно – образовниот процес од друга страна.

Комбс смета дека обврските (должностите) на наставникот не се во препишување, моделирање, примена и вложување, туку во потпомагање на воспитно – образовниот процес. Од наставникот се бара да биде личност која олеснува, поттикнува, помага, која е колегијална и пријател со учениците. Тргнувајќи од ова гледиште Комбс истакнува 6 карактеристики за добар и успешен наставник: добро да е информиран за своите ученици, осетлив на емоционалните и социјалните потреби на учениците, осетлив на чувствата на своите колеги, да верува во учениците, да ги поттикнува да работат најдобро што можат, да применува различни воспитни мерки и методи.

Секој наставник при секое непосредно комуницирање со учениците, во едно современо училиште, треба секој поединец да го стимулира и да му развива широк интерес, љубов и желба за учење, за творење, за развивање на

највисоките морални и естетски вредности. Јасно произлегува дека работата на наставникот е голема, сеопфатна и деликатна. Очовечувањето на личноста на ученикот бара секогаш точен, одмерен, редовен и исполнителен, расположен и динамичен, полетен и витален, елегантен и интелигентен наставник.

Американскиот совет за воспитание (American Council of Education), во обидот да ги идентификуваат „сите видови на однесувања на наставниците", кои ќе можат да го објаснат успехот или неуспехот на наставникот, добиените резултати ги сврстува во три категории:

1. лични доблести: оптимизам, праведност и самоконтрола;

2. професионални доблести: познавање на предметот и методиката, способност за активирање на учениците, вештина на оградување од личните проблеми;

3. општествени доблести: благонаклонет однос спрема средината, демократско убедување, љубезност, емпатија. (Evans, 1959)

Наставникот за да допринесе за хуманизацијата на личноста на ученикот мора да биде човек со широка култура, да биде љубезен и чесен, да поседува смисла за хумор и од него секогаш да зрачи позитивна енергија. Тој мора да биде човек со морални вредности, човек со топла душа и срце,човек кој своите ученици секогаш ќе ги разбере, па и кога нив им е најтешко.

Новиот тип на наставник треба да поседува:

- висок степен на осетливост за етички вредности;

- поголема насоченост кон другите, отколку кон себе;

- чувство спрема туѓиот интегритет;

- другите ги перцепира како успешни, без оглед на нивната моментална положба, пријателски расположена личност, личност со високи морални вредности, личност со која вреди да се идентификуваш;

- ширина во погледот и разбирањето на постапките на другите личности, без „ситничарење";

- не се доживува себе си како личност што им е потребна на другите, туку како личност задоволна со самата себе. (Jankovič J, 1997)

За тоа кои особини треба да ги поседува (каков треба да биде) современиот наставник, а да е во функција на очовечувањето на учениците, Трстењак вели: „Со бистра глава, силен разум, топло срце, жива фантазија, осетлива морална свест, силни етички и естетски чувства, да ги усреќува другите, но и самиот да биде среќен". (Frankovič, D., Trstenjak, D., 1977)

Според Еванс, наставникот не смее да биде рамнодушен, туку мора да настојува, да бара, личноста на наставникот да има непосредно и посредно влијание на воспитната функција на училиштето и на самиот него, затоа што тој, како наставник, директно ги пренесува своите лични вредности на учениците и влијае врз проценката на целите и задачите на воспитанието,а со тоа и директно влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот. Личноста на наставникот е значајна и при одредување на низа конкретни воспитни мерки и постапки, во однос на одделението како целина и учениците како поединци. (Ђорђевић, Б. и Ђорђевић, Ј.,1992,1988,2002)

Учениците во современото основно образование даваат голема значајност на личноста и карактерот на наставникот. Учениците бараат од него топлина, пријателски однос. Личноста и карактерот на наставникот е тесно поврзана со воспитанието на учениците, како и нивниот успех во учењето, напредувањето и развојот во комплетна личност.

Наставникот не смее да биде стереотипен, монотон, неутрален. Треба постојано да се усовршува, да ја осовременува својата работа, да се оспособува и да ги оспособува своите ученици за иднината. Тој треба да зрачи со оптимизам, да појде од претпоставката дека во секое дете, во секој ученик има нешто добро што треба да се развива. Значи од него се бара да биде искрен, праведен, принципиелен, самокритичен, точен, уреден, со естетски и културен добар изглед, да го сака животот, луѓето, децата, младината, да ја открива убавината на животот и да ги олеснува тешките моменти. (Тубић, Д., 2007)

Особините или својствата на наставникот можат да имаат позитивно или негативно влијание врз хуманизацијата на личноста на учениците. Со своите

особини наставникот може да го кочи напредувањето на учениците, како воспитно така и образовно, да ги потисне нивните интелектуални, работни, естетски и физички потенцијали.

Хуманистичката теорија во педагошката практика говори дека наставниците треба да работат како врз интелектуалниот, така и врз емоционалниот развој на учениците. Многу е поважно за учениците да се развијат како одговорни луѓе, кои ќе се грижат за својата и иднината на идните генерации, отколку каков успех ќе покажат во учењето, ако под учење подразбираме просто мерење на знаењата кои ги искажуваат учениците.

Хуманистичкото образование (Moskowitz G.,1978) учи како се станува подобар и емоционално побогат човек. За хуманистичкото образование многу е важен односот и карактерот на наставникот, како клучна фигура, која ќе помогне на ученикот сам да се спознае, да се самооткрие, позитивно да ги реши конфликтите и да биде прифатен. Во училницата наставникот треба да создаде атмосфера за секој ученик, атмосфера во која сите ученици ќе бидат еднакво прифатени, постојано да ги нагласува позитивните вредности и цели, како и позитивните особини на секого. Човекот е вродено добар, сметаат педагошките хуманисти, тој има вродени потенцијали за самоактуелизација и позитивен развој.

# II *Методологија на истражувањето*

## 1.Предмет на истражувањето

Предмет на ова истражување е современото основно воспитание и образование во функција на хуманизација на личноста на ученикот.

## 2.Цел и задачи на истражувањето

Од предметот произлегуваат и целта и задачите на истражувањето.

Цел на ова истражување е да се испита влијанието на современото основно воспитание и образование врз хуманизацијата на личноста на ученикот.

Во согласност со дефинираната цел ги поставивме следните задачи за истражување:

1. Да се испитаат мислењата на наставниците за односите во колективот и нивното влијание врз личноста на ученикот;

2. Да се испитаат мислењата на наставниците и учениците за односите помеѓу наставниците и учениците и како тие влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот;

3. Да се испитаат мислењата на наставниците и учениците за односите помеѓу учениците и како тие влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот;

4. Да се испитаат ставовите на наставниците во врска со влијанието на воспитанието врз хуманизацијата на личноста на ученикот;

5. Да се изврши анализа на содржините за работа на часот на одделенската заедница од аспект на застапеност на содржини погодни за хуманизација на личноста на ученикот;

6. Да се испита колку активностите на часот на одделенска заедница придонесуваат за хуманизација на личноста на ученикот;

7. Да се изврши анализа на содржините на наставниот план и програма по предметите етика и граѓанско образование од аспект на застапеност на содржини погодни за хуманизација на личноста на ученикот;

8. Да се испита колку активностите на часовите по етика и граѓанско образование придонесуваат за хуманизација на личноста на ученикот;

9. Да се изврши анализа на содржините на програмите од слободните ученички активности;

10. Да се испита колку слободните ученички активности придонесуваат за хуманизација на личноста на ученикот.

## 3. Хипотези на истражувањето

Согласно со предметот и целта и врз основа на задачите на истражувањето произлезе главната хипотеза:

***$X_0$ Современото основно воспитание и образование е во функција на хуманизација на личноста на ученикот.***

и следниве подхипотези:

X1. Наставниците сметаат дека односите во училиштето значајно влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот;

X2. Не постои статистички значајна разлика во ставовите на наставниците и учениците во врска со влијанието на воспитанието врз хуманизација на личноста на ученикот;

X3. Постои доволна застапеност на содржините за работа на Часот на одделенската заедница кои се во функција на хуманизација на личноста на ученикот;

X4. Постои доволна застапеност на активности на учениците на Часот на одделенската заедница кои нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот;

X5. Постои доволна застапеност на содржини во наставните програми по одделени предмети: етика и граѓанско образование, кои се во функција на хуманизација на личноста на ученикот;

X6. Активностите на часовите по етика и граѓанско образование нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот;

X7. Содржините од програмите за слободните ученички активности нудат теми за остварување на хуманизација на ученикот;

X8. Слободните ученички активности нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот;

## 4. Варијабли на истражувањето

**Независни варијабли:** степенот на застапеност на училишните активности и содржини во функција на хуманизацијата, возраста

**Зависни варијабли:** ставовите на испитаниците во однос на хуманизацијата на личноста на ученикот

## 5. Примерок на истражувањето

Во истражувањето е опфатен примерок од 200 наставници во предметна настава од ООУ "Гоце Делчев" – Штип ,ООУ „Тошо Арсов"-Штип, ООУ „Димитар Влахов", ООУ „Страшо Пинџур" - Карбинци, ООУ„Ванчо Китанов " – Пехчево, ООУ „Дедо Иљо Малешевски" – Берово, ООУ „Ванчо Прке" – Делчево, ООУ „Кирил и Методиј" – Македонска Каменица, ООУ „Крсте Петков Мисирков" – Оризари и ООУ „Малина Попиванова" - Кочани

Анкетирани беа ученици од 7 одделение и ученици од 8 одделение (вкупно 450) од деветгодишно и осумгодишно образование од истоимените училишта избрани по случаен избор. Изборот на примерокот беше извршен во неколку фази.

Набљудувањето на часот на одделенска заедница, како и часовите по етика и граѓанско образование се изврши во 8 одделение од осумгодишно и деветгодишно образование и ученици од 7 одделение од деветгодишно образование во ООУ „Гоце Делчев" – Штип.

Првата фаза опфати избор на училишта, одделенија, ученици и наставници.

Примерок на активности: набљудувањето се изврши во текот на 2 полугодија во учебната 2013/2014 година.

Примерокот на времето: набљудувањето се изврши на часот на одделенската заедница - секој понеделник и за време на часовите по распоред на одделените предмети: етика и граѓанско образование.

Табела 1. Основна структура на примерокот- наставници

| Основна структура на примерокот | | Општина | Број на наставници |
|---|---|---|---|
| Р.Б | Основно општинско училиште | | |
| 1. | "Гоце Делчев" | Штип | 20 |
| 2. | „Тошо Арсов" | Штип | 20 |
| 3. | „Димитар Влахов" | Штип | 20 |
| 4. | „Страшо Пинџур" | Карбинци | 20 |
| 5. | „Ванчо Китанов" | Пехчево | 20 |
| 6. | „Дедо Иљо Малешевски" | Берово | 20 |
| 7. | „Ванчо Прке" | Делчево | 20 |
| 8. | „Св. Кирил и Методиј" | Македонска Каменица | 20 |
| 9. | „Крсте Петков Мисирков" | Оризари | 20 |
| 10. | „Малина Попиванова" | Кочани | 20 |
| | Вкупно | 10 | 200 |

Табела 2. Основна структура на примерокот- ученици

| Основна структура на примерокот | | Општина | Број на ученици | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б | Основно општинско училиште | | 8 одд. девет. | 8 одд. осмо. | 7 одд. |
| 1. | "Гоце Делчев" | Штип | 15 | 15 | 15 |
| 2. | „Тошо Арсов" | Штип | 15 | 15 | 15 |
| 3. | „Димитар Влахов" | Штип | 15 | 15 | 15 |
| 4. | „Страшо Пинџур" | Карбинци | 15 | 15 | 15 |
| 5. | „Ванчо Китанов" | Пехчево | 15 | 15 | 15 |
| 6. | „Дедо Иљо Малешевски" | Берово | 15 | 15 | 15 |
| 7. | „Ванчо Прке" | Делчево | 15 | 15 | 15 |
| 8. | „Св.Кирил и Методиј" | Македонска Каменица | 15 | 15 | 15 |
| 9. | „Крсте Петков Мисирков" | Оризари | 15 | 15 | 15 |
| 10. | „Малина Попиванова" | Кочани | 15 | 15 | 15 |
| | Вкупно | 10 | 450 | | |

## 6.Карактер на истражувањето

Проучувањето на проблемот се врши со емпириско истражување од дескриптивен карактер и теренско истражување. Со емпириското истражување проблемот го проучуваме со помош на непосредно искуство, набљудување и мерење на воспитно – образовните појави. Теренското истражување ни овозможи да ги проучиме појавите во нивниот природен контекст онаму и онака како што тие реално се случуваат. Директно се проучи непосредната воспитно – образовна практика, гледиштата и размислувањата на субјектите, нивните меѓусебни односи итн.

## 7.Методи на истражувањето

Во истражувањето е користен метод на теоретска анализа и метод на дескрипција и тоа: дескриптивно – аналитички и дескриптивно – експлицитен метод.

## 8.Техники и инструменти на истражувањето

Во текот на истражувањето, се применуваа квалитативни техники, како што се партиципативното набљудување и анализа на содржина.

Со партиципативното набљудување се регистрираат податоци за различни сегменти на набљудуваната појава, односно се дава опис на просторот и условите во кои се одвива наставата, субјектите што учествуваат во тој процес, настаните што се случуваат во текот на часот итн. Покрај непосредното следење со рачно бележење на набљудуваната појава, дел од актвностите се регистрираа со фотоапарат. Со фокусираното набљудување следевме како се остварува хуманизацијата на личноста на ученикот преку активностите на часот на одделенската заедница и часовите по наставните предмети етика и граѓанско образование.

Протоколот на набљудување се состои од неколку дела.

Во првиот дел се содржат општи податоци кои се однесуваат на испитаниците, испитувачот, времето и местото на набљудување.

Вториот дел се однесува на состојбата во училницата и се скицира распоредот на местата на учениците.

Третиот дел се однесува на наставниот процес.

Техниката анализа на содржина е применет при анализа на програмата за работа на одделенскиот раководител на часот на одделенската заедница и анализа на програмата по предметите: етика и граѓанско образование. Анализата на содржината ќе се примени со цел да се добијат релевантни и објективни податоци за темите на часот на одделенска заедница и темите на часовите по предметите: етика и граѓанско образование

Од инструментите се користеше прашалник. Прашалникот е наменет за наставници од 6 до 8 одделение, ученици од 8 одделение од осумгодишно и деветгодишно образование и ученици од 7 одделение од деветгодишно образование од истоимените училишта , кој што претставува листа на специјално формулирани прашања на кои е потребно писмено да одговорат

определен број испитаници. Прашањата се од отворен и затворен тип. Директно им се достави на наставниците и учениците. Прашалникот е анонимен.

## 9.Обработка на податоците од истражувањето

Добиените податоци се обработени квантитативно и квалитативно. Збирните групирања се изведени со дистрибуција на податоците според нивната зачестеност (фрекфенција, процент).

Заради поголема прегледност добиените податоци се табелираат во едноставни и збирни табели.

Со $x^2$ се утврдува статистичката значајност на разликите меѓу емпириските (добиените) и теоретските (врз основа на хипотезите очекувани) фреквенции, при тоа се утврди нивото на значајност на $x^2$ според таблицата на значајност од 0,5 и 0,01, за проверка на резултатите меѓу емпириската и правоаголната дистрибуција.

Податоците добиени со техника на партиципативно набљудување, со карактеристика на партиципативно, се презентирани на начин карактеристичен за квалитативна обработка при што се користи наративен стил и вербална дескрипција на одделените сегменти на испитуваната појава.

## 10.Етика во истражувањето и одговорен истражувач

Составен дел на секое научно истражување е рамноправното учество и примена на етиката и етичките норми во секоја негова фаза. Истражувачот има етичка одговорност кон оние кои се предмет на истражување, кон соработниците во истражувањето, можните нарачатели/спонзори и кон јавноста. Постојат неколку принципи кои треба да се почитуваат во секое истражување. Тие се: принципот на доброволно учество што подразбира дека учесниците доброволно се согласуваат да учествуваат во него. Потоа тука спаѓа т.н. информирана согласност што подразбира дека учесниците во истражувањето мора да бидат целосно информирани за процедурите во истражувањето и мора да дадат нивна

согласност. Секој учесник во истражувањето ќе може да го одбие учеството во истражувањето во било кој момент и заради било која причина. Скоро сите истражувања гарантираат доверливост на информациите. Во истражувањето се почитува принципот на анонимност што значи дека идентитетот на учесниците не се елаборира на јавноста.

# III *Анализа и интерпретација на резултатите од истражувањето*

## 1.Анализа на содржините од програмата и целите за работа на Часот на одделенската заедница во предметна настава во деветгодишното основно образование

Часот на одделенската заедница во основното училиште се одржува еднаш седмично во траење од 40 минути за учениците од II до IX одделение. Од учебната 2010/2012 година овој час претставува замена за часот на раководителот на паралелката (одделенски час). Овој час се изведува секој понеделник со работилници од предвидените програмски теми и содржини кај учениците од предметна настава од VI – IX одделение, а кај учениците од одделенска настава од II до V одделение еднаш седмично во зависност од распоредот на часовите по активи.

Во I одделение програмските теми од Образование за животни вештини се изучуваат во склоп на предметот Запознавање на околината, а по можност и во интеграција со предметот македонски јазик.

Целта на нашата анализа на програмата на часот на одделенската заедница во предметна настава е да се види колку содржините на овој час се со доза на морално и етичко воспитание т. е колку допринесуваат за хуманизација на личноста на учениците.

На овој час се обработуваат содржини од образование за животни вештини. Наставната програма од Образование за животни вештини има за цел да придонесе за личниот, емоционалниот и социјалниот развој на учениците, на тој начин што го помага развојот на психо - социјалните вештини, оспособувајќи ги учениците за успешно справување со предизвиците на секојдневното живеење. Психо - социјалните вештини имаат важна улога во промовирање на хуманиот однос на учениците во целина.

Програмата за Образование за животни вештини во сите одделенија од II – XI се состои од 5 исти програмски теми:

1.Јас – личен развој

Ова програмска тема ги опфаќа следниве содржини: Самодоверба; Позитивна слика за себе како член на семејството и ученик; Препознавање и

изразување на сопствените емоции; Справување со загуба и жалење; Справување со успех/неуспех; Искажување на своето мислење и Менаџирање на слободното време.

Со овие содржини се поставуваат следниве конкретни цели: ученикот треба да знае дека секој човек има свои јаки и слаби страни; да се оспособува да ги идентификува своите потенцијали и да поставува цели за постигнување; да се оспособува со сигурност да ги претстави/изрази своите знаења, можности и потреби; да умее да ја препознае својата единственост; да се оспособува отворено да зборува и да ги брани своите погледи и мисли; да се поттикнува да сфаќа дека самодовербата и сигурноста во себе се важни за постигнувањата во животот; да прифаќа нови искуства со сигурност; да се запознае со различните улоги и обврски на учениците во училиштето; да се оспособува да соработува со своите соученици во решавање на училишни задачи; да знае кои емоции се позитивни кои негативни; да знае дека во животот се случуваат несреќни ситуации и да прифаќа дека жалењето не е слаба страна; да се оспособува да го сподели својот успех/неуспех со другите; да се оспособува јасно и аргументирано да го искаже сопственото мислење; да знае за важноста на слободното време и да се поттикнува да сфати дека користењето на слободното време е можност за културно издигање и изградување.

2.Јас и ти – Интерперсонални односи

Оваа тема ги опфаќа следниве содржини: Прифаќање на сличности и разлики; Формирање, одржување и прекинување на врски; Чување тајна; Кажување лаги/вистини; Давање и примање помош; Справување со емоции; Справување со насилничко однесување; Комуницирање и разрешување конфликти.

Преку овие содржини се предвидени да се реализираат и постигнат следниве цели: да знае дека постојат сличности и разлики меѓу луѓето во физичкиот изглед, мислењето, уверувањето, потребите и интересите, способностите, потеклото; да се поттикнува да сфати дека постоењето на разлики меѓу луѓето е позитивна придобивка и да ги почитува тие разлики; да се запознае со предусловите за оддржување пријателство и другарство ( доверба, соработка, поддршка, отвореност, почитување...); да се поттикнува да согледа

дека чувањето тајни го зајакнува другарството, а издавањето тајни го прекинува/нарушува; да се поттикнува да согледува дека кажувањето лаги може да биде штетно и за него/неа и за другите и дека лагата ја нарушува довербата; да осознава со што може да помогне дома и на училиште; да се оспособува да помогне кога некому му е потребна помош; да осознава кога лутината предизвикува агресивно однесување; да изразува симпатија кон врсниците; да согледа дека непријатните емоции се пречка, а пријатните поттик во односите меѓу луѓето; да се оспособува да ги согледа негативните последици од насилничкото однесување; да согледува дека и вербалната и невербалната комуникација може да имаат позитивни и негативни последици по однос на другите; да ги запознава можните извори на конфликти; да ги осознава различните видови реакции во конфликтна ситуација и последиците од таквите реакции; да согледа дека од начинот на реагирање зависи дали конфликтот ќе се реши или ќе ескалира.

3.Јас и другите – Општествени односи

Оваа тема се разработува преку следниве содржини: Детски права; Почитување на другите (недискриминација); Меѓусебно поддржување и соработка; Структура на група; Донесување одлуки во група; Социјален притисок; Одговорност за своите постапки; Градење позитивен однос кон својата земја; Градење чувство за општо – цивилизациска припадност; Развивање критички однос кон медиумите; Позитивни модели на идентификација; Користење на институциите за заштита и безбедност.

Целите кои треба да се постигнат при реализација на овие содржини се: да се оспособува да ги препознае своите права и правата на другите деца; да се поттикнува да ја прифаќа различноста како позитивна; да се запознава со различни ситуации во кои на луѓето може да им треба поддршка и несебично да ја даде; да осознае дека заедно може да се постигне повеќе; да го запознае своето место во групата и да се оспособува да биде дел од различни групи; да ги запознае постапките за донесување одлука; да се поттикнува да го прифаќа почитувањето на правилата; да се поттикнува да прифаќа сопствена одговорност за донесените одлуки; да осознава што се смета за добро, а што за лошо постапување во повеќе ситуации; да ја запознава вредноста на

спротивставувањето на сопствениот став и мислење на оној на групата; да ги запознава правилата и процедурите што важат во односите меѓу луѓето; да ги запознава своите должности и одговорности; да се оспособува да ги предвиди последиците од сопственото непочитување на правилата; да се поттикнува да ги почитува симболите на идентитетот на сопствената земја; да осознава дека луѓето во светот имаат заеднички потреби и интереси; да знае за медиумите и емисиите кои се соодветни на неговата/нејзината возраст; да се запознае со луѓе кои на различен начин допринеле за развој на човештвото и да се охрабрува да посака да биде како нив; да се поттикнува да ја сфаќа важноста на делувањето на луѓето од различни професии и занимања; да знае кои институции во државата даваат заштита и безбедност; да се поттикнува да ги почитува луѓето кои работат во овие институции и користа од нивното постоење.

4.Јас и здравјето - Здраво живеење

Оваа програмска тема се разработува низ следниве содржини: Стекнување навики за здрава исхрана; Водење грижа за личната хигиена; Превенција од болести и заболувања; Развивање свест за сексуалното здравје; Сексуално вознемирување / злоупотреба; Превенција од пушење и пиење алкохол.

Целите кои се предвидени во оваа програмска тема се следниве: да се запознае со различните видови здрава исхрана; да се запознава како правилно се консумира храната; да се поттикнува да ја сфаќа важноста на здравата исхрана за здравјето и правилниот развој на телото; да се поттикнува редовно да одржува целосна лична хигиена и дека тоа е важно за здравјето и социјалната прифатеност; да ги запознае опасностите од различните болести и заболувања; да ги осознава причините за болестите и заболувањата; да се поттикнува да прифаќа совети од возрасните за заштита од болести и заболувања; да ги запознава телесните промени што настануваат како резултат на сексуалното созревање; да осознава што е сексуално вознемирување, педофилија; да се оспособува да препознае и да реагира на сексуално вознемирување во секојдневните ситуации; да се поттикнува да сфаќа дека никој нема право сексуално да ги вознемирува и злоупотребува другите; да се поттикнува да ја

сфаќа штетноста од пушењето и алкохолот како по здравјето така и по социјалното и хуманото однесување.

5.Јас и околината – Однос со надворешната средина

Оваа програмска тема ги содржи следниве содржини: Безбедно однесување во средината; Градење позитивен однос кон околината; Градење позитивен однос кон растенијата и животните; Подобрување, одржување и разубавување на околината; Заштита на планетата Земја.

Целите кои треба да се постигнат се следниве: да се запознае со последиците од сопственото однесување врз сопствената безбедност и безбедноста на другите; да се оспособува да го прилагоди своето однесување на конкретно место/ситуација; да се оспособува да прифаќа потреба од прилагодување на сопственото однесување заради лична безбедност и безбедност на другите; да се оспособува за одржување на лична хигиена, хигиена во домот и училиштето; да се оспособува да се спротивстави на оштетување на околината и да ги знае последиците од оштетувањето на околината; да го знае местото на растенијата и животните во циклусот на живиот свет; да се поттикнува дека кон животните треба хумано да се однесува, како и кон сите живи суштества; да осознава што треба да се направи за да се креира, подобрува, одржува и разубавува непосредното окружување; да се поттикнува да учествува во естетското обликување и организирање на училишниот простор; да ги запознае најчестите загадувачи на воздухот, водата и почвата; да се поттикнува да ја сфаќа одговорноста на човекот во заштитата на животната средина.

Со право може да се истакне дека програмата Животни вештини која се реализира на Часот на одделенската заедница нуди доволно теми и содржини кои влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот.

Прилог 5, дава конкретно распределение на наставните содржини кои се изучуваат на Часот на оддленската заедница поместени во Прирачникот „Образование за животни вештини".

## 2. Анализа на содржините и целите од програмата Етика во VII одделение од деветгодишното основно образование

Во Република Македонија, заедно со потребите и настојувањата да се изврши реформа на образовниот процес, почнувајќи од основното образование, започна и постепено воведување на Етичкото образование.

Етичкото образование во денешно време му е препотребно на ученикот и на човештвото. Денес, по негативните фази на отфрлањето на моралот и моралните вредности во репресивни, авторитативни, неконтролирани и уништувачки општества, како и немањето на обврска за почитување на етички став и морал во меѓусебните односи на луѓето, во заедницата и во целото човештво – Етиката е важна дисциплина. Наставните содржини од Етика ќе допринесат универзална духовна реконструкција на човештвото и ќе се сопре деградацијата на хуманоста која што произлегуваше од ниското ниво на општа култура.

Етичкото образование претставува суштествен, клучен дел од општочовечката едукација, го води младиот човек по патот на правилна морална изградба, давајќи му шанса да научи што е добро и кои се неговите творечки етички потенцијал и овозможувајќи му да прави избор на *доброто* наспроти *злото*. Преку етичкото образование човекот се изградува во слободна, зрела и одговорна личност, која е способна самостојно да носи етички решенија и да креира правилни морални норми. Етичкото образование му помага на човекот да го пронајде патот до себе, да го согледа своето место и својата улога во светот, да се оспособи да се соживее со целината на животот и да се доживее себеси како негов дел, како дел од сè постоечкото.

Денес, наставниот предмет Етика е задолжителен предмет кој се изучува еднаш седмично или 36 часа годишно.

Со изучување на наставниот предмет Етика учениците ќе се запознаат со важноста и значењето на етиката и моралот на човекот, универзалните етички вредности, како и да ги откриваат и да ги почитуваат хуманите односи меѓу луѓето.

Овој наставен предмет е поделен на неколку теми и тоа (Прилог 6):

**Тема 1: Етиката и моралот.** Содржините кои се изучуваат во оваа тема се: Што е етика?; Морал?; Морални правила; Значење на моралот; Улогата на моралот во секојдневниот живот; Св. Климент Охридски – наш морален учител.

Целите кои треба да се постигнат кај учениците преку оваа тема се сеопфатни: да се запознае со значењето на поимот етика и наставниот предмет етика; да се поттикнува на етички начин на размислување; да се запознае со значењето на поимот морал и морално однесување; да го увиди значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек; да се запознае со основните етички пораки на Св. Климент Охридски, првиот и најзначаен македонски етичар.

**Тема 2: Универзални етички вредности.** Содржини опфатени во оваа тема се: Етиката во целиот свет; Чесноста е најголем добродетел; Вистина – Секогаш зборувај ја вистината; Праведност – Праведноста е сила на еднаквите; Патриотизмот ги брани земјата и татковината; Денешна етика; Универзална етика; Етика на здравјето, екологијата, информатиката;

Целите кои треба да се постигнат кај учениците се следниве: да усвојува знаења за основните етички вредности од различни култури, народи и епохи; да ја осознава и прифаќа чесноста како основна вредност на човекот; да ја сознава и прифаќа вистината како основна вредност на човекот; да се поттикнува да ја говори вистината и да се заземa за неа; да ја сознава и прифаќа праведноста како основна вредност на човекот; да се поттикнува да се заземa за праведноста во однесувањето со другите луѓе во животот и работата; да се запознава за тенденциите за создавање универзална етика на човештвото со вредностите од сите епохи, народи и личности; да ги разбере основните вредности на универзалната етика – мир, разбирање, толеранција, солидарност, соработка; да го развива патриотизмот како љубов кон татковината, почитување на општествените норми и државните прописи; да се запознае со етичките вредности во врска со здравјето, заштитата на средината и модерните средства за работа и комуникација.

**Тема 3: Добро однесување**. Наставните содржини се следниве: Добро однесување; Однесување во семејството (Во семејството сите треба да се

сакаат, почитуваат и помагаат); Однесување во училиште (учи вредно во училиште биди другар со сите); Однесување меѓу другарите; Добро однесување во јавноста; Добро однесување кон другите луѓе; Бонтон на младите.

Целите кои треба да се постигнат кај учениците и од оваа тема се во духот на хуманизација на личноста на учениците, а тоа се: ученикот да се запознава со правилата на добро однесување кон другите и во друштвото; да ја сфаќа смислата и функцијата на бонтонот како научено пристојно и правилно однесување; да ги запознава правилата на доброто однесување во семејството; да ги запознава правилата на доброто однесување во училиштето и да учествува во нивното донесување; да ги запознава правилата на доброто однесување меѓу другарите; да ги запознава правилата на доброто однесување во јавноста; да ги запознава правилата на доброто однесување кон другите луѓе – почитување, неповредување, помагање и сл.

## 3. Анализа на содржините од програмата и целите на Граѓанско образование во VIII одделение во деветгодишно основно образование

Граѓанското образование се наметна како неопходна потреба на современиот воспитно – образовен процес. Неговата цел е да им помогне на учениците да станат активни, слободни, одговорни и хумани граѓани. Тоа вклучува голем број активности преку кои учениците треба да се здобијат со навики што се ценети во граѓанското општество. Тоа ги повикува учениците да се грижат за другите, да бидат толерантни, свесни за своите права и за правата на другите, да ја негуваат својата посебност, односно со еден збор да влијаат врз хуманизацијата на личноста на ученикот.

Овој наставен предмет се изучува во VIII и IX одделение од деветгодишното основно образование и VII и VIII одделение од осумгодишното основно образование. Содржините од наставната програма по Граѓанско образование за VII одделение од осумгодишното основно образование се еквивалентни на содржините од наставната програма по Граѓанско образование за VIII одделение од деветгодишното основно образование. Додека содржините од наставната програма по Граѓанско образование за VIII одделение од осумгодишното основно образование се еквивалентни на содржините од IX одделение од деветгодишното основно образование.

Овие часови се реализираат еднаш седмично или вкупно 36 часа годишно.

Целите на наставата по Граѓанско образование во VIII одделение од деветгодишното основно образование се: ученикот да разбере дека само човекот може да го разбере и протолкува светот; да сфати дела луѓето избираат стилови на живот и таа различност треба да се почитува; ученикот да ги знае основните човекови права и да го разбира и објаснува нивното значење; да ја осознава поврзаноста помеѓу правата, слободата и должностите во демократското општество; да го разбере значењето на поимот одговорност и да разликува видови одговорности кон себе, во семејството, кон локалната заедница, кон државата; да се оспособува да открива примери во училиштето и

во заедницата кога не се почитуваат човековите права и демократските вредности; да го разбере правото на различност и да развива чувство на меѓусебно разбирање и толеранција кон припадниците на други култури; да го открива значењето на поимот еднаквост, различност, правда, авторитет, власт, сопственост, приватност; да знае како се заштитуваат човековите права; да го сознава значењето на поимот демократија; да ја сфати улогата на граѓаните и граѓанските здруженија во Р. Македонија; да се запознае настанувањето и улогата на Европската унија, нејзините симболи и институции.

Овие цели се реализираат и постигнуваат преку неколку програмски теми (Прилог 7 ):

**Тема 1: Човекот, човекови права и одговорности** кои се изучуваат преку следниве содржини: Што е тоа што го прави човекот посебен; Идентитетот како човечка посебност; Животниот стил како човечка посебност; Лични и заеднички вредности; Од потреби до човекови права; Што се и како настанале човековите права; Граѓански и политички права; Социјално – економски права; Еколошки развојни и културни права; Детски права; Женски права; Одговорност; Повреда и заштита на човековите права; Стереотипи и предрасуди – форми на дискриминација.

**Тема 2: Демократија и граѓанско општество**. Во оваа програмска тема се изучуваат следниве содржини: Демократијата и нејзините основни карактеристики;Демократска држава и други форми на државно уредување; Улогата на граѓаните во демократијата; Кој припаѓа и кој управува во демократијата; Демократијата и човековите права.

**Тема 3: Европска унија.** Во оваа програмска тема се изучуваат следниве содржини: Европската унија и нејзиното создавање; Работењето на Европската унија; Слободата, правата и безбедноста во Европската унија; Европската унија и европскиот идентитет; Интегрирање на Република Македонија во Европската унија.

Според она што го увидовме во анализата наставата по граѓанско образование им овозможува на учениците да усвојуваат знаења, вештини за темелните вредности на граѓаните на Р. Македонија и ги подготвуваат да

размислуваат и прифаќаат вредности кои го унапредуваат функционирањето на демократското општество.

## 4. Анализа на содржината на програмата на слободните ученички активности

Во Годишната програма за работа на едно основно училиште стои дека во текот на една учебна година ќе се организираат и реализираат слободни ученички активности. Во Годишната програма за работа на ООУ „Гоце Делчев" – Штип за учебната 2013/2014 година се предвидени слободни ученички активности кои ќе се реализираат преку општествени и хуманитарни организации на учениците, преку активности на заедницата на учениците, преку училишните секции,преку ученичките екскурзии како и преку организирање и учество во натпревари и смотри. Се планира преку овие активности да се откријат индивидуалните способности и интереси на учениците, да се развива натпреварувачкиот дух кај учениците, да се подигне нивото на општа култура , да се применат основните етички и морални вредности, како и да се развива личноста на ученикот во духот на хуманизмот и добродетелта.

Во основното училиште постојат следниве **училишни секции**: секција за странски јазик; историска секција; географска секција; математичка секција; хемиска секција; сообраќајно техничка секција, фото и кино секција; еколошка секција, односно љубители на природата; етнолошка секција; литературна секција; драмско – рецитаторска секција; музичка секција, ликовна секција, ритмичко - балетска секција, новинарска секција, библиотекарска секција, фолклорна секција; секција за мал фудбал; секција за ракомет и секција за одбојка.

Со разновидноста на понудените содржини и организирани облици, училиштето овозможува во најголем дел да ги исполни потребите и желбите на учениците за дополнително вонреставно ангажирање и учество во една до две активности.

Имајќи ги во предвид различните интереси и способности на учениците планирањата за вонреставните активности се концепирани врз основа на

потребите на учениците. За таа цел во училиштето преку разговори и анкети се формира листа на слободните ученички активности и ученички секции.

Од анализата на литературна секција можеме да ги издвоиме следниве содржини и нивните цели: Сценарио за приемот на првачињата каде што целта е соработка на учениците и наставниците од одделенска и предметна настава; Одбележување на Меѓународниот ден на мирот со цел: соработка со Здружението на борците и јакнење на свеста за љубов на учениците кон татковината и слободата; Организирање приредба по повод Детската недела со цел: запознавање со правата на децата и значењето на детската организација; Изработка на ѕидни весници и естетско уредување на литературно катче кое има за цел мотивација на учениците за развивање на творечкиот и естетскиот талент; Одбележување на Конвенцијата за правата на детето со цел: запознавање со правата и обврските на учениците и пишување по таа тема; Пишување лични творби на тема Борба против пороците (тутун, дрога, алкохол) со цел согледување на штетните последици од пороците на денешницата; Творење „Чиста околина – Здрав живот" која има цел зачувување на околината и значењето на здравиот живот; Творење на тема Крводарителство со цел запознавање со дејноста на крводарителите, нивното мото за дарување крв и хуманите вредности и ред други содржини и активности кои делуваат врз развојот на моралните, естетските и интелектуалните вредности кај учениците.

При анализа на програмата за работа на секцијата за странски јазици – англиски јазик може да се видат содржини од областа на воспитанието и развој на хумани вредности кај учениците. На пример: Творење на тема Хуманост со цел поттикнување на учениците на креативност за хумани цели; Творење на тема – екологија со една единствена цел развој на еколошката свест кај учениците преку творење; Индивидуално творење на тема Пролет со цел поттикнување на творечкиот талент кај учениците; Индивидуален говорен пристап на тема 8 Март со цел да се увиди значењето на жената (мајката) во семејството.

При анализа на програмата за работа на еколошката секција и секцијата „Љубители на природата" (Прилог 8 и Прилог 9) може да се види дека целта на оваа секција преку слободните ученички активности да се развива еколошката

свест кај учениците, естетиката како и моралните вредности. Содржини кои се предвидени се: Прошетка во блиската околина; Разговор за загаденоста на блиската околина и собирање на хартија и друг материјал; Изработка на ликовни творби, ѕидни весници со цел естетско уредено еколошко катче; Работни акции; Оплеменување на млади фиданки во училиштето и грижа за хигиената во училиштето и училишниот двор преку собирни еколошки акции претставени во Еко – патроли.

Од организации на учениците во училиштето постојат: Детска организација и Организација на подмладокот на Црвениот Крст.

**Подмладокот на Црвениот Крст** ( Прилог 10) ги опфаќа сите ученици во училиштето со основна цел:

-да се подигне здравствената култура кај учениците;



-унапредување на животната средина;

-негување на чувството за солидарност, хуманост и пријателство;

-обезбедување на социјална сигурност;

- Создавање , развивање и негување на хигиенските навики;

- Оспособување на подмладокот за укажување на прва помош и самопомош во случај на несреќи (основни работи);

- Водење на постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина на живеење;

- Развивање на чувства за основните принципи на Црвениот крст и Црвената

Полумесечина. Дел од предвидени содржини на подмладокот на Црвениот Крст за оваа учебна година се следниве (целата програма е дадена во делот Прилози): Подготовки за свечен прием на првачињата - ,,Недела на младите на Црвениот крст ,,; Снабдување на материјално не обезбедени ученици со учебници , школски прибор и чанта; Организирање ,,Весела контрола,, (што носиме во џеповите , лична хигиена ); Акција за чистење и грижа за зеленилото во училишниот двор; Здравствено предавање и вклучување со активисти во ,, Месецот за борба против пушењето , алкохолот и наркоманијата ,,; Подготовки за организирање настава од Прва помош за ученици од VII одд; Запознавање со апокалипсата на 20 век – СИДАТА („Недела на борба против сидата"; Предавање „Заштита на забите" ( Недела на забоздравствена заштита); Посета на старечки дом – со пригодна програма и подароци; Евиденција и помош подмлаткари од социјално загрозени семејства; Исхрана во зимскиот период ,, (предавање со практични совети ); ,, Недела на хигиенизација ,, ( 8 – 15 април). Подмлаткари патролџии во соработка со месната заедница и Еколошко друштво ги откриваат најзагадените места во околината ( се организира акција ) и други активности и содржини кои ја потврдуваат нашата 9 хипотеза дека содржините на програмата на слободните ученички активности нудат теми за остварување на хуманизација на ученикот.



(Хуманитарна акција по повод поплавите во Србија и Босна и Херцеговина, 20.05.2014)

Во училиштето постои и **Детска организација** (Прилог 11) која има за цел учениците своето слободно време да го потрошат во слободно дружење, развивање на пријателството и развивање на моралните вредности. Цели кои ги има поставено оваа организација се: подобрување на работата на одделенските заедници; Медиумска презентација на училиште; Запознавање со значењето на 8 Септември; Запознавање со значењето на 11 Октомври и полагање цвеќе на паднатите борци; Да се запознаат со институцијата – библиотека; Запознавање со работата на банките; Истакнување на творби од надарени деца; Свечен

пречек на Нова година; Одбележување на денот на жената; Организирање работна акција - развивање на работен дух; Запознавање со работата во физикална терапија; Развивање на свест за зачувување на природата.

Во учебната 2013/2014 година учениците од основното училиште своите активности ќе ги организираат преку **ученичка заедница** (Прилог 12) . Заедницата на учениците е многу значаен облик на организирање на животот на учениците во основното училиште. Ученичката заедница во училиштето ќе се формира на две нивоа, на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Ученичката заедница се организира во рамките на паралелката и претставува заедница на паралелката. Заедницата на паралелките избира раководство од 3 члена, подготвува и реализира Програма за работа, соработува со одделенскиот раководител на паралелката, наставниците и родителите. Од анализа на програмата на ученичката заедница, која е дадена во Прилози, може да се забележи развивањето на хуманистичкиот дух кај учениците. Секоја содржина од Програмата има своја цел. Како на пример, при самото конституирање на ученичката заедница целта е да се развие чувството на припадност во колективот и почитување на правилата на колективот. При изборот на раководство, една од целите е развивање на објективност и колективност. Во Програмата стои дека ја обележуваат и Детската недела со една единствена цел – развој на солидарност и хумани чувства. При организирање на акцијата Денар – повеќе, самите ученици се осврнуваат кон развивање на хуманоста кај самите нив. Ученичката заедница учествува во развој на естетскиот изглед на училиштето со цел да и кај самите нив се развие одговорност, припадност, соработка, иницијатива, креативност и творечко мислење. Понатаму ученичката заедница разработува теми и содржини од здравјето на учениците по повод некои недели; Недела на борба против сидата и 7 април каде целта е добивање информации за подобрување на здравјето и негување здрав, спортски и еколошки дух. Учествуваат во разни еколошки акции, организирани од страна на училиштето или Локалната средина, при што стекнуваат свесност за работните навики, еколошка култура, работни навики и одговорност. Ја прославуваат Новата година и полу матурата при што целта е да се договорат за фер игра и правила на однесување на свеченостите, како и дружење, развивање на пријателство и стекнување доверба. Учествуваат во натпревари од различно

ниво при што основната цел е развој на натпреварувачки дух, откривање на причините за успех/неуспех и постигнување на поголема мотивираност и ентузијазам.

Во оваа учебна година училиштето организира **општествено хуманитарна работа со учениците** (Прилог 1). Општествено хуманитарната работа која ќе ја организира училиштето има за цел да развие позитивен однос на учениците кон работата - трудот и правилно сфаќање на улогата на физичкиот и интелектуалниот труд и животот на човекот. Во рамките на оваа дејност ќе се програмираат активности кои имаат општествено и хуманитарно значење, како што се: работни акции, уредување и украсување на училиштето и училишниот двор, учество на учениците во собирни акции. Основни задачи на ова ќе бидат:

-кај учениците да се развива позитивен став кон трудот и да создаваат работни навики;

-да се развива љубов кон природата и природните убавини;

-да се создаваат навики за зачувување на хигиената во училиштето;

-да се создава позитивен однос кон спомениците на културата и историското минато.

Во учебната 2013-2014 година во ООУ,,Гоце Делчев,, **ученичките екскурзии** (Прилог 13) ќе се организираат согласно правилникот за организирање и изведување на ученички екскурзии и Програмата за реализација на екскурзии со парични средства од учениците.

Ученичките екскурзии се таков облик на воспитно - образовна работа преку кои учениците се запознаваат со предметите и појавите во нивната природна средина и во нивните животни услови. Преку нив учениците ги прошируваат своите знаења за одделни подрачја од животот и работата на луѓето и се запознаваат со природните убавини и културно - историските знаменитости на поблиската и пошироката заедница. Нивната улога и педагошката функција е незамислива во остварувањето на одделни цели и

задачи на училиштето, а пред се во остварување на две битни функции: воспитно -рекреативната и образовната.

Според планот се предвидува реализација на повеќе видови на ученички екскурзии за учениците и тоа:

- Наставни екскурзии
- Екскурзии со општ воспитно образовен карактер
- Комбинирани ученички екскурзии
- Екскурзии за забава и рекреација

Времетраењето на овие екскурзии ќе биде еднодневно или повеќедневни во зависност од планирањата во програмите на стручните активи.

Една од екскурзиите предвидена за оваа учебна година е научно – рекреативната екскурзија Крушево – Охрид во VI одделение која ги има за цел следниве воспитно – образовни цели: да се мотивираат учениците, да развијат интерес за историјата и градење на културни навики за почитување на минатото; да се поттикнат учениците на позитивен однос кон националните, културните вредности од минатото; да се засили чувството за љубов кон природните убавини; да се поттикне љубовта кон татковината и дружење и јакнење на другарството.

**Ученичките натпревари** опфаќаат активности преку кои ќе се презентираат постигањата не само на учениците туку и на училиштето во наставата и во другите подрачја од воспитно - образовната дејност. Натпреварите се организираат на ниво на училиште, општина и во рамките на државата. Најуспешните ученици учествуваат на меѓународни натпревари. Планирањето на овие ученички натпревари е во корелација со Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука.

Целта на овие натпревари и ученички смотри е развивање на интелектуалната способност на учениците и остварување на воспитната функција на училиштето во хуманизација на личноста на ученикот. Натпреварите ќе се спроведуваат скоро кај сите секции. За анализа зедов

неколку секции и тоа: литературно – рецитаторската секција, математичката секција, географската секција.

Литературно – рецитаторската секција предвидува учество на неколку натпревари, литературно читање на лични творби „Поетска вечер“ во организација на Дом на млади со цел поттикнување на креативноста на учениците и презентирање на лични творби на слободна тема; учество на поетски фестивал на РМ „Ракатки“ – Скопје со цел презентација на лични творби на слободни теми и доделување награди; Учество на Рацинови средби, цел: доделување на награди на слободна тема и запознавање со значењето на Кочо Рацин, гостување и средби со познати македонски автори;

Математичката секција предвидува учество на Квиз – натпревар „Колку знам...“, меѓу одделенски натпревар по математика, избор на најдобар математичар, како и меѓу училишни, регионални и републички натпревари во организација на Сојузот на математичари на РМ. Целта на учествата на учениците на овие натпревари предвидени со програмата се: проверка на знаењата од математика, развивање на натпреварувачки дух, справување со успех/неуспех, разгледување на причините за успехот/неуспехот.

По извршената анализа на програмата за работа на секциите и организирањето на слободните ученички активности може да се каже дека се во духот на постигање на хуманизација на личноста на ученикот, но не секаде и кај сите облици на слободни ученички активности подеднакво. Воспитниот дел на слободните ученички активности во духот на хуманизација на личноста на ученикот е најизразен кај литературната секција, еколошката секција, ученичката заедница, како и кај двете организации во основното општинско училиште и во поголем дел при спроведувањето на училишните екскурзии.

Во учебната 2013-2014 година секциите во ООУ,,Гоце Делчев,, ќе бидат вклучени во реализација на активности за одбележување на следните датуми :

- 8 ми Септември
- Прием на првачиња во Детската организација - 08.10
- Прием на првачиња во Црвен Крст - 08.11.
- 5 ти октомври - светски ден на учителот

- 11 ти Октомври
- Детска недела
- Месец на книгата октомври / ноември
- Конвенција за правата на детето
- 8 ми Ноември
- Нова година и Божик
- Одбележување на муслимански верски празници
- Раѓањето на Гоце Делчев
- 8 ми Март
- 8 ми Април - светски ден на Ромите
- 21 ви Март - ден на екологијата
- 1 ви Април - ден на шегата
- Велигден
- Патронен празник - 04.05.
- Национален ден на Власите- 23.05.
- Ден на просветителите - 24.05.

## 5.Интерпретација на резултатите од анализата на содржините на програмите Час на одделенска заедница – Животни вештини, Етика и Граѓанско образование

Од направената анализа на содржините на програмите на наставните предмети Час на одделенска заедница – Животни вештини, Етика и Граѓанско образование, со право можеме да констатираме дека нудат доволно теми и содржини кои влијаат врз хуманизацијана личноста на ученикот. Целите и содржините се во духот на хуманизација на личноста на ученикот, тие се јасно дефинирани и реално остварливи. Учениците не само што учат туку преку овие наставни предмети се воспитуваат во духот на хуманизација на нивната личност, во духот на доброто однесување пред сè кон и за себе, а потоа и кон другите, поттикнува кај учениците заедничко меѓусебно комуницирање, почитување на другите како личности, почитување на правата, а со тоа и градење хуман општествен и личен идентите.

Содржините од овие наставни предмети им овозможуваат на учениците да усвојат знаења, вештини за темелните вредности на граѓаните на Република Македонија и ги подготвуваат да размислуваат и прифаќаат вредности кои го унапредуваат функционирањето на демократкото општество.

**Со право можеме да ја потврдиме хипотезата 3, која гласи: Постои доволна застапеност на содржините за работа на Часот на одделенската заедница кои се во функција на хуманизација на личноста на ученикот и хипотезата 5 која гласи: Постои доволна застапеност на содржини во наставните програми по одделени предмети етика и граѓанско образование кои се во функција на хуманизација на личноста на ученикот во наставните програми.**

Исто така, анализирајќи ја програмата за слободните ученички активности и активностите на учениците (Годишна програма за работа а ООУ „Гоце Делчев" – Штип), можеме да констатираме дека целта на овие слободни ученички активности се во насока на откривање индивидуални способности на учениците, развивање на натпреварувачкиот дух како и развој на личноста на ученикот во духот на хуманизмот, солидарноста и пријателството, се развива еколошката

свест кај учениците и развивање на моралните вредности. Преку сите овие содржини и активности се развива хуманоста, хуманите чувства и зајакнување на другарството.

Давајќи анализа на содржините на слободните ученички активности со право можеме да констатираме дека ја потврдуваме нашата 7 хипотеза, која гласи: Содржините од програмите за слободните ученички активности нудат теми за остварување на хуманизација на ученикот. Давајќи анализа на самите активности на учениците ја потврдуваме и нашата 8 хипотеза, која гласи: Слободните ученички активности нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот.

## 6.Анализа со интерпретација на резултатите од прашалникот за наставници и ученици

Х1. Наставниците сметаат дека односите во училиштето значајно влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот.

За докажување на оваа поставена хипотеза се користеа прашања од прашалникот за наставници и ученици. Се обработуваа три компоненти и тоа: се испитуваа мислењата на наставниците за односот помеѓу самите наставници односот помеѓу наставниците и учениците и колку тие влијаат врз хуманизација на личноста на ученикот и се испитуваа мислењата на учениците за нивниот меѓусебен однос и колку тој влијае врз хуманизација на личноста на ученикот.

1. Дали се согласувате дека комуникацијата наставник – ученик во основното училиште влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот?

**Табела 1.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – наставниците со тврдењето

1.Дали се согласувате дека комуникацијата наставник – ученик во основното училиште влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот?

| **Училиште** | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 14 | 7 | 6 | 3 | / | / | **20** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 8 | 4 | 12 | 6 | / | / | **20** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 14 | 7 | 6 | 3 | / | / | **20** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 7 | 3,5 | 12 | 6 | 1 | 0,5 | **20** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 11 | 5,5 | 9 | 4,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 15 | 7,5 | 4 | 2 | 1 | 0,5 | **20** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"- Македонска Каменица | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| **Вкупно** | **130** | **65** | **68** | **34** | **2** | **1** | **200** | **100** |

**Графикон 1.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – наставниците со тврдењето




Од податоците во Табела 1 и Графикон 1 се забележува дека од вкупно 200 испитаници – наставници, 130 ( 65%) од нив одговориле позитивно на прашањето, односно потполно се согласуваат дека комуникацијата наставник – ученик во основното училиште влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот, 68 или 34% од наставниците се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 2 (1%) дека не се согласуваат.

**Табела 1.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр. 1 од прашалник за наставници.

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 130 | 68 | 2 | **200** | 122,93 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 66.66 | 66.66 | 66.66 | **200** | | | |

Анализата на податоците во табелата 1.1 покажа дека во однос на првото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 122,93. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

**Табела 2.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

| 1.Дали се согласувате дека комуникацијата наставник – ученик во основното училиште влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **Потполно се согласувам** | | **Делумно се согласувам** | | **Не се согласувам** | | **Вкупно** | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 22 | 4,9 | 23 | 4,9 | / | / | **45** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 26 | 5,8 | 11 | 2,4 | 8 | 1,8 | **45** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 25 | 5,6 | 19 | 4,2 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 18 | 4 | 16 | 3,6 | 11 | 2,4 | **45** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 24 | 5,3 | 21 | 4,7 | / | / | **45** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 29 | 6,4 | 15 | 3,3 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 30 | 6,7 | 11 | 2,4 | 4 | 0,9 | **45** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"- Македонска Каменица | 31 | 6,9 | 9 | 2 | 5 | 1,1 | **45** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 22 | 4,9 | 17 | 3,8 | 6 | 1,3 | **45** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 26 | 5,8 | 11 | 2,4 | 8 | 1,8 | **45** | **100** |
| **Вкупно** | **253** | **56,3** | **153** | **33,7** | **44** | **9,7** | **450** | **100** |

**Графикон 2.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 2 и Графикон 2 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 253 одговориле - потполно се согласуваат дека комуникацијата наставник – ученик во основното училиште влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот, 153 од нив се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 44 дека не се согласуваат.

**Табела 2.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр.1 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 253 | 153 | 44 | **450** | 145,69 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 150 | 150 | 150 | **450** | | | |

Анализата на податоците во табелата 2.1 покажа дека во однос на првото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 145,69. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое

се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

2. Дали се согласувате дека однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот?

**Табела 3.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – наставници со тврдењето

| 2.Дали се согласувате дека однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | | Вкупно | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 14 | 7 | 6 | 3 | / | / | **20** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 14 | 7 | 6 | 3 | / | / | **20** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 12 | 6 | 6 | 3 | 2 | 1 | **20** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 13 | 6,5 | 7 | 3,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 17 | 8,5 | 3 | 1,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 10 | 5 | 10 | 5 | / | / | **20** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| **Вкупно** | **142** | **71** | **56** | **28** | **2** | **1** | **200** | **100** |

**Графикон 3.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – наставници со тврдењето




Од податоците во Табела 3 и Графикон 3 се забележува дека од вкупно 200 испитаници – наставници, 142 или 71% потполно се согласуваат на прашањето - Дали се согласувате дека однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот, 56 (28%) се изјасниле дека делумно се согласуваат, а 2 (или 1%) од наставниците дека не се согласуваат.

**Табела 3.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање 2 од прашалник за наставници.

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 142 | 56 | 2 | **200** | 149,57 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 66.66 | 66.66 | 66.66 | **200** | | | |

Анализата на податоците во табелата 3.1 покажа дека во однос на второто прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 149,57. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

**Табела 4.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

| 2.Дали се согласувате дека однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | **Потполно се согласувам** | | **Делумно се согласувам** | | **Не се согласувам** | | **Вкупно** | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 24 | 5,3 | 20 | 4,4 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 26 | 5,8 | 10 | 2,2 | 9 | 2 | **45** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 28 | 6,2 | 12 | 2,7 | 5 | 1,1 | **45** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 23 | 5,1 | 10 | 2,2 | 12 | 2,7 | **45** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 28 | 6,2 | 15 | 3,3 | 2 | 0,4 | **45** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 31 | 6,9 | 13 | 2,9 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 26 | 5,8 | 10 | 2,2 | 9 | 2 | **45** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"- Македонска Каменица | 24 | 5,3 | 10 | 2,2 | 11 | 2,4 | **45** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 21 | 4,7 | 11 | 2,4 | 13 | 2,9 | **45** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 32 | 7,1 | 10 | 2,2 | 3 | 0,7 | **45** | **100** |
| **Вкупно** | **263** | **58,4** | **121** | **26,7** | **66** | **14,6** | **450** | **100** |

**Графикон 4.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 4 и Графикон 4 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 263 одговориле дека потполно се согласуваат, 121 дека делумно се согласуваат и 66 - не се согласуваат дека однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот.

**Табела 4.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр. 2 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 263 | 121 | 66 | **450** | | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 150 | 150 | 150 | **450** | 137,77 | | |

Анализата на податоците во табелата 4.1 покажа дека во однос на второто прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 137,77. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое

се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 (p<0.01).

3. Дали се согласувате дека наставникот преставува пример за тоа како треба да се однесуваат учениците?

**Табела 5.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – наставници со тврдењето

| 3.Дали се согласувате дека наставникот преставува пример за тоа како треба да се однесуваат учениците? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | | Вкупно | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 13 | 6,5 | 7 | 3,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 14 | 7 | 5 | 2,5 | 1 | 0,5 | **20** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 19 | 9,5 | 1 | 0,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 19 | 9,5 | 1 | 0,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 13 | 6,5 | 7 | 3,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 16 | 8 | 4 | 2 | / | / | **20** | **100** |
| **Вкупно** | **156** | **78** | **43** | **21,5** | **1** | **0,5** | **200** | **100** |

**Графикон 5.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – наставници со тврдењето




Од податоците во Табела 5 и Графикон 5 се забележува дека од вкупно 200 испитаници – наставници, 156 или 78% одговориле дека потполно се согласуваат, 43 (21,5%) дека делумно се согласуваат и 1 (0,5%) - не се согласува дека наставникот претставува пример за тоа како треба да се однесуваат учениците.

**Табела 5.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр. 3 од прашалник за наставници.

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 156 | 43 | 1 | **200** | | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 66.66 | 66.66 | 66.66 | **200** | 192,81 | | |

Анализата на податоците во табелата 5.1 покажа дека во однос на третото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 192,81. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

3. Како ќе го процените постоечкиот однос меѓу учениците и наставниците во вашето училиште?-

**Табела 6.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

| 3.Како ќе го процените постоечкиот однос меѓу учениците и наставниците во вашето училиште? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Пријателски, соработнички, хуман | | Помалку на растојание | | Непријателски, несоработнички, нехуман | | **Вкупно** | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 35 | 7,8 | 10 | 2,2 | / | / | **45** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 36 | 8 | 8 | 1,8 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 32 | 7,1 | 12 | 2,7 | 1 | 0,2 | **45** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 19 | 4,2 | 16 | 3,6 | 10 | 2,2 | **45** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 33 | 7,3 | 10 | 2,2 | 2 | 0,4 | **45** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 31 | 6,9 | 14 | 3,1 | / | / | **45** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 32 | 7,1 | 10 | 2,2 | 3 | 0,7 | **45** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 21 | 4,7 | 22 | 4,9 | 2 | 0,4 | **45** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 27 | 6 | 18 | 4 | / | / | **45** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 29 | 6,4 | 16 | 3,6 | / | / | **45** | **100** |
| **Вкупно** | **295** | **65,5** | **136** | **30,3** | **19** | **4,1** | **450** | **100** |

**Графикон 6.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 6 и Графикон 6 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 295 одговориле дека нивниот однос со наставниците во училиштето е пријателски, соработнички и хуман, преку што се гледа дека ваквиот однос допринесува за хуманизација на личноста на учениците, 136 одговориле дека односот е помалку на растојание, а само 19 дека односот на учениците и наставниците е непријателски, несоработнички и нехуман.

**Табела 6.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр. 3 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 295 | 136 | 19 | **450** | 255,88 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 150 | 150 | 150 | **450** | | | |

Анализата на податоците во табелата 6.1 покажа дека во однос на третото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 255,88. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

4. Што очекуваат наставниците од вас учениците?

**Табела 7.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

| 4. Што очекуваат наставниците од вас учениците? | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Повеќе да се трудиме, повеќе да учиме | | Да бидеме успешни во животот | | Да бидеме поштени и вредени луѓе | | Ништо не очекуваат | | **Вкупно** | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 7 | 1,6 | 6 | 1,3 | 32 | 7,1 | / | / | **20** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 5 | 1,1 | 8 | 1,8 | 32 | 7,1 | / | / | **20** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 9 | 2 | 9 | 2 | 27 | 6 | / | / | **20** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 17 | 3,8 | 8 | 1,8 | 20 | 4,4 | / | / | **20** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 13 | 2,9 | 3 | 0,7 | 29 | 6,4 | / | / | **20** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 12 | 2,7 | 6 | 1,3 | 26 | 5,8 | 1 | 0,2 | **20** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 10 | 2,2 | 10 | 2,2 | 25 | 5,6 | / | / | **20** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 6 | 1,3 | 6 | 1,3 | 32 | 7,1 | 1 | 0,2 | **20** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 17 | 3,8 | 3 | 0,7 | 25 | 5,6 | / | / | **20** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 11 | 2,4 | 9 | 2 | 25 | 5,6 | / | / | **20** | **100** |
| **Вкупно** | **107** | **23,8** | **68** | **15,1** | **273** | **60,7** | **2** | **0,4** | **450** | **100** |

**Графикон 7.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 7 и Графикон 7 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 273 ученици одговориле дека наставниците од нив очекуваат тие да бидат поштени и вредни луѓе со што се гледа дека наставниците ја согледуваат потребата од хуманизација на личноста на учениците, 107 ученици одговориле дека наставниците очекуваат од нив повеќе да се трудат и повеќе да учат, 68 –да бидат успешни во животот, а сосема малку, или 2 ученици одговориле дека наставниците не очекуваат ништо од нив.

**Табела 7.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр.4 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **4** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 107 | 68 | 273 | 2 | **450** | 355,39 | 3 | **0.01** |
| Очекувани | 112,5 | 112,5 | 112,5 | 112,5 | **450** | | | |

Анализата на податоците во табелата 7.1 покажа дека во однос на четвртото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 355,39. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 7.815 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 11.341 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p < 0.01$).

5. Какви се наставниците во секојдневните среќавања?

**Табела 8.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

| 5.Какви се наставниците во секојдневните среќавања? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Скоро секогаш расположени | | Добро расположени | | Понекогаш расположени | | **Вкупно** | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 23 | 5,1 | 14 | 3,1 | 8 | 1,8 | **45** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 20 | 4,4 | 14 | 3,1 | 11 | 2,4 | **45** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 27 | 6 | 9 | 2 | 9 | 2 | **45** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 16 | 3,6 | 13 | 2,9 | 16 | 3,6 | **45** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 20 | 4,4 | 19 | 4,2 | 6 | 1,3 | **45** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 16 | 3,6 | 21 | 4,7 | 8 | 1,8 | **45** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 25 | 5,6 | 15 | 3,3 | 5 | 1,1 | **45** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 19 | 4,2 | 10 | 2,2 | 16 | 3,6 | **45** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 22 | 4,9 | 17 | 3,8 | 6 | 1,3 | **45** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 23 | 5,1 | 12 | 2,7 | 10 | 2,2 | **45** | **100** |
| **Вкупно** | **211** | **46,9** | **144** | **32** | **95** | **21,1** | **450** | **100** |

**Графикон 8.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 8 и Графикон 8 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 211 ученици одговориле дека нивните наставници скоро секогаш се расположени, 144 дека наставниците се добро расположени и 95 дека понекогаш се расположени. Можеме да заклучиме дека ликот на наставникот и неговата духовна состојба влијаат врз односите на наставниците со учениците и секако влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот и е добро што учениците одговараат дека имаат расположени наставници, што секако позитивно ќе допринесе за изградување на личноста на ученикот.

**Табела 8.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр.5 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 211 | 144 | 95 | **450** | 45,21 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 150 | 150 | 150 | **450** | | | |

Анализата на податоците во табелата 8.1 покажа дека во однос на петото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 45,21. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува првата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p<0.01$).

4. Дали се согласувате дека односите помеѓу наставниците во колективот значајно влијаат врз хуманизацијата на личноста на ученикот?

**Табела 9.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – наставниците со тврдењето

| 4. Дали се согласувате дека односите помеѓу наставниците во колективот значајно влијаат врз хуманизацијата на личноста на ученикот? | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училиште** | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | | Вкупно | |
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 15 | 7,5 | 5 | 2,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 11 | 5,5 | 9 | 4,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 9 | 4,5 | 9 | 4,5 | 2 | 1 | **20** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 6 | 3 | 9 | 4,5 | 5 | 2,5 | **20** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 9 | 4,5 | 9 | 4,5 | 2 | 1 | **20** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 9 | 4,5 | 11 | 5,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 13 | 6,5 | 7 | 3,5 | / | / | **20** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 9 | 4,5 | 9 | 4,5 | 2 | 1 | **20** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 10 | 5 | 10 | 5 | / | / | **20** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 10 | 5 | 10 | 5 | / | / | **20** | **100** |
| **Вкупно** | **101** | **50,5** | **88** | **44** | **11** | **5,5** | **200** | **100** |

**Графикон 9.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – наставниците со тврдењето




Од податоците во Табела 25 и Графикон 25 се забележува дека од вкупно 200 испитаници – наставници, 128 одговориле дека потполно се согласуваат дека активностите на учениците во секции, клубови, на екскурзии, при посети на знаменитости, институции итн. нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот, 71 делумно се согласуваат, а 1 наставник не се согласува.

**Табела 25.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр.15 од прашалник за наставници.

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 128 | 71 | 1 | **200** | 121,40 | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 66.66 | 66.66 | 66.66 | **200** | | | |

Анализата на податоците во табелата 25.1 покажа дека во однос на петнаесетото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 121,40. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност

0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува осмата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p < 0.01$).

**Табела 26.** Процентуална распределба на степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето

15.Дали се согласувате дека активностите на учениците во секции, клубови, на екскурзии,при посети на знаменитости, институции итн. нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот?

| **Училиште** | Потполно се согласувам | | Делумно се согласувам | | Не се согласувам | | **Вкупно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ф | % | ф | % | ф | % | ф | % |
| "Гоце Делчев"-Штип | 30 | 6,7 | 15 | 3,3 | / | / | **45** | **100** |
| „Тошо Арсов"-Штип | 25 | 5,6 | 16 | 3,6 | 4 | 0,9 | **45** | **100** |
| „Димитар Влахов"-Штип | 28 | 6,2 | 17 | 3,8 | / | / | **45** | **100** |
| „Страшо Пинџур"-Карбинци | 18 | 4 | 22 | 4,9 | 5 | 1,1 | **45** | **100** |
| „Ванчо Китанов"-Пехчево | 30 | 6,7 | 15 | 3,3 | / | / | **45** | **100** |
| „Дедо Иљо Малешевски"-Берово | 28 | 6,2 | 14 | 3,1 | 3 | 0,7 | **45** | **100** |
| „Ванчо Прке" - Делчево | 26 | 5,8 | 14 | 3,1 | 5 | 1,1 | **45** | **100** |
| „Св.Кирил и Методиј"-Македонска Каменица | 23 | 5,1 | 18 | 4 | 4 | 0,9 | **45** | **100** |
| „Крсте Петков Мисирков"-Оризари | 25 | 5,6 | 17 | 3,8 | 3 | 0,7 | **45** | **100** |
| „Малина Попиванова"-Кочани | 32 | 7,1 | 10 | 2,2 | 3 | 0,7 | **45** | **100** |
| **Вкупно** | **265** | **58,8** | **158** | **35,1** | **27** | **6,1** | **450** | **100** |

**Графикон 26.** Распределба на одговорите според степенот на согласување на испитаниците – ученици со тврдењето




Од податоците во Табела 26 и Графикон 26 се забележува дека од вкупно 450 испитаници – ученици, 265 одговориле дека потполно се согласуваат дека активностите на учениците во секции, клубови, на екскурзии, при посети на знаменитости, институции итн. нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот, 158 делумно се согласуваат, а 27 наставници не се согласуваат.

**Табела 26.1** Споредување на добиените фреквенции со фреквенции очекувани според прашање бр. 15 од прашалник за ученици

| **Фрекфенции** | **1** | **2** | **3** | **Вкупно** | $\chi^2$ | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Забележани | 265 | 185 | 27 | **450** | | 2 | **0.01** |
| Очекувани | 150 | 150 | 150 | **450** | 197,19 | | |

Анализата на податоците во табелата 31.1 покажа дека во однос на петнаесеттото прашање постои статистички значајна разлика помеѓу добиените и очекуваните одговори на испитаниците.

Добиената вредност за $\chi^2$ изнесува 197,19. Според дадениот критериум, $\chi^2$ треба да изнесува најмалку 5,991 за да биде значаен на ниво на значајност 0,05 и 9,210 за ниво на значајност 0,01. Добиениот $\chi^2$ за ова тврдење, преку кое се докажува осмата хипотеза, ја надминува табелираната вредност и е статистички значаен на ниво 0,01 ($p < 0.01$).

Од анализата на резултатите произлегува дека учениците немаат доволно време да бидат активни во слободните ученички активности, што е резултат сам по себе дискутабилен и отвора многу други прашања, но сепак најголем број од наставниците и учениците потполно се согласуваат дека слободните ученички активности нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот.

Со добиените податоци ја потврдуваме и прифаќаме хипотеза 8 дека слободните ученички активности нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот.

## 7. Интерпретација на резултатите од прашалниците за наставници и ученици

Со анализа на резултатите добиени од прашалникот за наставници и ученици (Прилог 14 и 15) се добија податоци за мислењата на наставниците и учениците во врска со улогата на современото основно воспитание и образование во хуманизација на личноста на ученикот. Се потврди нашата главна хипотеза дека **Современото основно воспитание и образование е во функција на хуманизација на личноста на ученикот,** како и останатите 8 помошни хипотези. Потврдивме дека не постои статистички значајна разлика во ставовите на наставниците и учениците во врска со влијанието на воспитанието врз хуманизацијата на личнсота на ученикот, а со тоа се потврди дека воспитанието влијае врз хуманизацијата на личноста на ученикот, се потврдија позитивни мислења на наставниците и учениците дека односите помеѓу наставниците, наставниците и учениците, како и односите помеѓу самите ученици значајно влијаат врз хуманизацијата на личноста на ученикот.

Понатаму потврдивме дека содржините и активностите на Часот на одделенската заедница, содржините и активностите на часовите по наставните предмети Етика и Граѓанско образование се доволно застапени и влијаат врз хуманизацијата на личноста на учениците.

И покрај немањето доволно време за поуспешна реализација на слободните ученички активности, сепак потврдивме дека содржините на програмите од слободните ученички активности нудат теми за остварување на хуманизација на ученикот, а оваа цел се остварува и преку активностите на самите ученици во секции, клубови, на екскурзии, при посета на институции итн.

Анализата на резултатите од прашалниците за наставници и ученици ги потврдија сите наши хипотези.

## 8. Анализа на резултатите од набљудувањето

Со примена на техниката на партиципативно набљудување се доби обемен материјал.

### 8.1 Обезбедување пристап на теренот

Практичниот дел од истражувањето почна со обезбедување на пристап на теренот. Изборот на училиштето ООУ "Гоце Делчев" беше намерен. За време на истражувањето се реализираа посети, во текот на кои се вршеше набљудување на одделенскиот час, набљудување на работата на некои секции, разговори со наставници, педагогот и директорот на училиштето.

Набљудувањето на тоа како се остварува хуманизацијата на личноста на ученикот преку активностите на часот на одделенската заедница и часовите по наставните предмети етика и граѓанско образование. Дескриптивното набљудување доведе до податоци за околината и условите во кои работата учениците и наставниците, а фокусираното набљудување доведе до податоци за тоа колку и како се реализира хуманизацијата на личноста на учениците.

### 8.2 Резултати од дескриптивното набљудување

**Простор:** ООУ „Гоце Делчев – Штип" е лоцирано на ул "Иво Лола Рибар" бр.179 во средишниот дел на реонот Бело Брдо во МЗ "Славчо Стојменски". Во овој реон во поголем процент живеат припадници на ромската етничка заедница кои се со релативно нестабилни социо - економски услови за живеење, што секако има своја рефлексија врз воспитно - образовните потреби на учениците Роми.

Училиштето започнало да работи од 1966 година. Во состав на училиштето се: подрачните училишта во населба Три Чешми и село Шашаварлија. Во централното училиште постојат 3 паралелки во ново прво одделение, 13 паралелки од прво до четврто одделение и 15 паралелки од петто до осмо одделение, или брои вкупно околу 500 ученика, чиј состав е хетероген. Наставата се изведува на македонски јазик освен во подрачното училиште со село Шашаварлија каде што наставата се изведува на турски јазик, а од странските јазици се изучуваат: англискиот, германскиот и францускиот јазик, а

како изборен предмет учениците можат да ги изучуваат и италијанскиот и влашкиот јазик.

Наставниците во училиштето делуваат преку одделенски активи од прво до четврто одделение и стручни активи во предметна настава.

Наставници во одделенска настава се вкупно 16 и наставници во предметна настава се вкупно 50.

Стручни органи се одделенскиот и наставничкиот совет. Орган на управување е Училишниот одбор кои има свои претставници за соработка со локалната средина. Член на Училишниот одбор е и претседателот на Советот на родители. Во училиштето постои директор, педагог, логопед, библиотекар, секретар и благајник. Работата во училиштето се одвива во две смени ( во една смена ученици од прво до петто одделение од деветгодишно основно образование и во друга смена ученици од петто до осмо одделение од осумгодишно основно образование ).

**Предмети:** во училиштето постои вообичаениот дизајн, кој повремено се адаптира во зависност од методите на работа во училницата. Постојат три реда на клупи, кои повремено се разместуваат во зависност од активностите,а постојат и училници во кои се инсталирани по 24 компјутери наредени во буквата П. Постојат 2 големи паноа и едно помало за изложба на ученичките творби и две табли.

**Субјекти:** Паралелката VIII – 2 брои 25 ученика од кои 11 машки и 14 девојчиња.

**Активности:** со активностите во училиштето се почнува во 7:30 часот претпладне и 13:30 часот попладне. Училишниот ден е поделен на часови од по 40 минути.

## 8.3 Резултати од фокусираното набљудување

Набљудувањето на наставата резултира со голем број на податоци. Меѓутоа, целта на нашето истражување е да се согледа колку активностите на часовите на одделенската заедница, на кој што се работи програмата Образование за животни вештини, етика и граѓанско образование придонесуваат за хуманизација на личноста на ученикот и затоа акцентот се става на презентирање на оние податоци кои овозможуваат појасна слика за внатрешниот свет во училницата, светот на учениците и наставникот.

26.11.2012 (понеделник)

Понеделник првиот час е резервиран за час на одделенската заедница. На денешниот час се зборуваше на темата : Човекови права – дали ги заслужуваме?

Часот на одделенската заедница се изведува по наставен план и програм донесен од БРО и МОН по утврдени теми, содржини и работилници. При реализација на часот се користеше Прирачникот за Образование за животни вештини VII – IX одделение.

Часот започна вообичаено со средување на изостаноците од минатата недела. Одделенскиот раководител ја истакна целта на денешниот час. Потоа ги подели во 4 групи и им подели работен лист „Бидејќи сум човечко суштество имам право на...", а учениците за пополнување на истиот ја користеа техниката – стратегијата „Бура на идеи". Учениците работеа групна форма на работа. Целта на оваа активност беше да се доврши почнатата реченица давајќи што повеќе идеи без да се цензурираат, кажувајќи го првото нешто што ќе им дојде на памет. Листовите потоа беа закачени на табла и одделенскиот раководител читаше што има напишано на нив.





Потоа одделенскиот раководител поведе дискусија и постави неколку прашања: Дали имавте доволно време да ги запишете сите идеи што ви паднаа на памет? Дали идеите многу се разликуваат една од друга? Дали има поопшти и поспецифични? Кои права најчесто се повторуваат и зошто?

Следуваше втора активност. Учениците формираа нови групи и секоја група доби по еден примерок од работниот лист за ученици „Тест за човекови права“. Секоја група одговараше на тврдењата, а потоа еден претставник од групата презентираше по еден одговор и го образложуваше. Наставникот даваше коментар и дополнување кој се однесуваше на точниот одговор.

На крајот се извлече заклучок дека базичните човекови права и слободи се оние за кои луѓето на меѓународно ниво успеале да се согласат дека им припаѓаат на сите, доколку сакаме една заедница да ја наречеме современа, цивилизирана и демократска. Во определбите на човековите права и слободи е концентрирана целокупната хумана димензија на досегашниот развој на религијата, филозофијата, правото, социологијата и психологијата.





04.04.2014 – Час на одделенска заедница

Часот на одделенската заедница започна вообичаено со влегување на одделенскиот раководител во паралелката, поставување на прашања од негова страна во врска со некои активности и проблеми на учениците и излагање за тоа што ќе се работи на овој час.Учениците седнаа во групи и еден по еден даваа





асоцијации на зборот ДРУГАР. Потоа поведоа дискусија за тоа колку ни се важни другарите, зошто ни се потребни, какви другари имаме, дали сите другари ни се најдобри и на кои начини можеме да му покажеме на другарот дека ни значи.

Потоа секој ученик ги напиша имињата на своите другари на еден лист хартија. Потоа одбраа еден што сметаа дека им е најдобар другар во моментот и го нацртаа како карикатура и напишаа една реченица со која го опишаа.



Откако завршија, наставникот им побара по пат на Бура на идеи да се генерираат карактеристики на добар другар и ги запиша на табла.




На крајот извлекоа заклучок дека во текот на животот другаруваме со разни другари. Тие може да се наши врсници, возрасни, пријатели од Интернет, животни и други. Како растеме така местото и улогата на другарите во нашите животи се зголемува. Другарите ни се важни и ни се потребни бидејќи со нив се дружиме, разговараме, заеднички минуваме низ разни искуства, си даваме поддршка и си помагаме. Во текот на дружењето избираме по еден или двајца најдобри другари со кои се чувствуваме пријатно, релаксирано и имаме голема доверба во нив. Со другарите си покажуваме колку ни значат на различни начини, меѓу кои преку почитување, чување тајни, непотсмевање и друго. Некои работи не можеме да ги направиме сами – неопходни ни се другари. Кога нешто не умееме да го направиме сами или сме несигурни или не знаеме како од огромно значење ни е помошта од другарите.

04.02.2014 – час по наставниот предмет Етика

Наставничката влезе навреме со што започна и часот. Ги запозна учениците со новата наставна содржина што ќе ја разработуваат и ја запиша на таблата. Овој час се одржуваше во кабинетот по Информатика.

Целта на часот беше учениците да се запознаат со етичките вредности во врска со здравјето, заштита на природата и модерните средства за работа и комуникација.

Се бараа првичните мислења и идеи од учениците од дадената наставна единица; ги открија целите на часот. Потоа следуваше учење на лекцијата преку,истражување за она што проучува денешната етика , кои области ги проучува. Се поведе дискусија, а на крајот рефлексија на наученото. Преку примена на ИКТ вршеа истражување врз основа на насоките кои им беа дадени од наставникот (што е биоетика, еколошка етика и хакерска етика која била Рејчел Карсон кои се нејзините доприноси за биоетиката и еколошката етика).











03.10.2013 – час по наставниот предмет Граѓанско образование

Часот беше реализиран и набљудуван во 7 – 1 одделение. Навременото влегување на наставникот на час даде знак на учениците дека треба да се подготват за часот.

Наставната содржина која се обработуваше на овој час беше – Личните и заедничките вредности.

Цели на часот -да се сфати дека вредностите имаат голема улога за животот на човекот во заедницата

-да се осознае дека задоволувањето на потребите и желбите треба да бидат во согласност со правилата во заедницата.

Наставникот на почетокот ги потсети учениците за правилата на работа кои треба да се почитуваат додека се реализира наставната единица. На тој начин учениците ќе здобијат навики да ги применуваат и во разговорите во секојдневниот живот.

Преку разговор со учениците го наси размислувањето на учениците со неколку прашања: -Што подразбираат под поимот вредности?-Каде се стекнуваат вредностите?

Се бараа првични мислења и идеи од учениците од дадената наставна единица. Следуваше откривање на целите на часот. Наставникот и учениците поведоа дискусија за тоа кои вредности се формирани и кои се факторите кои влијаат врз формирањето на овие вредности. Ги истакнаа кои се личните вредностите, а кои се заеднички. Наставникот со активна улога и на учениците ги објаснуваа и ги истакнаа нивното значење.

Учениците ги осознаа целите на часот, ги претставија своите вредности, искажуваа каде и кој влијаел врз нивното формирање, се презентираа. Се истакнаа и заедничките темелни вредности кои важат за сите луѓе и сите општества.

11.09.2013 - час по наставниот предмет Граѓанско образование

Часот беше реализиран и набљудуван во 7 – 1 одделение. Навременото влегување на наставникот на час даде знак на учениците дека треба да се подготват за часот.

Наставната содржина која се обработуваше на овој час беше – Што е тоа што го прави човекот посебен од темата: Човекот и човековите права и одговорности.

Целите на часот беа: Учениците да сфатат дека човекот само може да го разбере , протолкува, менува и прилагодува светот и да ја открие посебноста на човекот.

Преку техниката Бура на идеи наставникот се обидуваше да дознае какви се познавањата и размислувањата на учениците во врска со различноста помеѓу човекот и останатиот жив свет. Нивните идеи и размислувања се запишаа на таблата и се коментираа. Вежбата имаше за цел да се провери предзнаењето на учениците за оваа тема. Наставникот започна со пример од кој можеше да се види разликата помеѓу човекот и животните. Карактеристиките ги кажуваше наставникот заедно со учениците. Наставникот запишуваше на табла.

Потоа учениците работеа во групи и сработеното го презентираа. Учениците на дадениот пример откриваат за сличностите и разликите за кои станува збор и го запишуваа во тетратките она што наставникот го запишуваше на табла.

Наставникот со примери од секојдневието доаѓаше до заклучок заедно со учениците дека човек е разумно суштество, морално, користи артикулиран говор, животот му е организиран во институции. Дојдоа до заклучок дека - Човекот создава свет по своја мерка , општество или култура.

06.11.2013 - час по наставниот предмет Граѓанско образование

Часот беше реализиран и набљудуван во 7 – 1 одделение. Навременото влегување на наставникот на час даде знак на учениците дека треба да се подготват за часот.

Наставната содржина која се обработуваше на овој час беше – Настанување на човековите права, која се реализираше со ИКТ (информациско комуникациска технологија) и PowerPoint презентација.

Целта на часот беше да се запознаат околностите во кои се појавила идејата за човековите права.

На почетокот наставникот даде воведни информации: ги потсети учениците за правилата на работа кои треба да се почитуваат . На тој начин учениците ќе здобијат навики да ги применуваат и во разговорите во секојдневниот живот

Потоа преку разговор со учениците го насочуваме размислувањето на учениците со неколку прашања: кои вредности се ценели во различни временски периоди?

Часот се одвиваше по вообичаениот тек: се бараа првичните мислења и идеи од учениците од дадената наставна единица; откривање на целите на часот; учење на лекцијата преку читање, истражување на интернет за појавата на првите документи за човековите права , обработке на делови од песните на Хомер и Хесиод, истакнување на вредностите кои се истакнуват вонивното време, изработка на презентација во PowerPoint. Потоа истите се презентираат, дискусија, а на крајот и рефлексија на наученото: научија за околностите во кои се појавила идејата за човековите права; научија за тоа кои се првите документи со кои се гарантираат човековите права; дознаа за „Големата повелба на слободата" и за „Декларација за правата на човекот и граѓанинот".




Од направената анализа и набљудувањето на часовите по наставните предмети Етика и Граѓанско образование, како и Часот на одделенската заедница можеме да потврдиме дека нудат доволно содржини и активности кои допринесуваат за хуманизација на личноста на учениците.

Со оваа анализа и набљудувањето на часовите можеме да ги потврдиме и прифатиме хипотезата 4, која гласи: Активностите на часот на одделенска заедница нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот и хипотезата 6, која гласи: Активностите на часовите по етика и граѓанско образование нудат можности за хуманизација на личноста на ученикот.

## 9.Заклучок

Врз основа на истражувањето, со квантитативна и квалитативна обработка на податоците, извлековме неколку важни заклучоци. Тие се од репрезентативна природа, но не се доволни за целосно заклучување. Затоа е потребно овој проблем да се проучува подолготрајно, поопсежно, во различни средини (училишта, семејство, општество) како и во различни години од школувањето на учениците. Предмет на нашето истражување беше – современото основно воспитание и образование во функција на хуманизацијата на личноста на ученикот. Целта на истражувањето беше да се испита влијанието на современото основно воспитание и образование врз хуманизацијата на личноста на ученикот.

А) Од анализата на Законот за основното образование, Националната програма за развој на образованието во Р. Македонија 2005 – 2015 година и Концепцијата за деветгодишно основно образование јасно се гледа дека поставеноста на нашиот воспитно – образовен процес оди во насока на хуманизација на личноста на учениците, прифаќајќи ги основните лични и заеднички вредности. Преку поставеноста и целите на нашиот воспитно – образован систем се гледа дека се настојува кај учениците да се влијае да се прифатат хуманистичките вредности кои ќе бидат во функција на развојот, како на самата личност, така и на целокупното општество.

Јасно се гледа дека Р. Македонија тежнее кон создавање на граѓанско општество кое ќе почива на хуманистичките принципи, а со тоа и воспитно – образованиот процес мора да тежнее кон формирање на слободен „нов човек“ кој сам ќе умее да го разликува доброто од злото. Во духот на новите барања со кои е соочено и македонското општество, Националната програма јасно ги детерминира современите цивилизациски вредности, како што се : знаењето, демократичноста, правичноста, толеранцијата и хуманизмот.

Б) Од направената анализата на Годишната програма за работа на основните училишта, поставениот униформиран терк, увидовме дека големо внимание се посветува на програма за воспитното влијание на училиштето, социо – емоционалната клима во училиштето, мултикултурализмот,

општествено – хуманитарната работа на учениците, програми кои влијаат врз хуманизацијата на личноста на учениците, но и влијаат врз хуманизација на меѓучовечките односи во и надвор од училиштето. Преку насоченото внимание на овие подрачја, се гледа дека Р. Македонија го свртува вниманието на воспитанието и образованието за менување на свеста кај учениците и промовирање на трајни вредности: почитување на човековите права, религиска, етичка, расна и културна толеранција, солидарност, граѓанска коегзистенција, слобода итн.

В) За развојот на демократскиот концепт и унапредување на граѓанските вредности, за создавањето на „нов човек“ од големо значење беше воведувањето на предметите Етика и Граѓанско образование. Од анализата на наставната програма, прашалникот за наставници и ученици и набљудуваните часови, можеме да потврдиме дека содржините од овие два наставни предмети, како и активностите на часовите, многу влијаат врз хуманизацијата на личноста на учениците. Учениците ги осознаваат правилата на животот во заедница, се запознаваат со најразлични етички проблеми на современиот човек и можните решенија на проблемите осознавајќи ги универзалните човекови вредности.

Г) Од Анализата на содржините на Прирачникот „Образование за животни вештини“ според кој се работи на Часот на одделенската заедница, преку обработката на податоците од прашалникот за наставници и ученици и набљудуваните часови, јасно и цврсто можеме да кажеме дека овој наставен предмет влијае врз хуманизација на личноста на учениците, преку кој се стекнуваат определени знаење, ставови и вештини кои им помагаат на учениците да одговорат на реалните предизвици од секојдневниот живот на учениците, внесува промени во однесувањето на учениците и им дава поддршка во изборот и практикувањето на здраво однесување.

Од прашалникот за наставници на барањето, од отворен тип, да наведат предности и недостатоци на Часот на одделенската заедница, наставниците се изјаснија:

-предности: има дефинирана тема за работа на часот, унифицирана на ниво на актив, обезбедува физичка, ментална, социјална и хумана добро состојба кај учениците, преку лични искуства на учениците се прави споредба со темите што

се обработуваат и самите ученици извлекуваат заклучоци и ставови кои се корисни за нив, се подобрува комуникацијата меѓу учениците и наставникот, се подобрува соработката, почитувањето, споделувањето на радост и тага, толеранцијата, допринесуваат за стекнување поголема одговорност и се развиваат високо моралните вредности кај учениците.

-недостатоци: нема време да се разговара за теми и проблеми кои ги интересираат учениците, немање време да се обрати внимание на проблемите во одделението.

Д) Од Анализата на програмата за работа на секциите и слободните ученички активности исто така се гледа дека сите тие активности и содржини влијаат врз хуманизација на личноста на учениците, развивање на солидна комуникација ученик – ученик, ученик – наставник, допринесуваат да се сфатат хуманите вредности во општеството. Но сепак, на прашањето на прашалникот за наставници – дали мислите дека учениците имаат доволно време да бидат активни во слободните ученички активности, најголем број одговорија дека учениците немаат време да бидат активни. На отвореното прашање од прашалникот- која е причината за да одговорите под „не", најголем број од наставниците одговорија дека тоа е големата оптовареност на учениците со наставни часови во училиштето и посетата на учениците на различни курсеви по математика, странски јазик и музичко образование, после редовните часови во училиштето. Ова е дополнителна тема која треба да се истражи и да се промени.

Ѓ) Од анализата на прашалникот за наставници и ученици во однос на влијанието на современото основно воспитание и образование, во целост, несомнено најголем број се изјаснија дека воспитанието и воспитниот процес влијае врз хуманизација на личноста на ученикот. Наставниците и учениците имаат изедначени ставови во врска со влијанието на воспитанието врз хуманизацијата на личноста на ученикот

Е) Од анализата на прашалникот за наставници и ученици во врска со односите помеѓу самите наставници, наставници и ученици, и помеѓу самите ученици во основното училиште, најголем број од наставниците и учениците одговорија дека овие односи влијаат врз хуманизацијата на личноста на учениците. Исто така, и однесувањето на наставникот влијае врз хуманизацијата

на личноста на учениците како пример, како треба да се однесуваат тие. Учениците дружејќи се меѓусебно си пренесуваат ставови едни на други, со што се влијае врз менталната матрица на учениците.

## 10.Можни решенија и препораки

Воспитно – образовниот систем и неговите институции се наоѓаат во опкружување кое радикално се менува и предизвикува промени во самото битие на образованието и воспитанието.

Во периодот на транзиција, во Р. Македонија во системот на вредности, како лични, така и заеднички, настана вистинска збрка и поместување од основните начела на хуман живот и делување.

Јасно се гледа дека Р. Македонија прави обиди и тежнее кон хуманизација на училиштето, хуманизација на воспитно – образовниот процес, но тоа не е доволно. Она што треба да се направи, за да дојде до израз хуманистичкиот принцип во воспитно – образовниот процес е да се створи единствен училиштен систем заснован на хуманистичката филозофија и хуманистичкиот принцип. Треба да се има јасна визија во создавањето на „нов човек" со нови вредности прилагодени на демократскиот дух во едно глобално општество. Во овој единствен училиштен систем, треба јасно да се нагласи значењето на личната слобода, правата и солидарноста, јасно да се вградат вистинските демократски вредности, со што ќе му се овозможи на „новиот човек" сам да го бира својот начин на живот, сам да стане творец на хуманистичките вредности не помирувајќи се со поразите и со авторитативната шема на животот.

Хуманистичкиот принцип во воспитно – образовниот процес, демократската слобода во училиштата не може да се направи додека вистински не се демократизира и хуманизира целото општество, ослободувајќи се од стравот и личните потреби. За да дојдат до израз хуманистичките вредности кај учениците, а подоцна „новиот човек" да ги применува и почитува до крајот на својот живот, треба од општеството да се отргне сè она што допринесува да се изгаси желбата за хуманистичко издигање над постоечките притисоци, идеолошки измами, предрасуди, стравови и стереотипи. Мора да постои морална, социјална, естетска и економска правда.

Современото основно образование и воспитание мора да почне да допринесува, се повеќе и повеќе за развојот на свеста за себе и својата околина, развојот за потребата од чување на здравјето и заштитата на природната и

општествената средина, за развојот на етичките својства на личноста, развојот на хуманите меѓучовечки односи. За ова се потребни услови, време, опсежни истражувања на целокупната околина во која живее и работи ученикот, потребни се вистински реформи кои ќе го соберат позитивното од другите поразвиени општества, а ќе се темелат врз традицијата и културното наследство на Р. Македонија и сите граѓани кои живеат во неа. За жал, т,н реформи во нашето образование се адут само на политичките партии, остварувајќи ги преку проекти и препораки, а занемарувајќи го придонесот на академските поединци и институции.

Нема идеален училиштен систем и нема идеално општество. Но општеството и училиштето треба заеднички што побргу да тргнат по патот на јасно дефинирана хуманизација, додавајќи го јасно дефиниран хуманистичкиот принцип во Законот за основно образование, јасно дефинирана хуманистичка цел на воспитанието и образованието во Р. Македонија.

## Библиографија


1. Ангелоска - Галевска, Н. (1998), *Квалитативни истражувања во воспитанието и образованието*, Битола: Киро Дандаро

2. Ангелоска – Галевска, Н. (2005), *Планирање на научно истражување (интерен материјал)*, Скопје: УКИМ

3. Атанасов, Ж. (1985), *История на нравственото възпитание*, Софија

4. Атанасов, Ж.(1991), *Хуманизмот и моралното воспитание*, Педагогија бр.1, Софија

5. Association for Humanistic Psychology –Humanistic Psychology Overview

http://facultyweb.cortland.edu/andersmd/HUMAN/MENU.HTML

6. Bakovljev,M. (2007), *Statistika u pedagoškim ispitivanjima*, Beograd: Naućna knjiga

7. Бановиђ, А. (1950), *Један осврт на Русоовог Емила*,Београд: Савремена школа

8. Баракоска, А. (2007), *Педагогија,* учебно помагало, Скопје:УКИМ

9. Баракоска, А. (2008), *Вредностите и образованието во услови на општествени промени*, Годишен зборник, Филозофски факултет, Скопје, интернет издание

http://fzf.ukim.edu.mk/files/zbornik/02%20%20Godisen%20zbornik%20br.%2061%20(2008)/FzF2008-01%20Barakoska.pdf

10. Baziђ, М. (2010), *Компаративна анализа концепција интелектуалног васпитања Џона Лока и Жан – Жака Русоа*, Приштина: Баштине

11. *Bill Huitt, Humanistic Approaches to Teaching*, Retrieved from http://www.garysturt.free-online.co.uk/human.htm

12. Бошковски, Б. (1981), *Филозофски етички системи*, Скопје

13. Будимир – Нинкович, Г. (2003), *Савремена школа и вршњаци као преносиоци и ствараоци вредносних ориентација младих и одраслих*, Зборник Педагогија XIL,1,72, Јагодина

14. Vlahović M. B. (2004), *Proširene uloge nastavnika*, Naučni rad, Bo:Pedagogija LIX, 3, 1-13

15. Вујаклија, М. (1974), *Лексикон страних речи и израза*, Београд: Просвета

16. Вукасович А. (1984),*Одгој за хумане односе и одговорно родитељство*, Загреб: Фонд за популациске активности UN

17. Годишна програма (2013/2014) за работа на ООУ „Гоце Делчев" – Штип

18. Граорац И.(2009), *Могучности школе са људским лицем данас, Будућа школа* - Зборник радова са научног скупа I део, Београд, стр.245

19. Djui, Dž. (1967), *Vaspitanje i demokratija*, Cetinje: Obod

20. Дончевска - Лишин, Е. (2014), *Формирање личности – потреба и предизвик на денешнината*, Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи – зборник на трудови, Штип: Факултет за образовни науки, 216 – 220

21. Дунђерски, С. (2003), *Pedagoška stvarnost*, год. 49, бр. 7/8, 603-614,Нови Сад

22. Dunđerski, S. (2003), *Монтењ за конзервативно васпитање жена*, стручни чланак Педагошка стварност XLIX, 7-8, Нови Сад

23. Закон за основното образование, Сл.весник на Р. Македонија број 103/8 од 19.08.2008

24. Заревски, Д. (2005), *Филозофија и етика на современото образование*, докторска дисертација, Скопје: УКИМ

25. Иванов, П.И. (2004), *Теории за образованието*, Университетско издателство „Епископ Константин Преславски", Шумен.

26. Jankovič, J. (1997), *Savetovanje nedirektivni pristup*,Zagreb: Алинеа

27. Jelavič, F.(1995), *Didaktičke osnove nastave*, Slab, Jastrebačko

28. Jung, G. K. (1984), *Psihološke rasprave*, Beograd: Matica srpska

29. Керамичиева, Р. (1996), *Психологија – во образованието и воспитанието*, Скопје: Просветно дело

30. Kirschenbaum, (1975), *Instructional implications of humanistic theory*, Retrieved from http://www.garysturt.free-online.co.uk/human.htm

31. Komenski, J. A. (1954), *Velika didaktika*, Београд: Savez pedagoških društava Jugoslavije

32. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование (2007), Скопје: МОН и БРО

33. Копровски, Љ. (1964), *Главните фактори во развитокот на личноста*, Скопје: Просветно дело

34. Копровски, Љ.,Петровски, Б. (1986), *Педагогија*, Скопје

35. Костова,М. (2004) , *Методика на воспитна работа (за интерна употреба)*, Скопје: УКИМ

36. Костова, М. (2004), *Теорија на воспитанието (за интерна употреба)*, Скопје: УКИМ

37. Крагуљ, С. (2011), *Одгојно – образовна клима у свеучилишној настави*, Зборник: Живот и школа бр. 25, Осијек

38. Kuka, M. (2005), *Opšta pedagogija i pedagoška psihologija*, Beograd: Autorskoizdanje

39. Кумс,Ф.(1971), *Светска криза образовања*, Београд: Интерпресс

40. Лок, Џ. (1964), *Мисли о васпитању*, Београд: Завод за издавање уџбенике Социјалистичке Републике Србије

41. Mandič P. (1980), *Humanizacija odnosa u školi*, Sarajevo: PPZ

42. Mc Namara, D. (1994), *Classroom Pedagogy and primary practice*, London: Routledge

43. Маркс, К. (1875), *Критика Готског програма*, интернет издание https://www.marxists.org/srpshrva/biblioteka/marks/1875/kritika-gotskog-programa/ ch03. Htm

44. Миовска - Спасева, С. (2002), *Образованието на наставниците во САД: состојби и приоритети*, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје : УКИМ. (интернет издание)

http://fzf.ukim.edu.mk/files/zbornik/02%20%20Godisen%20zbornik%20br.%2061%20(2008)/FzF2008-02%20Miovska.pdf

45. Монтењ М. (1953), *Огледи о васпитању*,Београд: ПД НР Србије

46. Montaigne, Essais, (1962), Tome I et Tome II,Paris: Éditions Garnier Fréres

47. Moskowitz G. (1978), *Caring and sharing in the foreign language class*, Boston

48. *Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015*, (2005), Скопје: МОН

49. Nedeljković, M. (2008), *Autonomija, identitet i integritet ličnosti kao cilj i ishod obrazovanja i vaspitanja* (pregledni naučni rad), Pedagogija, Beograd: Srpska akademija obrazovanja

50. Николоска, М. (2004), *Психологија на вредностите*, Во: Зборник за 30 години институт за психологија, 169-179,Скопје: УКИМ

51. Нинковић А. (2009), *Школа и морално васпитање*, Будућа школа - Зборник радова са научног скупа I део, 367, Београд

52. Pantič, M. (1967), *Humanizam i renesansa*, Cetinje

53. Peašinović, R. (1976), *Pedagoška funkcija nastavnika u moralnom razvoju ućenika*, Beograd: Prosveta

54. *Педагошки речник 1 и 2* (1967), Београд

55. Петрова - Ѓорѓева Е. (2005), *Современото училиште и моралното воспитание*, Штип

56. Петровска С. (2012), *Кооперативното учење во функција на хуманизација на воспитно – образовната работа*, Воспитание – списание за образовна теорија и практика, Штип: УГД

57. Петровски, В., Мирасчиева С. (2013), *Мултикултурализам и интеркултурна комуникација*, Штип: УГД

58. Polić, M. (1993), *K filozofiji odgoja*, Zagreb: Znamen & Institut za Pedagogijske istraživanja

59. Поповић, В. Б (1978), *Морални развој и морално васпитање*, Београд: Просвета

60. Поткоњак, М. ,Поткоњак, Н. (1973), *Педагогија 1 дел*,Белград: Завод за уџбенике и наставна средства

61. Радхакришнан (1956), *Индийская философия*, Иностраная литература

62. Ratković, M. (1997), *Obrazovanje i promene*, Beograd: Akademija

63. Раткович, М. (2000), *Школа у променама*, Београд: Учитељски факултет

64. Roberts, P. (2007), *Pedagogija nade Paula Freirea*, Pedagogija, LXII,4/07, 529-540, pregledni naučni rad-интернет издание

www.scribd.com/doc/199585440/Pedagogija-Nade-Paula-Freirea

65. Рот, Н. (1971), *Психологија личности*, Београд: Завод за издавање уџбеника СР Србија

66. Rodžers, K. (1986), *Kako postati lićnost*, Beograd: Nolit

67. Савовић М.(2009), *Васпитна и образовна компонента у савременој школи*, Будућа школа - Зборник радова са научног скупа I део, 522-537, Београд: Српска академија образовања

68. Simon Marshall, *Some central principles of Humanistic Education,* Retrieved from http://www.hltmag.co.uk/nov05/sart01.htm

69. Skiner, F.B.(1969), *Nauka i ljudsko ponašanje*, Cetinje: Obod

70. Stavanovič, M., Ajanovič, D.(1997), *Školska Pedagogija*, Varaždinske toplice: Tonimir

71. Stevanović, B. (1988), *Pedagoška psihologija*, Beograd: Zavod za udbenike i nastavna sredstva

72. Сузич, Н. (2001), *Социологија образовања*,Сараево: Завод за уџбенике и наставна средства

73. Suchodolski, B., *Alternatywna pedagogika humanistyczna*, konferencija vo Jablonnie, 1984

74. Tageson, C.W. (1971, Humanistic education, Counseling and values,17 (2), 90-95

75. Темков, К. (2011), *Етички речник за младите*, Кавадарци

76. Тешић, В. М. (1962), *Суштина и вредност Русоовог педагошког стваралаштва*, Београд: Савремена школа

77. Tubič, R. (1978), *Etičke teorije od 17 do 19 v*,Sarajevo: Svjetlost

78. Frankovič, D., Trstenjak, D. (1977), *Borac i slobodnu školu*, Zagreb : Školska knjiga

79. Fromm, E.(1975), *Humanism and Psychoanalysis*, Contemporary Psychoanalysis, Vol. XI, No 4

80. Fulgosi, A. (1990), *Psihologija lićnosti,* Zagreb: Školska knjiga

81. Havelka, N. (2005), *Uvod u psihologiju međuljudskih odnosa u obrazovanju*, Beograd: Centar za primenjenu psihologiju

82. Hrnjica, S. (1994), *Opšta psihologija sa psihologijom lićnosti*, Beograd: Naučna knjiga

83. Ђорђевић, Б. и Ђорђевић, Ј. (1981), *Савремена настава -организација и облици*, Београд: Научна књига

84. Ђорђевић, Ј. (1985): Личност наставника и васпитање ученика, Настава и васпитање, Београд

85. Ђорђевић, Б. и Ђорђевић, Ј. (1988): *Ученици о својствима наставника*, Београд: Просвета

86. Ђорђевић, Ј.(2007), *Циљеви васпитања и образовања и моралне вредности*, Педагошка стварност, vol. 53, br.1-2, 5-20, Београд: Српска академија образовања

87. Ђорђевић, Б. и Ђорђевић, Ј. (2009), Савремени проблеми друштвено – моралног васпитања, Нови Сад: Савез педагошких друштава Војводине

88. Ђорђевић, Ј.(2012), *Хуманистичка педагогија и васпитање*, Педагошка стварност, vol. 58, 4, 601 - 604, Београд: Српска академија образовања

89. Шилер, Ф. (1967), *Писма о естетском васпитању човека*, Београд: Култура

90. Šokčević, Š. (2010), *Историја на филозофијата: од хуманизмот до Хегел*, (за приватна употреба на студентите од КБФ), Џаково: КБФ

91. Weissgerber, J. (1978), *Humanizacija amorizacija*, XXXIII,486-502, интернет издание www.hrcak.srce.hr/file/84114 file:///C:/Users/User/Downloads/6_3_Josip_Weissgerber_Humanizacija_amorizacija.pdf

# IV *Прилози*

ПРИЛОГ 1

## ПРОГРАМА ЗА ОПШТЕСТВЕНО - ХУМАНИТАРНА РАБОТА

| Планирани активности | Цели | Реализатор | Форми и време на реализација | Целна група | Очекувани резултати и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување на училишната и зграда и училишниот двор | Формирање на работни навики за одржување на училишната зграда и двор | Ученици; Одделенски раководители; Технички персонал | Работна акција - Септември 2013 | Ученици од 4 до 9 одделение | Формирање работни навики кај учениците |
| Хуманитарна акција за собирање облека и обувки за социјално загрозени ученици | Подигање на свест кај учениците за хуманитарна помош за своите другари | Директор; Помошник директор; Педагог; Психолог; Ученици; Наставници; Одговорни на подмлаткарите на Црвен Крст при училиштето; Детска организација | Собирна акција - Октомври, Ноември 2013 | Ученици од 2 до 9 одделение | Поттикнување на хуманоста и солидарноста |
| Одржување и негување на непосредната околина ( споменици, паркови) | Работни навики за одржување чиста околина. Почитување на историското минато | Педагог; Наставници; Ученици; Наставници по историја | Октомври 2013 - Март 2014 | Ученици, родители, локално население | Чиста околина и почит кон историските споменици |
| Изработка на новогодишни честитки за претставници и организации од | Развивање работни навики и љубов кон работата | Ученици; Одговорни на ликовната секција; Одговорни на литературната секција | Ученички изработки -Декември 2013 | Ученици од 1 до 9 одделение; Родители; наставници | Позитивно новогодишно расположение, поттикнување на детската креативност |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| локалната средина | | | | | |
| Изработка на осмомартовски честитки | Развивање креативност и фантазија преку изработка на честитките | Ученици; Одговорни на ликовната секција; Одговорни на литературната секција | Ученички изработки - Март 2014 | Ученици, родители и други гости | Почит и љубов кон сите жени |
| Садење дрвја и цвеќе | Да ја разберат важноста на шумите како бели дробови на планетата | Ученици; Наставници; Локално комунално претпријатие | Работна акција | Ученици од 1 до 9 одд. | Збогатување на шумскиот фонд и формирање еколошки навики |
| Изработка на експонати за Велигденски хепенинг | Да се создаде навика кај учениците за општествено – корисна работа и да се развива нивната креативност | Одд. раководители; Одговорни на ликовната секција | Ученички изработки - 2014 | Ученици од 1 до 9 одделение, родители и други гости | Собирање финансиски средства од продадените производи за потребите на училиштето |
| Засадување садници и цвеќе во училишниот двор | Да стекнат навики да ја обновуваат животната средина | Директор; Помошник директор; Технички персонал | Работна акција - Април 2014 | Ученици од 1 до 9 одделение, родители и други гости | Учениците да се здобијат со навики за грижа и одгледување на цвеќињата |

ПРИЛОГ 2

## СОЦИО – ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

До сега во нашето училиште се организираа безброј работилници, советувања и семинари со цел подобрување на социо - емоционалната клима. За оваа учебна 2013/2014 година се предвидени следниве работилници, за ученици и родители, кои ги организира и раководи стручната служба во соработка со одделенските наставници.

| Р.б | Активност | Цел | Носители | Временска рамка | Соработници |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Тема: Идентитет и усвојување на вредности; Работилница: Морална дилема | -учениците и родителите да се воспитуваат во насока дека во животот мора да функционираат во целина | -одд. раководители<br>-стручна служба | Септември | Родители |
| 2. | Тема: Градење позитивни општествени односи; Работилница: Расна дискриминација, социјални разлики | -учениците да се воспитуваат во духот на толеранцијата и заедничките хумани вредности | -одд. раководители<br>-стручна служба | Ноември | НВО |
| 3. | Тема: Градење позитивни општествени односи; Работилница:Потребите на една заедница – свест за колективни потреби | -учениците да се воспитуваат во духот на толеранцијата, коегзистенцијата и заедничките хумани вредности | -одд. раководители<br>-стручна служба | Декември | Локална самоуправа |
| 4. | Тема: Права; Работилница:Еднаквост на полсвите | -учениците да се воспитуваат во духот на родовата рамноправност и да научат дека половите се еднакви пред законот | -одд. раководители<br>-стручна служба | Февруари | Локална самоуправа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Тема: Хумани вредности; Работилница:Непристрасност и судир на вредности | -да се запознаат со поимот непристрасност и да го практикуваат во секојдневниот живот, да научат кои се тие судири на вредности | -одд. раководители<br><br>-стручна служба | Март | Локална самоуправа и подмладокот на Црвениот Крст |
| 6. | Тема: Хумани вредности; Работилница:Верските обичаи – дел од националната и личната култура | -да се запознаат со различните верски обичаи од различни етнички заедници, да ги почитуваат со цел запознавање на „другиот" | -одд. раководители<br><br>-стручна служба | Април | Верски институции и нивни претставници |
| 7. | Тема: Идентитет и усвојување на вредности; Работилница: Предрасуди и стереотипи | -во животот да не се водат според воспоставените предрасуди и стереотипи туку да изградат свој личен став | -одд. раководители<br><br>-стручна служба | Мај | Претставници од различни етнички заедници - родители |

ПРИЛОГ 3

## ПРОГРАМА ЗА МУЛТИКУЛТУРА

Во основното воспитание и образование со содржините, методите и активностите, како и со одговорниот живот и работа на учениците и наставниците треба да се развива толеранцијата, почитувањето на разликите меѓу луѓето и на нивните права и одговорности. Истовремено, за развивањето на овие вредности училиштето треба да им понуди на учениците повеќе можности за усвојување знаења и за развивање на вештините за разбирање и почитување на другите. Мултикултурноста на македонското општество бара основното училиште да го промовира развивањето на вредностите кај учениците за заедничко живеење, почитување на разликите меѓу луѓето и нивната култура, јазикот и традициите. Училиштето е одговорно за развивање свест кај учениците за своето културно потекло, а, исто така, и за поттикнување на интересот за запознавање на културното наследство на другите заедници.

Проектните активности кои се предвидени за реализирање во оваа компонента се следниве:

1. Иницијатива на Училишниот обор за внесување на мултикултурноста во актите, плановите и програмата на училиштето.
2. Работилници за надминување на предрасудите и стереотипите „НИЕ наспроти ТИЕ", театарска претстава „Сите сме едно"
3. Повеќе јазичност на сите видливи написи во училиштето и рамноправна застапеност на сликите, симболите и пораките кои се поврзуваат со културниот идентитет на учениците
4. Вон - наставни активности - работилници за изучување на ромскиот, влашкиот јазик од страна на Македонците на основно ниво на комуникација.
5. Денови на мултикултура (промоција на културата, храната и обичаите)

Во однос проектната активност внесување на мултикултурноста во актите, плановите и програмата на училиштето, ќе спроведе истражување преку анкета

меѓу вработените, родителите и наставниците и добиените резултати, заклучоци и препораки ќе бидат презентирани пред Советот на родители, Училишниот одбор и претставници на ЛС.

Во однос на работилниците за надминување на предрасудите и стереотипите „НИЕ наспроти ТИЕ", театарска претстава „Сите сме едно, училиштето ќе ја обезбеди потребната логистика и поддршка во однос на просторни услови, човечки ресурси и техничка поддршка. Родителите ќе бидат вклучени во креирање на потребната костимографија и реквизити, а локалната заедница со медиумска презентација и финансиска поддршка од општината (транспорт) за презентација на претставата во други училишта од со мултиетничка структура. Повеќе јазичноста на сите видливи написи во училиштето и рамноправна застапеност на сликите, симболите и пораките кои се поврзуваат со културниот идентитет на учениците, ќе се обезбеди од страна на училиштето со ангажман на наставниците по ликовно и техничко образование, родителите ќе се вклучат со свои реквизити за уредување на етничките катчиња, а локалната заедница со изработка на паноа со фотографии кои го отсликуваат идентитетот на сите етникуми кои учат во училиштето.

Во однос на планираните активности во врска со вон - наставните активности за учење ромски, влашки јазик од страна на македонските ученици основно ниво на комуникација, училиштето ќе има улогата прво да спроведе анкета со учениците, и после тоа според бројот на доброволно пријавени ученици од македонска националност за учење ромски и влашки јазик ќе се направи група, составена од ученици македонци, роми кои со наставниците по ромски и влашки јазик ќе спроведат вон - наставни активности за изучување на јазикот на другиот. Општината ќе има улога на мониторинг и евалуација на реализацијата на оваа активност. Локалната заедница ќе обезбеди медиумска поддршка и презентација на целите, задачите и резултатите од имплементацијата на оваа активност.

За активноста " Денови на мултикултура" (промоција на културата, храната и традиција), училиштето ќе имаат одговорност да обезбедат логистичка и техничка поддршка за реализација на оваа активност преку формирање на работниот тим, стратегија и временска рамка. Општината ќе обезбеди промоција

преку објавување на информации во заедницата во билтенот на општината и на својата веб - страница и ќе го поддржи предлогот за задолжително вклучување на ваква дејност во годишната програма на училиштата со мултиетнички карактер. Локалната заедница, бизнис секторот и родителите преку донации, спонзори и лични ангажмани ќе овозможат реализација и промоција на оваа активност.

Училиштето е дел од проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието. Како дел од овој проект училиштето во иднина планира да стане партнер училиште на училиште со различен ентитет. Акциските планови ќе бидат составен дел од Годишната програма како Анекс на истата.

ПРИЛОГ 4

## Програма за воспитно влијание на училиштето во учебната 2013/2014 година

| Цели | Содржина | Реализатор | Време на реализација | Ресурси | Очекувани ефекти | Целна група |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Запознавање на учениците со редот во училиштето и јакнење на дисциплината | Запознавање на учениците со училишниот куќен ред и кодекс на однесување | Педагог, ученици, одд. раководители и класни раководители | Септември и во текот на целата учебна година | Пишан материјал, табела со куќен ред и кодекс на однесување, ѕидни весници | Формирање на позитивни навики за ред и дисциплина | Ученици и родители |
| 2. Развивање на интересот кај учениците за сите наставни содржини, градење чувство на одговорност кон работата | Запознавање на учениците со новите наставни програми и учебници и работни задачи | Одд. Раководители и класни раководители | Септември | Учебници и наставни програми | Развивање интерес за новите наставни содржини и поттикнување на одговорност | Ученици |
| 3. Унапредување на воспитната функција на одд. и класниот раководител | Улога на одд. и класниот раководител во реализирањето на воспитната задача во училиштето | Педагог и одделенски и класни раководители | Цела наставна година | Потсетник за работа на одд. и класни раководители, тези за први разговори на одд. раководители при прием на одделенијата | Успешен и современ одд. и класен раководител | Наставници |
| 4. Негување на културно однесување на учениците | Убавината на убавото однесување; како да се однесуваме дома, на улица и во училиште | Педагог и одделенски и класни раководители | Октомври | Стручни материјали пишан текст, Бон -тон | Формирање навика на културно однесување | Ученици |
| 5. Негување на работната култура кај ученикот; Развој на свест за работа | Запознавање со организацијата на работниот ден на ученикот и неговите работни задачи | Одд. раководители, класни раководители и педагог | Ноември | Стручни материјали, пишан текст | Формирање на позитивен однос кон учењето и работата | Ученици |
| 6. Развивање способност и навика за рационално и успешно учење | Техника на рационално учење, планирање на | Педагог и одделенски и | Декември | Стручен материјал, трибини и пишан текст | Правилно учење и успех во учењето | Ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | учењето, како треба да учиме, законитости во процесот на учењето. Упатства за учење | класни раководители | | | | |
| 7. Развивање на чувства за меѓусебно разбирање на учениците, за искреност, правичност, скромност, независно на верската и национална припадност | Истражување на социјалниот статус на учениците, Досие на учениците, Социометриска постапка | Педагог и одделенски и класни раководители | Преку целата учебна година | Тимска работа, трибини, проектни активности, ѕидни весници, разговори помеѓу учениците, наставниците и родителите | Подобрена клима во училиштето за работа и мултиетнички односи | Ученици, родители и наставници |
| 8. Информирање и превентивно делување кај учениците за штетното влијание на болети кои предизвикуваат зависност | Никотинизмот, алкохолизмот, наркоманијата и нивното штетно дејство; Пушење и здравје; Младите и алкохолизмот | Педагог и одделенски и класни раководители, стручно лице - лекар | Јануари | Предавања, трибини, превентивни работилници, пишани стручни материјали, брошури, техники за откажување од пушењето и дрога | Изграден личен став на учениците кон штетното влијание на болестите кои предизвикуваат зависност | Ученици, наставници, родители |
| 9. Развивање чувство кај учениците дека здравјето е најголемо богатство и стекнување навики за лична хигиена, правилна исхрана, спорт и здрава животна средина | Здравјето – најголемо богатство, пирамида на правилна исхрана, и правила за лична хигиена и хигиената на животната средина | Педагог и одделенски и класни раководители | Февруари | Стручен материјал, брошури, предавања, пишани текстови | Стекнување навики за лична и хигиена во животната средина | Ученици наставници, родители |
| 10. Развивање љубов кон естетското чувство и естетското уредување | Уредување на училницата и училишниот простор, уредување на училишниот двор, уредување на паноа | Педагог и одделенски и класни раководители, директор, еколошка секција и останатите секции во училиштето | Преку цела година | Пишан материјал, естетско уредување на катчиња, практични изведби, одгледување на цвеќе. | Развивање на критериум за убавото, креативност и позитивен однос кон естетските вредности | Ученици, наставници и родители |
| 11.Запознавање и развивање на | Што е етика, морал, значење на моралот | Професор по етика, ученици | Преку цела година | Пишани текстови,практични примена преку играње | Да се увиде значењето на моралот во животот | Учениците и наставниците |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| универзалните етичките вредности | | | | на улоги и драматизација на различни ситуации од животот, дискусија, размислување, решавање на проблематично однесување. | и однесувањето на секој човек | |
| 12. Развивање на патриотското чувство кај учениците и препознавање и почитување на државните обележја и симболи | Запознавање на учениците со важните историски обележја и државни празници и државни симболи | Наставници | Февруари, Преку целата година | Пишани текстови, слики, документарни филмови, посета на музеи и историски споменици | Развивање на љубов кон татковината и почитување на историското минато | Ученици |
| 13. Запознавање на важноста и значењето на религијата во животот на човекот како и општеството воопшто | Поим и значење на религијата | Наставник по запознавање на религија и ученици | Во текот на целата година | Училници, Библија, енциклопедии | Развивање на способност и вештина за водење дијалог и соработка со различни од себе, бидејќи само така ќе научиме да се осознаваме самите себеси | Ученици и наставници |
| 14. Негување и создавање на еколошка свест за зачувување на природната средина | Поим и значење на екологијата како фактор за подобрување на природната околина. Реализирање на активности на дадена тема преку која се насочуваат учениците за правилно однесување во природата и општеството со поврзување на програмските содржини по сите | Еко – патрола, одговорен наставник на еколошката секција, соработка со локалната самоуправа, директор, педагог, родители | Март – Април | Презентација на активностите и изработките на учениците во :<br>• Училница<br>• Училиштен ходник<br>• Училиштен двор<br>• Детски печат<br>• Локални медиуми<br>• Изложби<br>• Литературни читања | Стекнување на етички вредности и ставови во однос на животната средина како и одговорност за својот живот и животот на другите. Градење еколошка култура и навики | Ученици, наставници и родители |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | наставни предмети како вонnаставни активности во училиштето и секции | | | • Ликовни творби<br>• Еко - пораки | | |
| 15. Помагање на децата да воспостават емоционална стабилност и да развијат оптимални стратегии за надминување на непријатни психички состојби | Чувари на насмевката. Свест за себе | Педагог и одделенски и класни раководители | Мај и во текот на целата година | Психолошка работилница. Пишани текстови,практични примена преку играње на улоги и драматизација на различни ситуации од животот, дискусија, размислување, решавање на проблематично однесување. | Емоционално стабилни ученици, успешност во надминување на непријатни психички состојби, самоизразување и саморазбирање, самодоверба кај учениците и доверба кај другите | Ученици, родители |

ПРИЛОГ 5

## ТЕМАТСКО-ПРОЦЕСНО ПЛАНИРАЊЕ

## ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ

## 2013 / 2014 одд.

**ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА 1- Јас личен развој**

**Конкретни цели**

**Се очекува учениците да:**

- знаат за концептот за себе и за различните начини на изразување на своите способности;
- знае за промените во односите со родителите во адолесцентниот период, за активно учество во училишниот живот и постигнување успех;
- знаат да ги препознаат и изразат сопствените емоции;
- умеат да ги развиваат своите потенцијали, знаења и интереси во различни области, да се соочуваат со предизвици и да ги истакнуваат своите потенцијали;
- знаат, можат и прифаќаат разговор за тагата со цел нејзино надминување, а не поттиснување;
- умеат да се унапредуваат, да се подобрат во училишниот живот и да соработуваат со своите соученици;
- умеат да го препознаат проблемот, да понудат решенија и го надминат стресот;
- сфаќаат дека е важно верувањето дека и тие можат да влијаат на промените и да се самопочитуваат;
- сфаќаат дека е важна поддршката од родителите, соучениците и наставниците за градење позитивна слика за себе и да се чувствуваат како дел од своето училиште;

- сфаќаат дека е важно да се разговара за чувствата и да се надмине стресот;
- го прифаќаат неуспехот како дел од секојдневната работа и да прават план за негово надминување;
- знаат да го изразуваат своето мислење и важноста на истото;
- знаат да го разликуваат и менаџираат слободното и работното време;

| Ред. бр. | Структура на тематската целина - работилници - | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | И слични и различни I-1.2 стр. 18 | 1 | Септември |
| 2. | Нешто се смени, а нешто остана исто I-2.2 стр.26 | 1 | Септември |
| 3. | Стрес I -3.2 стр. 34 | 1 | Септември |
| 4. | Што со тагата? I-4.2 стр. 40 | 1 | Септември |
| 5. | Целта на Азра I-5.2 стр. 48 | 1 | Октомври |
| 6. | Бели бумбари со зелени точки I-6.2 стр.54 | 1 | Октомври |
| 7. | Слободното време - го трошам, го штедам, го користам? I-1.7 стр.60 | 1 | Октомври |

**Поврзување ( интеграција, корелација ) на часовите**

**Часови: 1, 2, 6, 7.**

- И слични и различни
- Нешто се смени, а нешто остана исто
- Бели бумбари со зелени точки
- Слободното време – го трошам, го штедам, го користам?

**Часови: 3, 4, 5.**

- Стрес
- Што со тагата?
- Целта на Азра

**ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА 2 – Јас и ти - интерперсонални односи**

**Конкретни цели**

**Се очекува учениците да:**

- знаат, умеат и ги согледаат придобивките и позитивните страни на другарството причините за прекинување на истото, справување со непријатни чувства и заедничките придобивки;
- знаат со што може да помогнат дома, на училиште и во заедницата и да сфатат дека помагањето на луѓето е вредност;
- знаат да манифестираат љубов кон врсниците, умеат да се справат со различни животни ситуации кои предизвикуваат силни емоции;
- знаат како треба да реагираат на насилничкото однесување, на кој начин тоа да го спречат како и да ги согледаат негативните последици од нереагирањето на насилничкото однесување.
- знаат да ги разликуваат двете страни на конфликтот и неговите последици, да бараат решение и заеднички да го решат;

| Ред. бр. | Структура на тематската целина - работилници - | | | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Збогум пријателство | II-1.2 | стр. 65 | 1 | Октомври |
| 2. | Помагање дома, во училиште и во заедницата | II-3.1 | стр. 72 | 1 | Ноември |
| 3. | Кога ми е тешко | II-5.1 | стр.82 | 1 | Ноември |
| 4. | Ако не реагирам ... | II-6.2 | стр.88 | 1 | Ноември |
| 5. | Соработка или натпревар | II-7.2 | стр. 97 | 1 | Ноември |

**Поврзување ( интеграција, корелација ) на часовите**

**Часови: 1, 2, 5**

- Збогум пријателство
- Помагање дома, во училиште и во заедницата
- Соработка или натпревар

## ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА 3 – Јас и другите – општествени односи

**Конкретни цели:**

**Се очекува учениците да:**

- знаат, умеат да дискутираат и ги познаваат човековите права, Универзалната декларација и Европската конвенција за човековите права, како и нивно почитување;
- знаат дека постојат разлики меѓу луѓето, да ги почитуваат другите, ги знаат последиците на дискриминација;
- можат да препознаат и умеат да се спротивстават на разни облици на дискриминација;
- знаат, умеат и прифаќаат меѓусебно поддржување и соработка како дел од релациите меѓу луѓето;
- ги знаат елементите на различни групи, умеат да формираат групи и посакуваат да бидат дел од одредена структура;
- го разбираат значењето на демократијата, умеат да селектираат и сублимираат и прифаќаат дека знаењето на информации е дел од општата култура на секој човек;
- ги препознаваат културните норми во општеството, можат отворено да се спротивстават на притисокот врз себе и врз другите и ја знаат вредноста на спротивставувањето на сопствениот став и мислење;
- ги знаат своите и улогата на другите во заедницата, последиците од сопственото однесување и чувствуваат одговорност кон другите и одговорноста за нивните потреби;
- ја согледуваат важноста од постигањата на својата земја, да се прифатат себеси како дел од својата земја и за неа да градат позитивен однос;
- градат чувство за општо цивилизациска припадност, поддржуваат акции насочени кон светски мир и перципираат позитивни модели на идентификација;

| Ред. бр. | Структура на тематската целина - работилници - | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Човекови права - дали ги заслужуваме? III-1.1 стр. 104 | 1 | Декември |
| 2. | Правила за сите луѓе во светот III-1.4стр.111 | 1 | Декември |
| 3. | Дела и казни III-1.6 стр.115 | 1 | Декември |
| 4. | Нестериотипни задачи III-2.1 стр.118 | 1 | Декември |
| 5. | Кој ќе нацрта поубаво? III-2.4 стр.126 | 1 | Јануари |
| 6. | Моите другари III-3.2 стр.132 | 1 | Јануари |
| 7. | Заедно до решение III-4.2 стр.141 | 1 | Февруари |
| 8. | Одиме на екскурзија III-4.3 стр.143 | 1 | Февруари |
| 9. | Кампување III-5.1 стр.146 | 1 | Февруари |
| 10. | Виновни или не? III-5.2 стр.149 | 1 | Февруари |
| 11. | Подобро е да... III-6.3 стр.157 | 1 | Март |
| 12. | Македонија III-8.1 стр. 168 | 1 | Март |
| 13. | Милениумски цели-2 III-9.2 стр. 178 | 1 | Март |
| 14. | Историја на ЕУ III-9.5 стр.187 | 1 | Март |
| 15. | Девојка и „дечко“ од реклама III-11.1 стр.196 | 1 | Април |
| 16. | Народен правобранител III-12.2 стр. 204 | 1 | Април |

**Поврзување ( интеграција, корелација ) на часовите:**

**Часови: 1, 2, 3, 6, 16**

- Човекови права – дали ги заслужуваме?
- Правила за сите луѓе во светот
- Дела и казни
- Моите другари
- Народен правобранител

**Часови: 4, 5, 15**

- Нестериотипни задачи
- Кој ќе нацрта поубаво?
- Девојка и „дечко“ од реклама

**Часови: 7, 8, 9, 10**

- Заедно до решение

- Одиме на екскурзија
- Кампување
- Виновни или не?
- **Часови: 11, 12, 13, 14,**

- Подобро е да...

- Македонија
- Милениумски цели
- Историја на ЕУ

**ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА 4 – Јас и здравјето – здраво живеење**

**Конкретни цели:**

**Се очекува учениците да:**

- знаат и прифаќаат дека храната може да биде различна, нејзино правилно консумирање, се користи за превенција и лекување на болести и ги знаат последиците од неправилни диети;
- умеат да вршат избор на здрава храна и да ја одбиваат штетната;
- знаат да водат сметка за личната хигиена, умеат да прават соодветен избор на козметички средства и сфаќаат дека не треба да се разменува облеката со други;
- знаат за штетните последици од полово преносливите болести, тетовирање, пирсинг, разменување облека.
- умеат да се заштитат себеси од полово преносливите болести;
- знаат за сексуалното здравје и ја прифаќаат сексуалноста како природен дел од човечкиот развој, видови контрацептивни средства, последици и помош од сексуална злоупотреба;
- знаат за превенција на психотропни супстанции, умеат да ги проценат ризиците по здравјето од употреба на истите и да сфатат дека е позитивно да се спротивстават на притисокот за нивно користење;

| Ред. бр | Структура на тематската целина - работилници - | | | Број на часови | Време на реализација |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| 1. | Весници | IV-1.3 | стр. 211 | 1 | Април |
| 2. | Истражување | IV-1.6 | стр.217 | 1 | Април |
| 3. | Облека | IV-3.1 | стр.228 | 1 | Мај |
| 4. | Нашите тела – уметнички дела | IV-3.3 | стр.232 | 1 | Мај |
| 5. | Крстозбор | IV-4.7 | стр.247 | 1 | Мај |
| 6. | Зависности | IV-5.3 | стр.257 | 1 | Мај |

**Поврзување ( интеграција, корелација ) на часовите:**

**Часови: 1, 2**

- Весници
- Истражување

**Часови: 3, 4,**

- Облека
- Нашите тела -уметнички дела
- **Часови: 5, 6**
- Крстозбор
- Зависности

## ТЕМАТСКА ЦЕЛИНА 5 – Јас и околината – однос со надворешната средина

**Конкретни цели:**

**Се очекува учениците да:**

- знаат за безбедното однесување во средината, за опасните постапки и ситуации, умеат да побараат почитување на правилата за безбедно однесување;
- знаат, умеат и прифаќаат да се грижат за околината , да одржуваат хигиена и активно да учествуваат во соодветни активности;
- знаат да градат позитивен однос кон растенијата и животните и прифаќаат дека треба да се подржи работата на друштвата на заштита на растенија и животни;

- знаат за заштита на планетата Земја, ги знаат причините и последиците од глобалното затоплување и ја сфаќаат одговорноста за заштитата на животната средина;

| Ред. бр. | Структура на тематска единица - работилници - | | | Број на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мрежа на животот | V-3.2 | стр. 280 | 1 | Јуни |
| 2. | (Д) еволуција | V-4.1 | стр. 294 | 1 | Јуни |

**Поврзување (интеграција, корелација) на часовите:**

**Часови:**

- Мрежа на животот
- (Д)еволуција

ПРИЛОГ 6

ТЕМАТСКО РАСПРЕДЕЛЕНИЕ ПО НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ЕТИКА

Наслов на темата бр.1:Етиката и моралот (12 часа)

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Воведен час | 01.09. 2013 |
| 2 | Што е етиката | |
| 3 | Етичко мислење | |
| 4 | Вежби и дискусии за поимот етика и етичко мислење | |
| 5 | Што е морал | |
| 6 | Морални правила | |
| 7 | Значењето на моралот | |
| 8 | Улогата на моралот во животот | |
| 9 | Вежби и дискусија за моралот и неговото значење | |
| 10 | Свети Климент Охридски -наш морален учител | |
| 11 | Свети Климент Охридски -наш морален учител | |
| 12 | Тематско повторување за етиката и моралот | 30 .11.2013 |

Воведен час-1 час

Запознавање на учениците со :целите,наставните содржини,некои поими,активностите и методите во наставата.

Се објаснува и начинот на проверување и оценување на постигањата на учениците и изворите кои ќе се користат во наставата.

Наставна единица (2 час):Што е етика

**Цели:**

-да се запознае значењето на поимот етика;

**Активности:**

Разговори (преку текстови,поговорки,примери) за прашањата што ги опфаќа етиката. Размислуваат и одговараат на прашањата:

1.Дали сме спремни да ги носиме последиците од сторен не етички избор?(пр. да украдеме во продавница,да ги излажеме родителите каде бевме, за добиена оценка..)

2.Дали сме спремни да ја жртвуваме гордоста,честа и угледот од правењето несоодветен избор(пр. да украдеме)

Средства и материјали: -подготвен текст, -примери од праксата, -празни листови

Форми и методи: кусо предавање,техниката бура на идеи заеднички да се определи поимот етика

Оценување: преку дијалог,анализа на текстови

Наставни единица(3 час): Етичко мислење

Цели:

-да се поттикнува етичкиот начин на мислење

Активности на учениците:

Дискусија каде може да се примени знаењето од областа на етиката во секојдневниот живот;

Размислување , решавање на проблематично однесување;

Размислување и изнесување ставови на тема што е добро ,што треба а што не треба да се прави.

Средства и материјали: -текстови , -креда ,табла, -учебник, -листови хартија

Форми и методи: насочена дискусија, бура на идеи, примери од лично искуство

Оценување: преку усни одговори на прашања поставени од учениците, разговор со/меѓу учениците, усна презентација

Наставни единица (4 час):Вежби и дискусии за поимот етика и етичко мислење

Цели:

-да се запознае значењето на поимот етика;

-да се поттикнува етичкиот начин на мислење ;

Активности на учениците:

Да се престави светот на цртеж со текст,приказна ,хумореска.

Читање на текстови ,поговорки.

Преку индивидуални и групни вежби ги изложуваат своите ставови ,мислења.

Водат дискусии

Форми и методи:, текстови, насочени дискусии, презентации

Оценување: усни одговори, усни презентации

Интегрирање на  часовите: 5-9 час

| | |
|---|---|
| 5 | Што е морал |
| 6 | Морални правила |
| 7 | Значењето на моралот |
| 8 | Улогата на моралот во животот |
| 9 | Вежби и дискусија за моралот и неговото значење |

Цели:

-Да се запознае значењето на поимот морал и морално однесување;

-да се увиди значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек

Активности:Преку соодветни примери се открива значењето на моралот и моралното однесување на луѓето;

Играње на улоги и драматизација за различни ситуации од животот на луѓето во кои се поставува прашањето за моралното однесување и дискусија за изборот што го прави поединецот,групата во дадените ситуации.

Форми и методи: работа во група, презентации, бура на идеи, насочена дискусија

Средства и материјали: примери од пракса, фотографии, цртежи, празни листови

Оценување: практични изведби,усни презентации,разговор со/меѓу учениците

Наставни единица (10 и 11 час): Свети Климент Охридски -наш морален учител

Цели:

-да се запознаат основните етички пораки на Св. Климент Охридски,првиот и најзначаен македонски етичар

Активности:

-Читање и разговор за етичките пораки на Св. Климент Охридски;

-истражување за неговата личност и неговото етичкото учење

-правење постер со пораките и делата на Св. Климент Охридски

Средства и материјали: хамер, текстови, фотографии, маркери

Форми и методи: истражување, текст метода, презентација, работа во групи

Оценување: презентациите, истражувањата

Наставни единица (12 час): тематско повторување за етиката и моралот

Цели:

-да се поттикнува етичкиот начин на мислење ;

-да се увиди значењето на моралот во животот и однесувањето на секој човек

-да се запознаат основните етички пораки на Св. Климент Охридски,првиот и најзначаен македонски етичар;

Активности: презентации, дискусија ,квиз

Форми и методи: работа во групи, насочена дискусија, презентации

Наслов на темата бр: 2 Универзални вредности (12часа)

| Р.број | Наставни единици | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1 | Етиката во светот | 07.12.2013 |
| 2 | Чесноста е најголема добродетел | |
| 3 | Вежби,дискусија за добродетелта | |
| 4 | Секогаш зборувај ја вистината | |
| 5 | Праведноста е сила на еднаквите | |
| 6 | Вежби,дискусија за добродетелта | |
| 7 | Патриотизмот ги брани земјата и татковината | |
| 8 | Денешна етика | |
| 9 | Денешна етика | |
| 10 | Повторување за денешната етика | |
| 11 | Универзална етика | |
| 12 | Етички текстови | 14.03.2014 |

Наставни единица бр:1 Етиката во светот

Цели:

-да усвојува знаења за основните етички вредности од различни култури и народи и епохи

Активности на учениците:

-разгледување на етички вредности(преку примери, поговорки, етички мислења и сл.) на различни култури, народи,земји.

-дискусии за што е добро што зло

-да напишат есеј за една од вредностите по избор

Средства и материјали: листови, примери од праксата, подготвени текстови

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација

Оценување:преку презентации,есеј и дијалози

Наставни единица бр.2: Чесноста е најголема добродетел

Цели:
-да ја сознава и прифаќа чесноста како основна вредност

Активности на учениците:
-истражување на култури во минатото и сегашноста за да ги дознаеме нивните погледи на чесност

-истражување во својата паралелка да дознаеме колку нашите соученици се чесни

-собирање на слики и изреки на луѓе кои во текот на историјата биле познати по својата чесност

Средства и материјали: листови, примери од праксата, подготвени текстови, хамер, слики, маркер

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација, работа во групи

Оценување:преку презентации,домашни задачи и дијалози

Наставни единица бр.3: Вежби,дискусија за добродетелта

Цели:
-да ја сознава и прифаќа чесноста како основна вредност
-чесноста е најголема добродетел
Активности на учениците:
Активностите се остваруваат преку индивидуални и групни вежби,подготвени презентации и нивно презентирање,ги изложуваат своите мислења, водат дискусија.

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација, работа во групи

Средства и материјали: листови, примери од праксата, подготвени текстови, хамер, слики, маркер

Оценување: преку презентации, домашни задачи и дијалози

Интегрирање на часовите: 4,5,6 и7 час

Наставни единица бр.4 Секогаш зборувај ја вистината

Наставни единица бр.5 Праведноста е сила на еднаквите

Наставни единица бр.6 Вежби, дискусија за добродетелта

Наставни единица бр.7 Патриотизмот ги брани земјата и татковината

Цели:
-да ги осознава  и прифаќа чесноста ,вистината,праведноста како основни вредности на човекот
-да се поттикнува и да се зазема за чесноста ,праведноста во однесувањето со другите луѓе во животот и работата
-да развива чувство на патриотизам како љубов кон татковината

Активности на учениците:

-разговори за важноста на вистината и вистинољубивоста во секојдневниот живот

-објаснување на најчестите облици на повредување на вистината во секојдневниот живот: лага, лажно сведочење, оговарање, премолчување на вистината

-истражување дали праведноста се практикува во училиштето (семејството, средината)

-дискусија за патриотизмот и за тоа кои се лојални граѓани на една земја, а кои не

-дискусија дали се спроведуваат праведно одредени правила,закони во училиштето и секојдневниот живот

Средства и материјали: учебник, листови, примери од праксата, подготвени текстови, хамер, слики, маркер

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација, работа во групи, интернет

Оценување: преку презентации, домашни задачи и дијалози

Интегрирање на часовите:8,9 и 10

Наставни единица бр.8 Денешна етика

Наставни единица бр.9 Денешна етика

Наставни единица бр.10 Повторување за денешната етика

Цели:
-да се запознае со етичките вредности во врска со здравјето, заштита на средината и модерните средства за работа и комуникација

Активности на учениците:
-дискусии за етичките норми за чување на здравјето
- дискусии за етичките норми на екологијата
-дискусии за етичките норми за работа на компјутери

-да се направи листа на правила на однесување кон природата и околината
-листи на секој ученик на кои ќе ги напише по редослед како што ги применува правилата на добро однесување кон здравјето
-листи со правила кон која се придржуваме ако сакаме да ги користиме компјутерите правилно и етички

Средства и материјали: учебник, листови, интернет, примери од праксата, подготвени текстови, хамер, слики, маркер

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација, работа во групи

Оценување:преку презентации,домашни задачи и дијалози

Интегрирање на часовите: 11 и 12час

Наставни единица бр.11 Универзална етика

Наставни единица бр.12 Етички текстови

Цели:
-запознавање со основните тенденции за создавање на универзална етика на човештвото со вредности од сите епохи,народи и личности
-да ги разбере основните вредности на универзалната етика - мир, толеранција, разбирање, солидарност, соработка

Активности на учениците:
-дискусии за основните вредности на денешницата за целиот свет
-примери од филмови,од лично искуство за значењето на вредностите мир, толеранција, разбирање, солидарност, соработка

Средства и материјали: учебник, листови, интернет, примери од праксата, подготвени текстови, хамер, слики, маркер

Форми и методи: кусо предавање, текст метода, насочена дискусија, презентација, истражување

Оценување:преку презентации,домашни задачи и дијалози

Тема бр.3:Добро однесување (12часа)

| Р.број | Наставни единици | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1 | Добро однесување | 21.03.2014 |
| 2 | Добро однесување | |
| 3 | Во семејството сите треба да се сакаат,почитуваат и помагаат | |
| 4 | Во семејството сите треба да се сакаат,почитуваат и помагаат | |
| 5 | Учи вредно во училиштето,биди другар со сите | |
| 6 | Учи вредно во училиштето,биди другар со сите | |
| 7 | Секој треба да внимава како се однесува во јавноста | |
| 8 | Секој треба да внимава како се однесува во јавноста | |
| 9 | Бидете коректни и чесни со другарите! | |
| 10 | Грижете се за себе и другите и помагајте! | |
| 11 | Бонтон на младите | |
| 12 | Етички текстови | 6.06.2014 |

Тема бр.3: Добро однесување (12 часа)

Интегрирање на часовите(1,2,3 и 4час)

Наставни единица (1 и 2 час): Добро однесување

Наставни единица (3 и 4 час): Во семејството сите треба да се сакаат,почитуваат и помагаат

Цели:

-да се запознае со правилата на добро однесување кон другите и во друштво

- да се запознае со правилата на добро однесување во семејството

Активности:

- разговор за нормите на пристојно однесување што ги познаваат и практикуваат
-кои се нормите што ги познаваат а не ги применуваат и зошто
-претставување на добро однесување во семејството - почитување на постари, меѓусебно почитување и поврзаност
-дали има норми кои родителите ги бараа,т а не ги применуваат (и зошто?)
-дали од меѓусебното добро однесување на членовите во семејството зависи и добриот живот во него?

Средства и материјали: примери практични, листови, хамер, подготвени текстови, слики

Форми и методи: кусо предавање, бура на идеи, насочена дискусија, говорна вежба

Оценување: дискусиите, презентациите, говорните вежби

Интегрирање на часовите (5,6,7 и 8 час)

Наставни единица (5 и 6 час): Учи вредно во училиштето, биди другар со сите
Наставни единица(7 и 8 час): Секој треба да внимава како се однесува во јавноста

Цели:

-да ги запознаат правилата на добро однесување во училиштето и да учествуваат во нивното донесување
-да ги запознаат правилата на добро однесување меѓу другарите
-да ги запознаат правилата на добро однесување во јавноста (улица, парк ,културни институции)

Активности на учениците:

-разговор за нормите на добро однесување во училиштето
-разговор за правилата кои секој треба да ги почитува и практикува во своето однесување во јавноста

-правење на листи од страна на учениците кои правила ќе ги почитуваат изработка на кодекс на однесување во училиштето

Материјали и средства: хамер, маркер, практични примери

Форми и методи: насочена дискусија, говорни вежби, презентации, бура на идеи

Оценување: на презентациите, говорните вежби, дијалог

Интегрирање на часовите (9,10,11 и 12час)

Наставни единица (9 час): Бидете коректни и чесни со другарите!

Наставни единица (10 час): Грижете се за себе и другите и помагајте!

Наставни единица (11 час): Бонтон на младите

Наставни единица (12 час): Етички текстови

Цели:

-да ги запознава правилата на добро однесување кон другите луѓе почитување , помагање, неповредување, пристојност

-да ја сфати смислата на бонтонот како научено пристојно и правилно однесување

Активности на учениците:

-Разговор за општи начела на однесување на луѓето -на почитување, помагање, неповредување

-истражување за поздравот и средбата на различни култури (пр. кај Јапонците и Македонците)

-драматизација на ситуација од секојдневниот живот

-разговор за бонтонот кај различни култури

-листи со примери за бонтон

-изработка на постери со слики , изреки златни правила

Материјали и средства: хамер, листови, интернет, слики, маркери

Форми и методи: куси предавања, дијалог, говорни вежби, домашни задачи, истражувања
дијалог

Оценување: оценување на истражувањата, презентациите и говорните вежби

ПРИЛОГ 7

ПЛАНИРАЊЕ НА НАСТАВАТА по наставен предмет

**ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**за осмо одделение од деветгодишно образование**

Учебна година : 2013 / 2014

СТРУКТУРА НА ГЛОБАЛНОТО ПЛАНИРАЊЕ

| Ред. бр. | **НАСТАВНИ ТЕМИ** | **Часови за нови наставни содржини** | **Часови за повторување и утврдување** | **Друг вид на часови** | **Вкупно часови** | **Време на реализациј а** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **ЧОВЕКОТ, ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И ОДГОВОРНОСТИ** | 16 | 3 | 1 | 20 | 01.09.2013<br>31.01.2014 |
| 2. | **ДЕМОКРАТИЈАТА И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО** | 5 | 2 | 1 | 8 | 01.02.2014<br>31.03.2014 |
| 3. | **ЕВРОПСКАТА УНИЈА** | 6 | 1 | 1 | 8 | 01.04.2014<br>31.05.2014 |

ТЕМАТСКО РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ

**Наслов на темата**: Човекот, човековите права и одговорности ( 20 часа)

**Конкретни цели:**

Ученикот/ученичката

- Да разбере дека само човекот може да го разбере и протолкува светот
- да сфати дека луѓето избираат стилови на живот и таа различност треба да се почитува
- да умее да го објасни процесот на настанување на човековите права ( од потребите до човековите права)

- да ги запознае основните човекови права

- да го знае значењето на граѓанските, политичките, социјално-економските, културните права како и важноста од еколошките и развојни права за квалитетен живот

- да се поттикне да ги почитува различните од себе, да ја почитува сопствената и други култури

- да се поттикнува да придонесува за отстранување на стереотипите, предрасудите и секаков вид на дискриминација

- да умее да објасни зошто детските и женските права се специфични

- да развива свест за еднаквоста меѓу мажот и жената

- да ја сфати поврзаноста меѓу правата и одговорностите

- да сфати зошто треба да се почитуваат законите, правилата во заедницата

- да разликува различни видови одговорности ( кон семејството, локална заедница, држава)

- да умее да препознава ситуации во кои се повредени човековите права

- да ги знае начините и институциите за заштита на човековите права

**Структура на тематската целина**

| Ред.бр. | Наставни единици | Бр. на часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1. | Што е тоа што го прави човекот посебен | 2 | 01.09.2013 |
| 2. | Идентитет како човекова посебност | 1 | |
| 3. | Животниот стил како човекова посебност | 2 | |
| 4. | Лични и заеднички вредности | 2 | |
| 5. | Од потребите до човековите права | 1 | |
| 6. | Настанок на човековите права | 2 | |
| 7. | Граѓански и политички права | 1 | |
| 8. | Економски, социјални и културни права | 2 | |
| 9. | Правата на детето | 2 | |
| 10. | Правата на жената | 2 | |
| 11. | Право на различност и борба против дискриминацијата | 1 | |
| 12. | Стереотипи и предрасуди- форми на дискриминација | 2 | 31.01.2014 |
| Вкупно | **12 методски единици** | **20 часа** | |

**Интегрирање на часовите**: 1, 2 и 3/ реализација во 5 часа

**Цели:**

- да ја открие посебноста на човекот
- да сфати дека само човекот може да разбере, протолкува, менува и прилагодува светот
- да сфати дека секој има право да избере животен стил и тоа треба да се почитува

**Активности на учениците:**

- Играње на улоги по однапред утврдени сценарија (откривање на сопствениот идентитет и идентитетот на другите)
- подготвуваат презентации, да ги изложуваат своите мислења

**Средства и материјали:** празни листови хартија, хамер, маркери, цртежи, примери од практиката

**Форми и методи на работа:** кусо предавање, работа во групи, истражување на случај- Кој сум јас ...како другите ме гледаат?, презентации, насочена дискусија

**Оценување:** преку инструменти за проверување на знаењата ( прашања, вежби, тестови на знаења, домашна работа, презентации)

**Интегрирање на часовите**: 3,4 и 5 / реализација во 5 часа

**Цели:**

- да сфати дека вредностите имаат голема улога за животот на човекот

  во заедницата
- да осознае дека задоволувањето на потребите и желбите треба да бидат во согласност со правилата во заедницата
- да сфати дека преку човековите права луѓето не ги задоволуваат своите желби, туку основните потреби кои му обезбедуваат достоен живот

**Активности на учениците:**

- изработување на листи на желби и потреби,
- разговор по одделни делови членови од Универзалната декларација
- читање на делови од литературни дела во кои се обработени различни вредности

**Средства и материјали:** празни листови хартија, хамер, маркери, цртежи, примери од практиката

**Форми и методи на работа:** текст метода, работа во групи, насочена дискусија

**Оценување:** преку прашања, вежби, тестови на знаења, домашна работа, презентации.

**Интегрирање на часовите**: 6, 7 и 8 / реализација во 5 часа

**Цели** :

- да се запознае со основните човекови права
- да ги знае и да умее да го објасни значењето на граѓанските и политичките права и слободи
- да објасни зошто се значајни социјално-економските права во животот на човекот
- да осознае дека еколошките и развојните права се основа за квалитетен живот и напредок на заедницата
- да знае кои се културните права
- да ја воочи поврзаноста и условеноста на правата и одговорностите
- да сфати зошто треба да се почитуваат законите, правилата кои важат во заедницата
- да сфатат дека правата подразбираат одговорност

• да знае какви одговорности имаат граѓаните кон себе, кон локалната заедница, кон државата.

• да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на другите култури

**Активности на учениците:**

• на дадени примери учениците ги идентификуваат граѓанските, социјално- економските, еколошките, развојните и културните права

• прават листа на правата на граѓаните според нивната важност

• дискутираат за примери кога се кршат правата на граѓанинот

**Средства и материјали:** празни листови хартија, хамер, маркери, цртежи, подготвени текстови

**Форми и методи на работа:** текст метода, работа во групи, насочена дискусија, групни презентации, Т - табели

**Оценување:** преку прашања, вежби, тестови на знаења, домашна работа, презентации.

**Интегрирање на часовите**: 9 и 10 час/ реализација во 4 часа

**Цели**:

• да умее да објасни зошто детските права се специфични

• да умее да го објасни значењето на женските права и зошто се наречени специфични права

• да развива свест за еднаквоста на мажот и жената (родова еднаквост) и надминување на секаков вид дискриминација

**Активности на учениците:**

• изработуваат илустрирани картички и постери за детските права

• подготвуваат листи на одговорности кои произлегуваат од правата

• собираат податоци од медиуми за кршење на правата на децата и жената и

анализираат примери за дискриминација врз жената

**Средства и материјали:** празни листови хартија, хамер, маркери, цртежи, подготвени текстови видео записи

**Форми и методи на работа:** текст метода, работа во групи, насочена дискусија, групни презентации, листи, истражување – кршење на правата на детето/жената

**Оценување:**

• преку инструменти за проверување на знаењата ( прашања, вежби, тестови на знаења, домашна работа, презентации)

**Интегрирање на часовите:** 11 и 12 час / реализација во 3 часа

**Цели:**

• да се поттикне на почитување на различните од себе независно од етничката припадност, јазикот, полот, бојата, верата

• да умее да ја почитува и развива сопствената култура и да ги прифаќа вредностите на други култури

• да се поттикнува за отстранување на дискриминацијата, стереотипни размислувања и предрасуди

**Активности на учениците:**

• анализираат различни стилови на живот и дискутираат

• играње улоги за примери на дискриминација и стереотипи

• дискутираат како да се надминат стереотипите

**Средства и материјали:** празни листови хартија, хамер, маркери, цртежи, подготвени текстови, видео записи, фотографии

**Форми и методи на работа:** текст метода, работа во групи, насочена дискусија, групни презентации, дебати, истражување/ верските и културни обичаи кај другите религии

**Оценување:** преку инструменти за проверување на знаењата ( прашања, вежби, тестови на знаења, домашна работа, презентации)

ТЕМАТСКО РАЗВОЈНО ПЛАНИРАЊЕ

**Наслов на темата**: Демократијата и граѓанското општество ( 8 часа)
